Д-р Влатко Пачешкоски

# ПРАКТИКУМ: ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА

Штип, 2021

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

# ПРАКТИКУМ: ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА

**Автор:**

Д-р Влатко Пачешкоски

**НАСЛОВ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА**

# ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА

**Рецензенти:**

Проф. д-р Емилија Митева Кацарски

Проф. д-р Весна Георгиева Свртинов

**Лектор:**

Толе Белчев

**Уредник:**

Влатко Пачешкоски

**Техничко уредување:**

Влатко Пачешкоски

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

Автор

Д-р Влатко Пачешкоски

# ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА

Штип, 2021

**Содржина**


Вовед ........ 8

**1.Генеза на процесот на глобализација** ........ 9

1.1.Глобализацијата наспроти регионализацијата ........ 10

**2.Теоретски концепти за меѓународна трговија** ........ 10

2.1. Меркантилизам ........ 10

2.2.Теорија на апсолутни предности ........ 11

2.3.Теорија на компаративни предности ........ 11

2.4.Хекшер – Олинова теорија ........ 12

2.5.Теорија на меѓународен живот на производот ........ 12

2.6.Теорија на национални конкурентски предности - Портеров дијамант ........ 13

2.1.Инструменти и политики во меѓународната трговија ........ 14

2.1.1.Царините како бариера во меѓународната економија ........ 14

2.1..2. Видови царини ........ 14

2.1.3. Ефекти од царинската заштита врз благосостојбата на економијата со мал национален пазар ........ 15

2.1.4.Ефекти од царините во случајот на економија со голем национален пазар . 16

3.1.4.Влијанието на царините врз извозот и општото ниво на благосостојбата во националната економија ........ 16

3.2.Нецарински бариери ........ 17

3.2.1.Увозни контингенти ........ 17

3.2.2.Ефекти од воведувањето на стоковни контингенти ........ 18

3.2.3.Самоограничување на извозот (доброволна извозна квота) ........ 18

3.2.4.Задолжително користење на домашни компоненти ........ 19

3.3.Субвенции ........ 19

3.4. Економски аргументи во полза на интервенционизмот ........ 20

3.5.Аргументи во прилог на слободната трговија ........ 20

3.6.Стратешка трговска политика на развиените земји ........ 21

3.7.Трговска политика на земјите во развој ........ 22

2.Меѓународна трговска регулатива ........ 23

4.1.Општа спогодба за царини и трговија од 1947 година (General Agreement on Tariffsand Trade – GATT) ........ 23

4.2.Начин на функционирање на ГАТТ ........ 23

4.3.Основни карактеристики и проблеми во меѓународната размена на стоки во времето на функционирањето на ГАТТ ........ 24

4.4.Светска трговска организација (World Trade Organization – WTO) ........ 25

4.4.1.Основни принципи на СТО ........ 25

4.4.2.Поважни мултителарни спогодби во рамките на СТО ........ 25

4.4.3.Мултителарна спогодба за земјоделски производи ........ 26

4.4.4.Мултителарна спогодба за текстил и облека ... 26
4.4.5. Општа спогодба за трговија со услуги ... 27
4.5. Органи на светската трговска организација ... 27
4.6.Меѓународни префернецијални трговски договори ... 28
**3.Регионални економски интеграции** ... 28
5.1.Форми на регионални економски интеграции ... 28
5.2. Ефекти од преференцијалните трговски договори ... 29
6.Основни обележја на современите текови во меѓународната трговија ... 30
6.1.Економската развиеност и учеството на националните економии во меѓународната стоковна размена ... 30
6.2.Пораст и структура на меѓународната стоковна размена во современи услови ... 30
6.3.Меѓународна размена на услуги ... 31
**4. Меѓународно движење на капиталот** ... 31
6.4.1. Меѓународно движење на паричниот капитал ... 32
6.4.2.Меѓународно движење на капиталот во вид на заеми ... 32
6.4.3.Портфолио-вложувања наспроти странски директни инвестиции ... 33
4.Улогата на транснационалните корпорации во меѓународната економија ... 33
7.1.Дефинирање на транснационалните корпорации во современите теоретски концепции ... 33
7.2.Фактори кои го детерминираат успехот на интернационализација на ТНК ... 33
7.3. Транснационалните компании и интернационалното производство ... 34
7.4.Регионална структура на вложувањата во вид на странски директни инвестиции ... 35
7.5.Измени во концепцијата за улогата на ТНК во светскиот развој ... 36
7.6. Меѓународно движење на капитал – трансфер на технологија ... 37
7.7.Меѓународно движење на работната сила ... 38
**5.Девизен курс и девизен пазар** ... 39
8.1.Поим за валута ... 39
8.2. Видови валути ... 40
8.3. Интервалутен курс ... 40
8.4. Определување на интервалутната вредност врз основа на паритетот на куповните сили ... 40
8.5. Определување на интервалутната вредност врз база на заеднички деноминатор ... 41
8.6. Пазарно определување на интервалутната вредност ... 41
8.2. Поим за девизи ... 42
8.2.1. Видови девизи ... 43
8.2.2. Девизен курс – поим и видови ... 43
9.2.1. Поим за девизен курс ... 43
9.2.2. Видови девизен курс ... 44
10. Девизен пазар ... 79

11. Меѓународен монетарен систем........................................................................ 80
11.1. Фази во развојот на меѓународниот монетарен систем ................................... 80
11.2. Карактеристики на металистичкиот меѓународен монетарен систем............... 80
11.3. Чистозлатен стандард и стандард на златни прачки........................................ 81
11.4. Златнодевизен стандард и воведување на системот на хартиена валута........ 81
11.5. Улога на меѓународните финансиски институции во повоениот меѓународенмонетарен систем ....................................................................................... 81
11.5.1. Меѓународен монетарен фонд ..................................................................... 81
11.5.2. Политика на девизниот курс на земјите-членки на ММФ ............................ 82
11.5.3. Меѓународна ликвидност и воведување на специјални права на влечење (СПВ)............................................................................................................... 82
11.5.4. Кредитни линии на ММФ .............................................................................. 82
11.6. Меѓународна банка за обнова и развој (International Bank for Reconstruction and Development – IBRD).............................................................................. 84
12. Меѓународен пазар на капитал........................................................................... 85
12.1. Поим за меѓународен пазар на капитал ............................................................ 85
12.2. Сегменти на меѓународниот пазар на капитал .................................................. 86
12.2.1. Меѓубанкарски пазар на капитал и на депозити........................................... 86
12.2.2. Меѓународниот пазар на доверителски хартии од вредност....................... 86
**12.2.3. Меѓународен пазар на сопственички хартии од вредност .................... 87**
**6. Биланс на плаќања .............................................................................................. 87**
13.1. Поим, дефиниција и концепти на билансот на плаќањата................................ 87
13.2. Шема на билансот на плаќањата........................................................................ 88
13.3. Видови трансакции во билансот на плаќањата ................................................. 89
13.4. Дефинирање на нерамнотежата во билансот на плаќањата............................ 90
13.4.1. Концепти на пресекување на билансот на плаќањата................................. 90
13.4.2. Видови нерамнотежа во билансот на плаќањата......................................... 91
13.4.3. Мултипликаторот на економскиот развој во случајот на затворена еконимија..................................................................................................... 91
13.4.4. Надворешно трговски мултипликатор и случајот на отворена економија... 92
13.5. Теории за врамнотежување на билансот на плаќањата ................................... 92
13.5.1. Класичен (автоматски) механизам на приспособување на билансот на плаќањата.................................................................................................. 93
13.5.2. Доходовно - апсорпционен механизам на приспособување на билансот на плаќањата.................................................................................................. 93
13.5.3. Монетарна теорија на приспособување на билансот на плаќањата........... 94
13.6. Финансирање или приспособување на нерамнотежата во билансот на Плаќањата ................................................................................................... 95
Користена литература ............................................................................................. 96

**Вовед**

Практикумот "Глобална економија" пред се е наменет за студентите од насоката Меѓународна економија на економските факултети. Има за цел да помага на студентите при совладување на содржината за наставните дисциплини како: Глобализација, Меѓународни финансии, Меѓународна трговија, Меѓународен монетарен и трговски систем, Меѓународна економија и други. Исто така, практикумот е корисен и за научните работници за нивни продлабочени истражувања на одделни сегменти од меѓународната економија. Егзистирањето и функционирањето на меѓународните економски односи на принципите на работа и ефектите од постојниот меѓународен монетарен и трговски систем фундирани на основа на проширената репродукција во светската економија. Во таа насока, значењето на темите што се обработуваат во трудот е објективно и корисно.Тргнувајќи оттука во практикумот се истражувани и дава одговор следниве тематски подрачја:

- *процесот на глобализација и регионализација во светската економија;*
- *теоретскте концепции за меѓународната трговија;*
- *инструменти, мерки и регулатива на меѓународната трговија;*
- *регионални интеграции;*
- *основните обележја на современите текови во меѓународната економија;*
- *улогата и значењето на меѓународното движење на капиталот во светската економија;*
- *меѓународни трговски и финансиски институции;*
- *девизен пазар;*
- *девизни курсеви;*
- *меѓународен пазар на капитал;*
- *биланс на плаќање.*

Всушност меѓународните економски односи и текови во светското стопанство пробудуваат голем интерес како во економската теорија исто така и во современата практика. До таквиот интерес се доаѓа поради фактот што состојбите, тековите и предизвиците од меѓународните економски односи имаат големо непосредно значење и влијание врз: човекот како индивидуа; стопанските субјекти; националните стопанства и светската економија.

Предмет на истражување на трудот е конкретната економска активност на меѓународните економски односи , се со цел изнаоѓање на законитостите и принципите на нивно функционирање и развиток. Притоа основна задача е проучување и анализирање на односите помеѓу резултатите и ефектите од овие односи врз националните стопанства како основен субјект во меѓународните економски текови. во процесот на светската репродукција.

Секако секој труд што претендира совесно и одговорно да ги остварува процесите и проблемите на егзистирање и функционирање на меѓународните економски однос преставува придонес за развојот на економската мисла.

## 1.Генеза на процесот на глобализација

Во глобала постојат два начини на поврзување на луѓето во древниот свет и тоа: 1) преку завојувачките војни и 2) трговијата.[1] Преку војните се освојувале нови територии и робови, а со трговијата се создавала одредена меѓузависност на економиите кои вршеле размена на различни употребни вредности. Сепак древните цивилизации драстично се разликувале едни од други. Меѓутоа развитокот на комуникациите и транспортните средства доведуваат до намалување на овие разлики (особено на културните).Процесот на поврзување, се поголемата унификација и меѓузависност на светот, се нарекува *глобализација*. Овој процес е основна карактеристика на современиот свет по којашто тој денес суштински се разликува, од се она што постоело во минатото. Процесот на глобализација како основна карактеристика на современиот свет, паралелно со индустриализацијата којашто започнува на крајот од XVII и почетокот на XVIII век, како во економската литература исто така и во емпиријата се почесто почнува да станува збор и да се имплементира процесот *интернационализација на производството*. Интернационализацијата на производството подразбира дека се поголем дел од националното производство на големите индустриски сили се разменува на меѓународниот пазар. Всушност, глобализацијата како процес на зголемување на меѓузависноста и интегрираноста на светот има два основни составни делови, и тоа:[2]

1. *глобализација на производството* – тенденција на искористување на предностите од националните разлики во поглед на трошоците и квалитетот на факторите на производство преку црпење на стоки и услуги од локации распространети по целата земјина топка. Вака компаниите ги минимизираат своите трошоци и го зголемуваат квалитетот на својот производ со што ја зголемуваат својата конкурентност на пазарот. Ова првпат стана можно по втората светска војна преку воспоставувањето и формирањето на ГАТТ.
2. *глобализација на пазарите* – спојување на историски различни и одвоени национални пазари во еден голем глобален пазар. Сепак глобализацијата на пазарите има одредени ограничувања кои произлегуваат од значајните разлики помеѓу различни национални пазари.

Како спој на разликите меѓу различни национални пазари најчесто се појавуваат транснационалните компании. *Транснационалните компании* се компании кои имаат седиште во една национална економија која ја сметаат за матична, односно тоа е економијата од која потекнуваат, а производството и сите други економски активности ги организираат во различни национални економии во светот преку отварување на супсидијарни фирми, односно афилијации. ТНК во развиените земји во глобала извршуваат дејности во услугите, а во неразвиените земји во индустриското производство. Тие дејствуваат на начин што овозможува да се надминат поставените бариери во меѓународната трговија, со што:[3]

1. го поттикнуваат порастот на обемот на вкупната меѓународна размена на стоки и услуги;
2. придонесуваат за отворање на нови работни места и за намалување на стапката на невработеност во помалку развиените земји;
3. имаат клучна улога како носители на меѓународното движење на технологијата и се носители на научно истражувачка работа во светот;
4. преку вложувањата во вид на странски директни инвестиции, претставуваат и еден од најзначајните извори на дополнителни финансиски средства во меѓународни рамки.

---
[1] http://ase.tufts.edu/gdae/?gclid=CK3ApfTC8M4CFdQ_GwodNPwPTQ
[2] http://www.globalization101.org/uploads/File/IMF/imfall.pdf
[3] http://www.businessdictionary.com/definition/transnational-company.html

### *1.1.Глобализацијата наспроти регионализацијата*

Во периодот до Втората светска војна светот беше поделен на центар (индустриските земји или развиените западни економии) и периферија (неразвиени економии и земји во развој). Периферијата ги обезбедуваше основните суровини и енергијата потребна за индустриско производство кое беше верифицирано во центарот. Во овој период предмет на размена, освен стоките и услугите, е и капиталот во парична форма и тоа во правец од центарот кон периферијата. Сега светот не е поделен на центар и периферија, туку претставува мозаик на нееднаквости во постојано менување.[4] Во процесот на постојано менување веќе на најразвиените земји им претставува потешкотија да се одржат во постојаната борба на конкуренција и поради тоа тие решија да се обединат врз основа на регионални принципи, согледувајќи дека на овој начин полесно ќе опстанат т.е ќе егзистираат и функционираат во морето на измени.

Како резултат на процесот на регионално интегрирање, во светската економија се издвојуваат групи на економии, односно регионални блокови, што го диктираат темпото и правецот на економскиот развој. Имено глобалната економија доби мултиполарни карактеристики, а во неа доминираат три јасно издиференцирани регионални блокови познати под терминот тријада(тројство), тие се:

1.земјите од Северна Америка регионално интегрирани во т.н. Северноамериканска зона на слободна трговија (НАФТА);

2. земјите од Западна Европа, регионално интегрирани во рамките на Европската Унија;

3. земјите од Југоисточна Азија со центар во Јапонија

Според ова, денес прашањето дали една земја ќе се најде во центарот или во периферијата на меѓународната економија зависи од тоа дали земјата ќе најде начин да се приклучи кон некој од регионите или ќе биде отфрлена и со тоа маргинализирана. Некои автори сметаат дека регионалното интегрирање е првата скала во процесот на целосно, глобално интегрирање во светот. Имено, тоа што денес го прават националните економии во процесот на регионализацијата утре ќе мора да го прават обединетите регионални интеграции во процесот на светска глобализација. Но, еден дел од авторите се на мислење дека регионализацијата се јавува како спротивен процес на глобализацијата. Тие тврдат дека регионалните интеграции се претвораат во тврдини во поглед на останатиот свет и со употреба на изразено протекционистички мерки и отворена трговска дискриминација кон трети земји и региони, се обидуваат економските врски со други земји да ги сведат на минимум.

## 2.Теоретски концепти за меѓународна трговија

### *2.1. Меркантилизам*

Меркантилизмот доминирал на преминот од XV до XVI век и трае се до почетокот на XIX век. Меркантилистичките теории говорат дека изворот на материјалното богатство во светот се наоѓа во трговијата, пред се во меѓународната трговија. Ваквите размислувања потекнуваат од брзиот развој на бродоградбата и прекуокеанската пловидба, што доведува до откривање и на нови континенти.[5] Меркантилистите сметале дека благосостојбата на една национална економија, зависи од количеството благородни метали, пред се злато, со кои таа располага. Доколку земјата не располага со наоѓалишта на благородни метали на својата

[4] http://www.imf.org/external/pubs/ft/wp/2013/wp1319.pdf
[5] http://www.econlib.org/library/Enc/Mercantilism.html

територија, тогаш таа ќе може да го зголемува своето национално богатство само доколку го поттикнува извозот и истовремено го ограничува увозот на стоки и услуги.

Националните економии во времето на меркантилизмот применувале различни увозни рестрикции за реализирање на извозно ориентираната политика. Многу често како инструмент на ограничување на увозот биле употребувани царината, стоковните контингенти, увозните забрани, а се применувала и контрола на плаќањата. Едновремено се вршело субвенционирање на извозот. Заштитната политика доаѓала особено до израз кај младите индустрии.

Извозот на производи со висок степен на обработка се стимулирал, а се ограничувал извозот на суровини, на капитал и на квалификувана работна сила.

Меркантилистичката теорија може да се критикува од повеќе аспекти, но особено се важни следниве:[6]

1. концепцијата на меркантилизмот има сосем погрешна излезна точка – тврдењето дека материјалното богатство произлегува од трговијата;

2. доколку сите земји се однесуваат според меркантилистичкиот концепт, тогаш во светот ќе има само извозници, а нема да има увозници на стоки, што практично е невозможно.

### *2.2.Теорија на апсолутни предности*

Творец на оваа теорија е *Адам Смит*. Тој сметал дека обемот, структурата и правците на надворешнотрговската размена не треба да бидат управувани од страна на владата и нејзините институции, туку од страна на пазарните сили. Имено, тој сметал дека секоја нација поседува определени предности за некои типови на производи, додека за некои други видови производи не поседува никакви предности. Затоа секоја нација треба да се специјализира за оној вид на производство каде поседува определени предности.[7] Предностите на нациите се определуваат според постигнатиот степен на продуктивност во одделните производни дејности. Кажувајќи го ова, Смит тврди дека креатор на новата вредност и на материјалното богатство е живиот труд.

Специјализацијата, според апсолутните предности во производството, овозможува пораст на вкупното производство. Всушност, со специјализацијата на производството, што неминовно води до развој на меѓународната трговија, доаѓа до изедначување на цените на производите што учествуваат во размената кај секоја од земјите-учесници во неа.

### *2.3.Теорија на компаративни предности*

Специјализацијата на националните економии според апсолутните предности во продуктивноста и нивното активно вклучување во меѓународната размена создава повеќе предности во секоја од вклучените земји, како и за меѓународната заедница во целина. Ова е така затоа што специјализацијата води кон тоа секоја национална економија да ги ангажира своите ресурси на најефикасен начин, со што се крева нивото на постигнатата продуктивност во меѓународни размери, а со тоа подобро се задоволуваат одделните потреби на светската популација и расте нејзиниот животен стандард. Меѓутоа, што би се случило кога некоја национална економија би постигнала толку висок степен на економски развој што би успеала да оствари апсолутна предности во продуктивноста во сите видови производство? Дали оваа економија би зела учество во меѓународната размена и како би се извршила специјализацијата на производството во овој случај?

---

[6] http://www.powershow.com/view/de105-NTU3M/Mercantilism_powerpoint_ppt_presentation

[7] http://www.doc88.com/p-770445555521.html

Одговорот на ова прашање го дала економистот *Дејвид Рикардо*. Според него во ваков случај треба да се земат во предвид *компаративните предности*[8] што ги има една земја од друга. Ова би довело до поголема продуктивност и до намалување на цената на производите на меѓународниот пазар.

### *2.4.Хекшер – Олинова теорија*

Основата на оваа теорија лежи во Рикардовата теорија на компаративните предности. Хекшер- Олиновата теорија ја застапува тезата според која меѓународните и регионалните разлики во производните трошоци произлегуваат од разликата во снабденоста со одделните фактори на производство на дадените територии. Затоа секоја земја треба да се специјализира за оние видови производства за кои поседува изобилство од потребните фактори на производство.Големата понуда на определен фактор на производство доведува до намалување на износот на неговата цена на домашниот пазар, што директно влијае врз намалување на производните трошоци, односно врз цената на чинењето на готовиот производ.[9]
Самите автори биле свесни за релативноста на теоријата што ја застапувале:

1. главна претпоставка на теоријата била дека цената на факторите зависи исклучиво од нивното изобилство во дадена земја (понуда и побарувачка). Но во реалноста пазарите не се перфектни и на цените влијаат и многу други сили;
2. втора важна претпоставка е универзалната достапност на определена технологија. Во практиката секогаш е потребно да помине определен временски период од појавата на нов производ до општото прифаќање на технологијата со која тој е произведен;
3. оваа теорија запоставува одредени фактори кои можат да бидат пресудни врз одлуката дали да се тргува со производот или не. Такви се: транспортните трошоци, вкусовите на потрошувачите.

### *2.5.Теорија на меѓународен живот на производот*

Теоријата на меѓународниот животен циклус на производот настојува да ја објасни меѓународната размена во зависност од брзината на воведувањето на иновациите во производниот процес. Автор на оваа теорија е економистот *Вернон* кој смета дека секој производ има свој животен циклус што го сочинуваат четири одделни фази:[10]

1. извоз на производот од матичната земја – веднаш штом ќе пристигне информација за новиот производ до потрошувачите во странство, ако тие сакаат да го имаат производот, мораат да го порачуваат од странската фирма што го пронашла. Со тоа започнува извозот на производот од неговата матична земја;
2. почеток на производството на производот во странство – оваа фаза настапува откако производот станува познат на меѓународниот пазар, а неговиот извоз од матичната економија доживува интензивен пораст.
3. појава на конкуренција на пазарот од фирми од странство што успеале да го освојат новото производство – оваа фаза настапува во оној момент кога фирмите во странство успеваат до толку да го усовршат производството што доаѓа до намалување на производните трошоци.
4. увозна конкуренција во татковината на производот – настанокот на оваа фаза е знак за матичните фирми да почнат да напуштаат овој вид производство и да се ориентираат кон производство на нови видови производи

---

[8] http://www.econlib.org/library/Enc/bios/Ricardo.html
[9] http://www.investopedia.com/terms/h/heckscherohlin-model.asp
[10] http://unctad.org/en/docs/iteiitv1n1a6_en.pdf

### *2.6.Теорија на национални конкурентски предности - Портеров дијамант*

*Мајкл Портер* е првиот економист кој јасно го истакнува фактот дека нациите не се оние што настапуваат на странските пазари. Директни учесници во меѓународната размена, односно вистински конкуренти, се фирмите што израснуваат во рамките на конкретна национална економија. Според ова, за активно да се учествува во меѓународната размена не се важни компаративните предности на одредена национална економија, туку се важни конкурентските способности на националните компании, што им обезбедуваат пробив на определен странски пазар. Портер прави разлика меѓу факторите што треба да бидат исполнети за една компанија да биде конкурентна на пазарите на сопствената национална економија и факторите што треба да се исполнат за да направи меѓународна конкурентност.[11]

За да може компанијата успешно да функционира на домашниот пазар, таа треба да поседува две основни предности:

1. да поседува способност да дизајнира, произведе и дистрибуира определен производ *поефикасно (со пониски трошоци)* од нејзините конкуренти

2. да поседува способност да обезбеди уникатна и супериорна вредност за купувачот во смисла на квалитет, посебни карактеристики или сервисни услуги за дадениот производ. Ова всушност претставува *способност за диференцијација*. Двете основни предности за обезбедување на конкурентност на домашниот пазар фирмата ќе ги обезбеди доколку:

1. изобилува со средства за пронаоѓање на нови технологии;
2. навремено открива нови или изменети приоритети кај потрошувачите;
3. успешно и навремено со вклопува во ново појавените индустриски сегменти;
4. дали е способна да се приспособи кон измените на државната регулатива.

Меѓутоа овие предности не се доволни за да може да се конкурира и на странските пазари. Во ваков случај, освен сите горенаведени предности, потребно е да се направат и два стратешки избора:

1. за секоја активност во синџирот на вредности да се определи каде и во колку национални економии ќе се произведува, односно треба да се оформи определена конфигурација на активностите на фирмата;

2. да се определи начинот на кој ќе се управува со дисперзираните активности што ќе се изведуваат во повеќе нации, односно да се утврди координацијата. Формирањето на глобална конфигурација подразбира издвојување на оние активности кај кои ефективноста во работењето се постигнува доколку се оствари економија од обем.

Портер определува четири детерминанти на националните предности во современи услови, што се од особена важност за поттикнување на развојот на националните фирми кои ќе бидат конкурентни од меѓународен аспект:[12]

1. снабденост на домашниот пазар на националната економија со фактори за производство неопходни за организирање на соодветниот вид производство и за конкурирање во определена индустрија;

2. домашната побарувачка за производи и услуги од дадена индустрија;

3. определување на присуството или отсуството на индустрии – снабдувачи и сродни индустрии со индустријата во која треба да се воспостави новиот производствен капацитет;

4. при воспоставување на нова фирма од определено индустриско производство на домашниот пазар мора да се води сметка за постоечкото производство во дадената гранка, односно за конкуренцијата.

---

[11] http://www.investopedia.com/terms/p/porter-diamond.asp
[12] http://www.jbdon.com/porters-national-competitive-advantage-model.html

Според тоа, стратегијата на фирмата ќе зависи од постоечката пазарна структура и ривалство во четирите неопходни предности за воспоставување на фирма на домашниот пазар Портер шематски ги прикажува, при што добива структура што самиот ја нарекува <u>*дијамант на национални предности*</u>.[13] Портер ја унапредува Хекшер-Олиновата теорија со тоа што факторите за производство ги дели на две основни групи: природно дадени и создадени. Според него за развојот на определени индустрии поголемо значење имаат вториот вид фактори за производство. Според него нациите стекнуваат конкурентски предности онаму каде што нивниот национален дијамант е најповолен. Интеракциските врски меѓу секоја детерминанта се со повратна спрега и сочинуваат систем со внатрешно засилување. Интеракциските врски се формираат околу т.н. гроздови во националниот дијамант и можат да видат директни и индиректни. Гроздовите, пак, може да ги формира само една индустриска дејност или група индустриски дејности. Внатрешното засилување во дијамантот подразбира дека предноста што постои или може да се стекне кај една од детерминантите може да ја поттикне појавата на предности кај другите детерминанти.

Портеровата теорија е првата која го застапува стојалиштето дека нацијата, за да обезбеди адекватно место во меѓународната размена, не може да избира дали ќе настапува со класичен извоз или со извоз на капитал во вид на странски директни инвестиции. Напротив, таа мора да настапува со обата вида економски трансакции за воопшто да успее да се вклопи во меѓународната поделба на трудот.

## 3.Инструменти и политики во меѓународната трговија

Интервенционите мерки и инструменти, што најчесто се употребуваат и од развиените и од помалку разиените земји, во современата економија се:[14]

<u>*1. Царини*</u>
<u>*2. Увозни квоти и доброволно ограничување на извозот*</u>
<u>*3. Субвенции*</u>
<u>*4. Нетрговски бариери*</u>
<u>*5. Административни политики*</u>

### *3.1.Царините како бариера во меѓународната економија*

#### *3.1.1. Видови царини*

Царините преставуваат јавна давачка што се наплатува при преминот на стоките од едно во друго царинско подрачје. Царините можат да бидат:

<u>*Увозни*</u> – царинските бариери се поставуваат при увозот на стоки. Имаат за цел покачување на цената на увозните стоки за тие да станат поскапи во однос на домашните и со тоа да ја изгубат конкурентската предност на пазарот на економијата во која се внесуваат. Основна функција на увозните царини е обезбедување заштита на домашните индустрии од странска конкуренција.

<u>*Извозни*</u> – царинските давачки се наметнати при извозот на одредени стоки од националната економија.Тие се наплатуваат во исклучителни случаи, за да се спречи или да се дестимулира извозот на определени стратешки добра со кои земјата не располага во доволна мера, но можно е да бидат воведени и од други причини.
Царините можат да се пресметуваат на два начина:

[13] http://www.mbaknol.com/international-business/national-competitive-advantage-theory-of-international-trade/
[14] http://conveylive.com/a/Trade_Policy_Instruments

*1. Ad valorem* – се пресметуваат како процент од вредноста (цената) на увезената стока, користејќи ја царинската стапка определена со царинскиот закон и царинската тарифа за дадената национална економија.

*2. Специфични царини* – се пресметуваат како паушал зависно од количеството на определен вид стока што влегува на територијата на дадена земја. Овој вид царини има еден голем недостаток, а тоа е не водење сметка за квалитетот на увезената стока

Постојат и т.н*. комбинирани царини***.** Кај нив еден дел од царинската давачка се пресметува и наплатува по ad valorem методот, а еден дел во вид на специфична царина. Царинските стапки што се прикажани во царинската тарифа на царинскиот закон на една земја претставуваат т.н. *номинална царинска заштита***.** Номиналните царински стапки не даваат секогаш реална слика за големината на царинската заштита во една економија. Многу пореална слика за нивото на заштитата што се обезбедува за домашните индустрии се стекнува доколку се пресметаат т.н. *ефективни царински стапки.* Ефективната царинска заштита не ги зема во предвид царините што треба да се платат при увозот на компонентите туку таа ги зема предвид само царините што се однесуваат на новосоздадената вредност во националната економија. Развиените земји применуваат многу ниски царински стапки при увозот на интермедијарни стоки, но затоа имаат високи номинални царински стапки кај финалните производи. Така, во развиените земји се постигнува ефектот на многу висока ефективна царинска заштита. Во економската литература оваа појава е позната под името *царинска ескалација***.** Царинската ескалација не само што ја попречува слободната размена на стоки во меѓународната економија туку има исключително негативно влијание врз порастот на извозот на производи со повисок степен на обработка од помалку развиените во развиените економии.

### *3.1.2. Ефекти од царинската заштита врз благосостојбата на економијата со мал национален пазар*

Малите економии обично немаат доволен економски потенцијал за да можат суштински да влијаат врз обемот на светската понуда или врз светската потрошувачка. Затоа тие мораат да се приспособуваат кон условите и цените што ги диктира меѓународниот пазар. Ограничувањето на слободната конкуренција и надворешно трговската размена со воведување на царински бариери во малите економии доведува до нарушување на рамнотежата меѓу понудата и побарувачката што важеше во услови на слободна конкуренција. Сега точката на рамнотежа ќе се воспостави на ново, повисоко ниво, што значи покачување на цените на производите на домашниот пазар. Воведувањето на царини во економија со мал национален пазар предизвикува појава на четири ефекти, и тоа:[15]

*1. ефект на доход* – пораст на приходите во буџетската каса. Овој ефект претставува прелевање на потрошувачкиот вишок од приватната во јавната сфера. Овој ефект не претставува намалување (загуба) на националната благосостојба;

*2. ефект на прераспределба* – прелевање на доходот од сферата на потрошувачката во производната сфера во една економија. Овој ефект не претставува намалување (загуба) на националната благосостојба;

*3. ефект на потрошувачка* – царините влијаат врз намалување на потрошувачката на производите за кои се воведени. Ова претставува вистинска загуба за националната економија;

*4. ефект на заштита* – го изразува нивото на загуба на националната економија што произлегува од ангажирањето на нејзините ресурси во производство кои не постигнале соодветно ниво на продуктивност, па затоа не можат да ја издржат странската конкуренција. Со други зборови, царинската заштита ќе создаде

[15] http://economics.about.com/cs/taxpolicy/a/tariffs.htm

поместувања во стопанската структура на земјата од поефикасни во понеефикасно производство. Кога ќе се изврши споредување на ефектот на доход и ефектот на прераспределба, од една страна, со ефектот на заштита и ефектот на потрошувачка, од друга страна, се добива т.н*. нето-загуба за националната економија*. Практиката покажува дека за економија со мал национален пазар овој нето-ефект е секогаш крајно неповолен затоа што приливот на средства во буџетската каса и позитивните ефекти од работењето на заштитените индустрии никогаш не можат да ги покријат негативните ефекти од несоодветната алокација на стопанските ресурси.

Од сето ова може да се заклучи дека царинските бариери во меѓународната размена во случајот не економија со мал национален пазар влијаат негативно на општото ниво на нејзината благосостојба.

### *3.1.3.Ефекти од царините во случајот на економија со голем национален пазар*

Економиите со голем национален пазар можат да остварат големо влијание врз вкупниот обем на побарувачка во меѓународни размери, па оттука тие имаат и влијание и врз нивото на светската цена на производите. Според тоа, кога една голема национална економија остварува влијание врз вкупниот обем на побарувачка на одреден производ во светски размери преку воведување на увозни царини за тој производ, таа може да оствари влијание и врз светската цена за истиот производ. Воведување на увозната царина ќе ги предизвика истите ефекти (доход, прераспределба, потрошувачка и заштита) на локално ниво како и во примерот на мала национална економија. Но, во случајот на земја со голем национален пазар со воведувањето на царини се остваруваат два нови ефекти што не се јавуваа во случајот на економија со мал национален пазар. Тие ефекти се:[16]

*1. ефект на домашна добивка* – настанува како последица на прелевање на добивката од странските производители во рацете на домашните потрошувачи. Царини →повисоки цени→помала потрошувачка→помала потрошувачка на светски размери→намалување на нивото на светската цена→намалување на нивото на цената во националната економија на странски производители→потрошувачки вишок за потрошувачите на националната економија.

*2. ефект на подобрување на условите на размена*. Можеме да заклучиме дека големите економии можат да остварат зголемување на општата благосостојба во својата економија по пат на воведување царински бариери во меѓународната размена во одредени случаи.

### *3.1.4.Влијанието на царините врз извозот и општото ниво на благосостојбата во националната економија*

Примената на протекционистички мерки и дискриминаторски однос кон странските трговски партнери на долг рок секогаш создава негативен ефект врз вкупниот обем на извозот, па во догледно време, земјата ќе се соочи со проблемот на намалување на вкупниот извоз. Искуствата од практиката потврдуваат дека царините го детерминираат извозот, и тоа најмалку на три начини:[17]

1. извозниците многу често употребуваат увозни инпути кои подлежат на режимот на царини. Царините ги поскапуваат инпутите и доаѓа до пораст на производните трошоци на индустриите што се јавуваат како носители на извозот;

2. царините ги поскапуваат трошоците на живот во националната економија;

---

[16] https://www.kansascityfed.org/PUBLICAT/ECONREV/pdf/2q07edmi.pdf
[17] http://www.epi.org/publication/states-education-productivity-growth-foundations/

3. високата царинска заштита на долг рок секогаш предизвикува определена реакција кај меѓународната заедница. Царини→намалување на приходот на странските извозници→намалување на девизни приливи на странските нации→намалување на увоз на странските нации→намалување на побарувачката на стоките што доаѓаат од земјата што наметнала царини→намалено производство и вработеност во извозно ориентираните индустрии.

Царинската заштита секогаш ја бараат оние индустрии кај кои технологијата застарела, а со тоа тие веќе одамна ги загубиле своите конкурентски предности при настапот на пазарите во странство. Ползата од воведените царини е на страната на производителите за кои се наменети. Преку царините се остварува и одреден ефект за државниот буџет. Имено, со царините можат да се остварат и определени фискални ефекти. Крајниот товар на прекумерната заштита на крајот ја плаќаат потрошувачите, кои за производите што ги купуваат на домашниот пазар мораат да платат повеќе отколку што би платиле кога би ги набавувале на меѓународниот пазар.

### *3.2.Нецарински бариери*

Постојат неколку причини за појавата не тенденцијата на зголемување на употребата на нецарински бариери во однос на царинските:[18]

1. Фактот што основните правила на ГАТТ не се однесувале на нецаринските бариери во меѓународната трговија, што значи дека оваа сфера не била регулирана со оваа мултилатерална спогодба;

2. Нецаринските бариери во трговијата претставуваат далеку порестриктивен инструмент од царинската заштита. Тие можат да доведат до спречување на влезот на производите од странство на домашниот пазар

3. Нецаринските бариери се далеку посуптилни и потешко забележливи инструменти од царинската заштита, па затоа се многу поомилени во политичките кругови. Меѓу најважните нецарински инструменти се вбројуваат: увозни контингенти, самоограничување на извозот, мерки на задолжителна употреба на домашни компоненти, субвенции и нетрговски бариери.

#### *3.2.1.Увозни контингенти*

За разлика од царините, контингентите не влијаат на цената , туку на количината на увезуваниот производ. Со воведувањето на режимот на контингенти се определува вкупното количество од некој производ што може да се увози од странство во определен временски период, најчесто една година.[19]

Контингентите можат да бидат:

1. глобални – со нив се дефинира само обемот на увозот што се дозволува во текот на една година за определена група производи. Тие не определуваат кој и од каде ќе го врши увозот;

2. насочени – со нив, освен количеството на стоки што се дозволува да се увезат, се определуваат и носителите на увозот, како и земјите со кои се тргува.

Увозните контингенти се воведуваат врз унитарен принцип, што значи дека секоја земја ги воведува автономно, зависно од потребите на сопственото стопанство, без претходно да се договара или да преговара со меѓународната заедница. Основна причина за воведување на контингентите е заштитата на домашното производство и нивото на домашна вработеност, но многу често овој инструмент може да се искористи за намалување на дефицитот во билансот на плаќање на земјата.

---

[18] https://www.wto.org/english/thewto_e/whatis_e/tif_e/agrm9_e.htm
[19] http://www.collinsdictionary.com/dictionary/english/tariff-barriers

### *3.2.2.Ефекти од воведувањето на стоковни контингенти*

Иако контингентите не влијаат директно врз цената на увезениот производ, тие на крајот сепак доведуваат до покачување на цената на производот на националниот пазар на земјата што ги воведува. Тие не претставуваат дополнителен извор на средства на владата. Нивното воведување секогаш оди во прилог на производителите од индустриите што се заштитени со овој интервенционистички инструмент. Разликата во цената што би се постигнала кога увозот во земјата би бил слободен и цената што се постигнува при воведување на увозниот контингент во економската теорија се нарекува контингентска рента.[20]

Контингентската рента најчесто оди во рацете на домашните увозници кои можат да се организираат и заеднички да настапуваат во однос на странските партнери од кои ги набавуваат стоките што подлежат на режимот на контингенти. Меѓутоа, во практиката е можно да се случи и спротивното – извозниците во странство да организираат и да ги покачат цените на своите производи за увозниците од земјата што го вовеле режимот на контингенти.

Доколку режимот на контингенти се комбинира со режимот на увозни дозволи што владата на една земја ги распределува по пат на јавно наддавање, тогаш контингентската рента се прелева во рацете на владата. Царините се многу помалку флексибилен инструмент од контингентите.

### *3.2.3.Самоограничување на извозот (доброволна извозна квота)*

Инструментот на самоограничување на извозот припаѓа на групата инструменти со кои по  пат на спогодба се врши поделба на пазарот помеѓу домашните претпријатија и странските трговски партнери (врз билатерална основа). Овој вид ограничување ги воведуваат извозниците. Со него странскиот партнер се обврзува дека нема да извезува повеќе од договореното количество производи на годишно ниво на пазарот на трговскиот партнер со кој што се договара за воведување на овој инструмент. Самоограничувањето на извозот се наметнува само на најзначајниот извозник (извозници( за даден вид производ. Оттука следува дека помалите извозници можат да бидат поттикнати на зголемување на извозот во конкретната национална економија. На овој начин може да се оствари ефект на пренасочување на трговијата од едни кон други странски трговски партнери. Странските партнери се согласуваат на употребата на овој инструмент затоа што, во спротивно, нивниот извоз во странство би можел да биде ограничен со примена на далеку порестриктивни мерки со унилатерален карактер (царини и стоковни контингенти), што би можело да го ограничи нивниот извоз на уште пониско ниво. Исто така со прифаќањето на договорената квота најголемиот дел од добивката што ќе биде овозможена со нејзино воведување му припаѓа на извозникот.

Искуствата од практиката потврдуваат дека употребата на овој инструмент на долг рок предизвикува појава на ред негативни ефекти: доведува до не поклопување на понудата и побарувачката на домашниот пазар; цената на производот во национални рамки расте→ангажирање на дополнителната акумулација во неефикасни производства→деформирање на стопанската структура на земјата.[21]

---

[20] https://www.researchgate.net/publication/241751876_Institutionalized_Metzler_Effects_Tariff-Rate_Quota_Liberalization_in_a_Supply-Managed_Industry
[21] https://muse.jhu.edu/article/576272/pdf

Примената на овој инструмент, исто така, носи далеку повисоки трошоци отколку примената на другите трговски бариери.

### *3.2.4. Задолжително користење на домашни компоненти*

Инструментот задолжително користење на домашни компоненти ги обврзува локалните производители да употребуваат домашни ресурси во своето производство. Овој инструмент има за цел да го поттикне домашното производство и да го намали увозот од странство. Од аспект на домашните производители на делови, овој инструмент дава ист ефект како и увозната квота. Меѓутоа, од аспект на домашните потрошувачи на делови,тој обезбедува поинакви ефекти. Тој не го ограничува стриктно увозот на компоненти од странство. Напротив, овој инструмент дозволува поголем увоз на ресурси однадвор, но само доколку истовремено се зголемува и потрошувачката на домашно произведените сегменти. Според тоа, цената на чинење на финалниот производ ќе претставува просек од цената на употребените странски и домашни делови**.**

При употребата на задолжително користење на домашни компоненти не постои прилив на приходи во државата каса и не се појавува можноста за остварување на контингентска рента. Овде доаѓа до едноставно пренесување на просечената цена на готовите производи врз нивните потрошувачи.

### *3.3. Субвенции*

Субвенциите претставуваат надворешно трговски инструмент со кој се обезбедува зголемување на конкурентските предности на домашните индустрии при нивниот настап на домашен или на странски пазар.[22]

Субвенциите можат да се поделат на:

*1. директни* – претставуваат исплаќање на определен паричен надоместок на производителот од државната каса за секој остварен извоз на дадениот вид производи во странство. Целта на овие субвенции е намалување на трошоците на производителите што би овозможило намалување на цените и остварување на поголема конкурентност на странскиот пазар. Директните субвенции се покажаа како многу штетни па затоа беа забранети уште во времето на функционирање на ГАТТ.

*2. индиректни* – се остваруваат по пат на одобрување на разни даночни ослободувања; заеми со мошне ниски камати или без камати и со поволни услови за враќање; специјални транспортни и осигурителни аранжмани.

Зависно од тоа дали треба да се зголеми конкурентската моќ на домашните производи во однос на увозните на домашниот пазар, или треба да се зголемат конкурентските предности на извезените производи во странство, субвенциите можат да се поделат на:[23]

*1. домашни* – им го зголемуваат производствениот вишок на домашните индустрии. Со ниво одобрување кај домашните производители се создава впечаток дека тие остваруваат поголема заработувачка доколку го зголемат своето производство и продажбите на домашниот пазар. Притоа цените на производите на домашниот пазар нема да се покачат, туку дел од трошоците паѓаат на државниот буџет→држење на цените на цените на ниско ниво→намалување на обемот на увезуваните стоки. Предност пред другите трговски бариери, субвенциите, остваруваат преку фактот што тие не водат до намалување на потрошувачкиот вишок со што остваруваат помали негативни ефекти во однос на националната економија.

[22] http://mygeologypage.ucdavis.edu/cowen/~GEL115/115ch8.html
[23] https://www.wto.org/english/res_e/booksp_e/anrep_e/wtr06-2c_e.pdf

*2. извозни* – се остваруваат по пат на одобрување на различни даночни олеснувања или ослободувања на фирмите што се јавуваат како извозници во странство или преку одобрување на поволни извозни кредити.

Извозните субвенции обезбедуваат остварување на два ефекта:

a) ефект врз условите на размена;

b) ефект врз приходот остварен од извоз;

За извозното субвенционирање можат да се најдат повеќе различни оправдувања, како, на пример: зголемување на девизниот прилив и подобрување на платно билансните позиции; субвенционираните индустрии можат полесно да остварат економија од обем и да ја зголемат ефикасноста на своето работење; зголемување на обемот на вработената работна сила во земјата; кредитните извозни субвенции можат да ја олеснат неповолната состојба на билансот на плаќањата на помалку развиените земји кога тие вршат размена на стоки со развиените земји.

Како и да е, секогаш мора да се има во предвид дека извозното субвенционирање секогаш паѓа на товар на домашните потрошувачи, го намалува нивниот потрошувачки вишок и им го зголемува даночното оптоварување. Инсистирањето на субвенционирање од страна на развиените земји, пред се, е условувано од желбата да се постигнат лидерски предности индустриите кои тукушто се појавуваат.

### *3.4. Економски аргументи во полза на интервенционизмот*

Заштита на домашниот пазар и производство од странска конкуренција и во современи услови се оправдува со постоењето на две економски причини:[24]

1.заштита на младите индустрии од притисокот на странската конкуренција;

2. обезбедување на поддршка на стратешките индустрии;

Економските причини за интервенционализам ги надополнуваат политичките. Тие се:

1. заштита на работните места во постоечките производства;
2. заштита на индустриите важни за националната економија;
3. создавање можности за полесен пробив на неосвоените пазари

### *3.5.Аргументи во прилог на слободната трговија*

Искуствата од практиката потврдуваат дека протекционистичките мерки често пати не ги даваат саканите ефекти во националната економија. Без оглед на причините заради кои биле воведени, при нивната примена најчесто се јавуваат следниве проблеми:

1. протекционистичките мерки не придонесуваат за развој и унапредување на извозните можности на т.н. млади индустрии;

2. неефикасноста на протекционистичките мерки се должи на проблемите поврзани со определувањето на висината, времетраењето и селективноста на индустриите во кои се применува зголемената заштита. Така, недоволната заштита може да не го отстрани конкурентскиот притисок врз младата индустрија и таа нема да може да заживее. Преголемата заштита, пак, нема да дозволи развивање на извозно ориентираната и конкурентно способна индустрија;

3. еднаш воведената заштита покажува тенденција да се задржи во системот, иако за неа реално веќе не постои вистинска потреба.

Степенот на либерализација на надворешно трговската размена не зависи толку од големината на земјата туку, пред се, од еластичноста на увозната понуда. Либерализацијата на увозниот режим треба да биде поголема доколку постои

[24] http://www.businessdictionary.com/definition/government-intervention.html

нееластична увозна понуда. Високата заштита влијае потенцирање на не перфектноста на дејствувањето на пазарните механизми, и тоа не само на страната на понудата туку и на страната на побарувачката. Посебно важен аргумент во полза на слободната трговија е фактот што најголем дел од надворешнотрговската размена и кај развиените и кај помалку развиените земји се одвива како интра-индустриска (во рамките на една иста индустриска дејност), а се помалку како интер-индустриска размена (меѓу различни индустрии).

### *3.6. Стратешка трговска политика на развиените земји*

Во услови на ограниченост на расположливите ресурси во светот, според Лестер Тару, земјите во светот се принудени да ја развиваат стратегија на добива – губи. Ова практично значи дека секоја земја, борејќи се да ја зголеми својата благосостојба, може да постигне успех само доколку загрози некоја друга земја и нејзината благосостојба. Или, со други зборови, успехот на едните мора да резултира со неуспех на другите, затоа што вкупното ниво на остварениот профит во светски размери не може да се зголеми преку ноќ, туку само се прераспределува меѓу одделните учесници во меѓународната размена. Затоа секоја од развиените земји настојува да изнајде начин да зафати што е можно поголем дел од светскиот пазар. Ова го постигнува со поттикнување на извозот и ограничување на увозот. Комбинацијата на мерките и нивното фактичко спроведување ја сочинува т.н. *стратешка трговка политика*.[25] Стратешката трговска политика има за задача да постигне три основни цели, и тоа:

1. да го поттикнува развојот на оние индустрии кои обезбедуваат висока стапка на новосоздадена вредност по вработен;
2. да го поттикнува развојот на оние индустрии кои обезбедуваат високи наемнини за вработените;
3. да го поттикнува развојот на новите технологии.

Економскиот развој во последниве неколку децении го наметна проблемот на деиндустриализација, што подразбира поефикасно искористување на ресурсите со нивно алоцирање во услужниот, наместо во индустрискиот сектор.

Една од основните причини за инсистирање на употреба на стратешка трговска политика е постоењето на неперфектна конкуренција за повеќето производи на меѓународниот пазар. Ваквата ситуација го наметнува проблемот на т.н. затворена дилема. При постоењето на неперфектна конкуренција, трговската политика има за цел да одбере и воспостави сет на мерки што ќе придонесат за корегирање на пазарниот неуспех. Кога би постоела перфектна конкуренција, не би постоела потреба од употреба на дополнителни мерки. Но во спротивен случај, избраните мерки претставуваат т.н. оптимално решение. Во услови на перфектна конкуренција, конкурентските предности на меѓународниот пазар создава намалување на цената. Но во услови на неперфектна конкуренција на страната на извозот, конкурентските предности се постигнуваат по пат на наметнување на квантитативни ограничувања, затоа што производите на извозниците во овој модел се супститути еден на друг, па зголемувањето на производството на едниот доведува до намалување на производството на другиот производ. Во вакви услови стратешката трговска политика дава најдобри резултати со употреба на субвенции. На страната на увозот, пак, квалитативните трговски инструменти даваат позитивни резултати за економијата што ги применува само во случај на единечно-еластична побарувачка за дадениот вид производи на домашниот пазар. Сите ефекти од воведувањето на стратешката трговка политика, или обратно, од либерализацијата на меѓународната трговска размена, не можат секогаш да се измерат со помош на квантитативните методи. Затоа

[25] http://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S1877042812045739

многу е тешко да се добие комплетна слика од сите ефекти (директни или индиректни) што стратешката трговска политика ги има врз националната економија во целост.

### *3.7. Трговска политика на земјите во развој*

Процесот на индустријализација, што започнал во фазата на либералниот капитализам, довел до создавање на значителни разлики во степенот на економската развиеност меѓу економиите што успеале да го следат и оние што не успеале да се вклопат во него. Тоа доведува до појава на т.н. развиени земји и земји во развој. Земјите во развој, заклучиле дека излезот од ваквата состојба е можен само доколку и кај нив почне процесот на индустријализација, кој би овозможил создавање на далеку посоодветна стопанска структура, зголемување на извозниот капацитет и на конкурентските предности, а со тоа и на општата благосостојба во нивните економии. Со цел да го поттикнат процесот на индустријализација, тие ја прифатиле т.н. стратегија на супституција на увозот. Ваквата развојна стратегија се состоела во поттикнување на индустриско производство што ќе овозможи покривање на потребите на домашниот пазар со сопствени индустриски преработки, што би требало да биде многу порационално од нивното набавување по многу високи цени од развиените земји. За да го обезбедат спроведувањето на стратегијата на супституција на увозот, земјите во развој користеле отворен протектционизам на тукушто воспоставените индустриски производства.

Но, по десетина години од примената на ваква развојна стратегија се покажало дека таа не ги дала очекуваните резултати. Практиката потврдила дека високата заштита не мора да доведе до постигнување конкурентски предности на заштитеното производство. Напротив, изразениот протектционизам се повеќе ги зголемувал трошоците во земјите што се определиле за стратегија на увозна супституција, кои и без тоа биле високи. Тоа е резултат на тоа  што новосоздаденото производство, од земјите во развој многу тешко успеваат да обезбедат пробив на странските пазари со производи што високоразвиените земји веќе ги имале доведено до совршенство, а од друга страна ова ново производство влече многу пари од буџетот на своите економии. Стратегијата на увозна супституција го наметнала проблемот на дуална економија во земјите во развој.[26]

Сето погоре кажано потврдува дека стратегијата на увозната супституција и изразениот протектционизам се покажале како целосно промашување во развојната стратегија на помалку развиените земји. Сечењето на пократката нога, односно ограничувањето на увозот, на долг рок довело до намалување на извозните капацитети за земјите во развој и не им дозволило да најдат соодветно место во меѓународната поделба на трудот. Со тоа, наместо до намалување, дошло до зголемување на јазот меѓу развиените и земјите во развој.

Некои земји во развој се решиле на поинаква стратегија, односно на стратегија со која се вршело поддршка на агресивниот извоз на пазарите на развиените земји, со едновремена интензивна интервенција и субвенционирање на домашното производство на храна од страна на државата и либерализација на режимот на увоз на странски капитал од приватни извори. Ваквата стратегија се нарекува стратегија на извозна експанзија. Со оваа стратегија се дозволува влез на странски директни инвестиции, што успеале да ги насочат во традиционалните трудоинтензивни индустрии. На овој начин тие оствариле трансфер на посовремените технологии во овие индустрии и, притоа, интензивно вложувајќи ја својата акумулација во научно истражувачката работа, создале нови оригинални технологии токму во овој тип на производство. Државите кои ја примениле оваа стратегија и биле успешни во

[26] http://voxeu.org/article/developing-countries-exports-time-crisis

нејзиното користење биле: Сингапур, Хонг-Конг, Јужна Кореа и Тајван, кои, со едно име, биле популарно наречени четирите азиски тигри.

## 4.Меѓународна трговска регулатива

### *4.1.Општа спогодба за царини и трговија од 1947 година (General Agreement on Tariffsand Trade – GATT)*

Меѓународната трговска организација (International Trade Organization – ITO) имаше за задача да спроведува либерализација на меѓународната размена, пред се во стоковната сфера, а потоа и во сферата на услугите. Оваа спогодба требаше да се формира по завршувањето на Втората Светска Војна. Со неа, либерализацијата треба да се формира врз принципите на еднаквост и недскриминација, што значи дека со потпишувањето на мултителарна спогодба за формирање на организацијата, привилегиите што некоја од потписничките им ги обезбедувала на дел од трговските партнери во меѓународната размена автоматски треба да се пренесат на сите други трговски партнери.[27]

Но, затоа што оваа спогодба не им одговарала на развиените земји, не била никогаш потпишана. Наместо неа, во 1947 година, во Женева, била потпишана само Општата спогодба за царини и трговија (ГАТТ), која требало да биде една од носечките мултителарни спогодби во составот на ИТО и требало да обезбеди либерализација на режимот на меѓународната размена на стоки. ГАТТ беше формирана врз три основни принципи:[28]

*<u>1. принцип на либерализација</u>* – треба да обезбеди отстранување на сите трговски и нетрговски бариери во меѓународната размена;

*<u>2. принцип на мултителатералност и конвертибилност</u>* – сите членки на ГАТТ мора да се стремат кон обезбедување на макроекономска стабилност на своите економии како основен предуслов за повторно обезбедување на конвертабилност на своите национални валути, што пак, е неопходно за обезбедување на принципот на мултителатералност во меѓународната размена. Мултилателарноста во меѓународната размена подразбира можност за користење на позитивното салдо од трговската размена со една земја за покривање на негативното салдо од трговската размена со некоја друга земја

*<u>3. принцип на недискриминација на трговски партнери</u>* – треба да обезбеди еднаков третман на трговските партнери, што се овозможува со примената на најповолен третман на нациите. Оваа клаузула ги обврзувала земјите-членки на ГАТТ привилегиите што ќе ги обезбедат за некој од своите трговски партнери врз база на билатерални преговори, автоматски да ги пренесат на сите други трговски партнери, без да преговараат со нив.

### *4.2.Начин на функционирање на ГАТТ*

Работењето на ГАТТ се одвивало во т.н. преговарачки циклуси, кои треба да се организира и дефинира употребата на царините како единствен инструмент за заштита на националното стопанство од страна на конкуренцијата. Преговорачките циклуси се нарекуваат рунди на преговори. Во нив преговорите се организирале врз принципот земја по земја, стока по стока. Ова значи дека по барање на која и да е земја-членка, повиканиот партнер бил должен да се јави на преговорите и да го

[27] http://www.hfw.com/International-Trade-Regulation
[28] https://www.wto.org/english/docs_e/legal_e/06-gatt_e.htm

преговара за надворешнотрговскиот режим за конкретната стока. На крајот на преговорите земјите што преговарале врз билатерална основа биле должни да објават т.н. концесиона листа, во која се наведувале сите стоки за кои бил изменет надворешно трговскиот режим, како и обемот на измени што настанале. Потоа овие измени станувале општо-важечки за сите други членки на ГАТТ.

### *4.3.Основни карактеристики и проблеми во меѓународната размена на стоки во времето на функционирањето на ГАТТ*

Со текот на времето бројот на членки на ГАТТ се зголемувал, а паралелно со него се зголемува и времетраењето на рундите на преговори. До зголемувањето на бројот на членки дошло поради наглото ослободување на земјите од колониланиот јарем и нивното стекнување на независност. Поради зголемувањето на бројот на членки во ГАТТ, особено на неразвиени земји кои имале многу различни интереси и потреби од оние на развиените земји, станува се потешко да се организираат преговорите, што доведува да зголемувањето на времетраењето на рундите на преговори.

Во почетокот на функционирањето на ГАТТ многу од неразвиените земји немале мотив да се приклучат кон него и го нарекувале клуб на развиени земји. Тие не верувале дека ГАТТ ќе им овозможи побрза индустриализација, напротив, само ќе предизвика понатамошна ориентација кон примарните производи. Со цел да се привлечат неразвиените земји, во рамките на Кенедиевата рунда на преговори, развиените земји предложиле да се обезбеди намалување на царинските стапки за 50% во размена со помалку развиените земји, и тоа врз не реципроцитетна основа. Со ова на тие земји им се дава право да го побараат и стекнат статусот на земја во развој што им носел низа привилегии. Како на пример: повисоки царински стапки, користење на нецарински бариери (контингенти), и сл.

И покрај сето ова, ГАТТ не успеваа глобално во следново:[29]

1. не успева да обезбеди либерализација на режимот на надворешнотрговската размена на земјоделските производи;

2. доведува до царинска ескалација, односно до зголемување на ефективната царинска заштита на индустриите во развиените земји со што се влошува меѓународниот ценовен однос (terms of trade) за примарните производи со потекло од помалку развиените земји;

3. доведува до зголемена примена на режимот на контингенти во развиените земји

Еден од проблемите на ГАТТ е тоа што не постојат механизми за спроведување на санкции на оние земји- членки кои не ги почитуваат воспоставените правила.

Исто така еден од можните начини за одбегнување на општо прифатените правила било формирањето на регионални интеграции. Имено, доколку земјите имале за крајна цел формирање на нова држава, привилегиите кои си ги обезбедувале една на друга не се пренесувале автоматски на другите членови на ГАТТ.

За време на преговорите на Уругвајската рунда станува јасно дека можностите кои ги нуди ГАТТ исцрпени, па меѓународната заедница мора да побара и да понуди нови решенија за унапредување на меѓународната економска соработка на сите полиња.

[29] https://www.wto.org/english/docs_e/legal_e/06-gatt_e.htm

### *4.4. Светска трговска организација (World Trade Organization – WTO)*

Државите после ГАТТ, требаше да покажат подготвеност за натамошна либерализација на режимот на размена на стоки и да ја прифатат временската шема што ја нудеше новата организација како и за динамиката на отстранувањето на нецаринските бариери кај двете најчувствителни групи производи: земјоделските и текстилните.

Така, на 01.01.1995 година започна со работа Светската Трговска Организација (World Trade Organization – WTO), а во неа веднаш се зачленија 90-ина земји. СТО си постави за цел за што е можно пократок временски период да ги опфати сите земји во светот.

#### *4.4.1. Основни принципи на СТО*

Принципите на кои беше поставено работењето на СТО беа во основа истите на кои беше поставено работењето на ГАТТ, но, сепак, со мали модификации. Така принципот на целосна либерализација на меѓународна размена беше надополнет со сферата на услугите (покрај сферата на стоките). Принципот на недискриминација на трговските партнери, чија реализација во времето на ГАТТ беше обезбедена со клаузулата за најповластена нација, сега ќе биде реализиран со клаузулата за национален третман, која има за цел да обезбеди еднакви конкурентски позиции за сите фирми кои настапуваат на еден пазар, при што не смее да им се дава никаква предност на домашните во однос на странските фирми.

#### *4.4.2. Поважни мултителарни спогодби во рамките на СТО*

Сите земји што сакаат да бидат членки во СТО при зачленувањето се должни да ги потпишат и да ги прифатат одредбите на следниве три мултителарни спогодби:[30]

1. општа спогодба за царини и трговија (GATT) од 1994 год
2. општа спогодба за трговија со услуги (GATS)
3. Спогодба за трговските аспоекти на правата на интелектуалната сопственост (TRIPS)

1. Општа спогодба за царини и трговија од 1994

ГАТТ од 1994 година прави голем чекор напред во поглед на либерализацијата на надворешнотрговскиот режим на две групи производи од т.н. сензитивни производи – земјоделските и текстилните производи. Освен тоа таа се обидува да воспостави определени општи правила за текот на определени процедури што се сметаат за неизбежни во современата меѓународна размена на стоки, со цел тие да не се искористуваат како административни бариери за дискриминација на трговските партнери.

За таа цел, во рамките на ГАТТ од 1994 година беа потпишани следниве мултителарни спогодби:

1. за земјоделски производи,
2. за текстил и облека;
3. за царинска вредност;
4. за контрола на пратките;
5. за правилата на потеклото на стоката – еден производ се третира како национален кога барем 25% од неговата новосоздадена вредност е создадена од страна на една конкретна национална економија;
6. за процедурата на издавање на увозни дозволи;
7. за санитарни и фотосанитарни мерки;
8. за технички бариери во трговијата;

[30] https://www.wto.org/english/thewto_e/whatis_e/whatis_e.htm

9. за инвестициони мерки – ги штити интересите на странскиот инвеститор кога тој се решава да префрли дел од своето производство во странство;
10.за антидампинг – право на секоја земја да подигне антидампинг постапка против друга земја;
11.за субвенции и компензаторни мерки;
12.за самозаштита

СТО направи обид за ограничување на употребата на субвенциите како метод на вештачко зголемување на конкурентската моќ на извозот. Таа ги подели субвенциите во три групи и реши дека субвенциите со кои можат да се поништат придобивките од зачленувањето во СТО се забрануваат, а оние субвенции што се наменети за поттикнување на развојот и научноистражувачката работа и развојот на помалку развиените региони и натаму остануваат во употреба.

### *4.4.3.Мултителарна спогодба за земјоделски производи*

Ги обврзува сите земји-членки на СТО да се откажат од употребата на нецарински бариери како метод на заштита од странска конкуренција. Спогодбата предвидува либерализацијата на надворешнотрговскиот режим да
се изврши во две фази:

1. *прватa фаза* стапува во сила веднаш (со формирањето на СТО). Во оваа фаза сите контингенти на земјоделските производи треба да се отстранат и на нивно место да се воведе царинска заштита (да се изврши тарификација на увозните контингенти за земјоделските производи). За развиените земји овој период не смее да биде поголем од 5 години, а за помалку развиените 10год;

2. *втората фаза* настапува откако царините во целост ќе ги заменат контингентите. Во оваа фаза постепено треба да дојде до намалување на воведените царински стапки, се додека земјоделските стоки не почнат слободно да се разменуваат

### *4.4.4.Мултителарна спогодба за текстил и облека*

Либерализацијата на режимот на меѓународната размена за текстил и облека според оваа спогодба треба да се изврши во четири фази:[31]

1. прва фаза (од 1990-1994) – да се изврши либерализација на надворешнотрговскиот режим на текстил и облека за оној дел од увозот што сочинува 16% од вкупниот увоз на текстил на пазарите на овие земји

2. втора фаза (од 1994-1998) –да се изврши либерализација на режимот на 17% од вкупниот увоз на текстил на пазарите на овие земји

3. трета фаза (од 2002) – да се изврши либерализација на 18% од вкупно увезуваниот текстил и текстилни производи во земјите-членки

4. четврта фаза (до 2005) – треба да се либерализира вкупниот увоз на текстил и облека

Клаузула за самозаштита – секоја земја-членка која ќе поднесе аргументирани докази дека нејзината економија во целост или некоја нејзина производна дејност трпи сериозни штети и ѝ се заканува опасност од уништување од преголемиот притисок што го прави слободната конкуренција на домашниот пазар може да добие право за воведување на дополнителна заштита на своето стопанство (воведување на нецарински бариери), но со време на траење од три години (во најсериозни случаи 5 години).

[31] https://www.wto.org/english/thewto_e/whatis_e/tif_e/tif_e.htm

### *4.4.5. Општа спогодба за трговија со услуги*

Големото значење на оваа спогодба произлегува од фактот што денес услугите зафаќаат 1/3 од вкупната меѓународна размена и покажуваат тенденција на побрз пораст од онаа во размената на стоките. Таа е направена според примерот на ГАТТ, но нејзините одредби се многу поопшто дефинирани.

*4.4.5.1. Спогодба за трговија со правата на интелектуална сопственост*

Оваа мултителарна спогодба ги заштитува правата на интелектуална сопственост, и тоа: патентирање на новите технолошки откритија и заштита на технолошките постапки и процедури по пат на лиценца; заштита на трговскиот жиг, марка или името на производот; заштита на географските белези со кои обично се заштитуваат виното и алкохолните пијалаци; заштита на индустрискиот дизајн; заштита на авторските права и начинот на ниво преотстапување; заштита на трговските тајни и know-how и на крајот, заштита на интегралните кола.

### *4.5. Органи на светската трговска организација*

Светската трговска организација е наднационална институција со статус на правно лице. Нејзиното седиште се наоѓа во Женева. СТО одржува министерски конференции на секои две години. На нив учествуваат претставници од сите земји членки. Министерските конференции ги дефинираат прашањата што треба да бидат ставени на дневен ред за идните преговори, ги прифаќаат крајните одлуки што се веќе донесени во преговарачкиот процес и ги носат крајните одлуки за прием на нови членови. Министерската конференција избира претставник од секоја земја- членка за генералното собрание. Таа формира и комитети како на пример: за трговија и развој, за платно- билансни рестрикции, за буџетски, административни и финансиски прашања. [32]

Генералното собрание како орган ги следи сите тековни работи и се состанува по потреба во периодот меѓу две министерски конференции. Под негова управа се наоѓаат: советот за трговија со стоки, советот за трговија со услуги, советот за трговските аспекти на правата на интелектуалната сопственост. Се смета дека една од основните придобивки на СТО е обезбедувањето на ефикасен механизам во решавањето на меѓународните спорови. Кај членките на СТО ниту еден спор не може да трае подолго од една година без да се изнајде некакво решение. Сите страни во спорот мораат да ја почитуваат донесената одлука и да ја спроведуваат, во спротивно можат да бидат казнети со плаќање на пенали, а при сериозни прекршувања може да им биде одземено членството во СТО, со што им се одземаат и сите стекнати привилегии во меѓународната размена (ГАТТ, за разлика од СТО, никогаш не стекна статус на правно лице, па според тоа, никогаш не поседуваше механизам за казнување за оние членки кои не ги почитуваат нејзините одредби).

Во интерес на целата меѓународна заедница е во што пократок рок сите земји во светот да станат членки на СТО. Меѓутоа, процесот на зачленување на нови земји оди многу побавно од што беше планирано, а тоа се должи на повеќе работи: на недоволниот капацитет на самата СТО за справување и ефикасно разрешување на брзиот наплив на апликации од земји што сакаат да станат нејзини рамноправни членки; исто така самите земји членки на СТО (особено поразвиените) го користат своето влијание со цел да се одложи влегувањето на нови членки.

[32] https://www.wto.org/english/thewto_e/whatis_e/tif_e/tif_e.htm

### *4.6.Меѓународни префернецијални трговски договори*

Преференцијалните трговски договори претставуваат трговски договори кои им овозможуваат трговска либерализација на земји кои му припаѓаат на определен регион или поседуваат некои други важни заеднички карактеристики и интереси.

Преференцијалните трговски договори се склучуваат врз мултилатерален принцип, но ова сепак не го отстранува изразено дискриминаторскиот третман, што преку нив се врши врз трговските партнери од земји што не се нивни потписнички.

Од 50-тите години на минатиот, век регионалното обединување што настанало со потпишувањето на овие дискриминаторски трговски договори е познато под терминот формирање на економски интеграции.

## 5.Регионални економски интеграции

### *5.1.Форми на регионални економски интеграции*

Основни форми на регионално економско интегрирање се:[33]

*1. слободна трговска зона* – земјите членки се спогодуваат целосно да ги либерализираат стоковните текови во меѓусебната трговска размена (ги отстрануваат царинските и нецаринските трговски бариери во меѓусебната размена на стоки). Секоја од земјите во слободната трговска зона има право да ја задржи сопствената автономна надворешнотрговска политика во размената со земји надвор од преференцијалниот трговски договор. (пример: НАФТА)

*2. царинска унија* – повисока форма на регионално интегрирање врз слободната царинска зона. Во царинската унија не само што се обезбедува целосна либерализација на режимот на стоковната размена меѓу земјите – членки туку тие се должни да применуваат заедничка трговска политика во размената со земји надвор од неа. (пример: БЕНЕЛУКС)

*3. заеднички пазар* – повисока форма на интегрирање од царинската унија. Покрај либерализацијата на режимот на размена на стоки се настојува да се либерализира и режимот на размена на услуги, капитал и работна сила. За да се обезбеди ова, земјите-членки во оваа регионална интеграција треба да усогласат дел од своето национално законодавство и да донесат заеднички (усогласени) закони за техничките стандарди на стоките, за унификација на системот на услуги, за правилата на движењето на капиталот од приватни извори и областите во кои не постојат никакви пречки за негово вложување, како и сите закони од областа на социјалната политика и образованието, без кои не може да се обезбеди слободно движење на работна сила. (пример: Европска економска заедница)

*4. економска унија* – кога покрај обединувањето во заеднички пазар, земјите-членки почнат да ги усогласуваат и националните фискални политики и да формираат заедничка фискална политика. (ЕУ)

*5. монетарна унија* – доколку земјите потписнички целосно го ослободат режимот на размена на стоки, услуги и фактори на производство, водат единствена надворешна политика во размената со земји надвор од интеграцијата, ги усогласат сите свои национални закони и прифатат едно општо, заедничко законодавство, прифатат заедничка фискална политика, и згора на тоа, се откажат од употребата на националните валути и водењето на монетарна политика на национално ниво, а наместо тоа воведат заедничка валута и се определат за усогласена и единствена монетарна политика на ниво на целата интеграција, тогаш тие земји се обединуваат во монетарна унија (ЕУ)

*6. политичка унија* – како последен чекор во регионалното интегрирање до кој доаѓа со исцртувањето на заедничка надворешна граница и воведување на заедничка војска (САД).

---

[33] http://www.investopedia.com/terms/e/economic-integration.asp

### *5.2. Ефекти од преференцијалните трговски договори*

Најголемите трошоци и проблеми во процесот на регионално интегрирање произлегуваат од фактот што, како се оди кон повисоките форми на регионално интегрирање, така се наметнува потребата од се потемелни и подлабоки одлуки за насочување и регулирање различни области на економијата.[34]

Ефектите од преференцијалните трговски договори во економската литература се делат на статички и динамички.

*Статички ефекти* од процесот на регионално интегрирање. Либерализацијата на режимот на размена внатре во интеграцијата наспроти дискриминацијата на партнерите, надвор од неа е непосредниот извор на т.н. статички ефекти од регионалното интегрирање што се одразуваат врз благосостојбата во целата светска економија. За статички ефекти денеска се земени двата ефекти кои прв ги согледал американецот Јакоб Винер. Тие се:

*1. создавање на трговија (Trade creation)* – отстранување на бариерите на размената во рамките на регионалната интеграција доведува до т.н. ефект на создавање на трговијата, што влијае позитивно врз порастот на благосостојбата. Имено, со отстранувањто на бариерите доаѓа до зголемување на продажбите на стоките на оние партнери што се способни да понудат најниски цени. На тој начин доаѓа да намалување на производствените трошоци и до зголемување на потрошувачкиот вишок во рамките на унијата;

*2. пренасочување на трговијата (Trade diversion)* – воведувањето на бариери и дискриминацијата на партнерите од трети земји има негативен ефект и е познат под името пренасочување на трговијата.

Доколку пред формирањето на унијата националните економии набавувале одредени стоки со ниски цени од трети земји, со формирањето на унијата за истите тие производи се наметнуваат високи царини и други бариери за влегување. Затоа набавките сега почнуваат да се вршат од помалку ефикасните трговски партнери внатре во унијата, а трговската размена со земјите надвор од регионалната интеграција се намалува

*Динамички ефекти* од процесот на регионално интегрирање Регионалните интеграции обезбедуваат остварување на долгорочни ефекти врз економскиот раст на економиите што ги сочинуваат. Овие ефекти се познати под името динамички ефекти. Тие се однесуваат на можноста за:

1. полесно остварување на економија од обем – поради зголемениот пазар и пазарен потенцијал;

2. зголемен конкурентски притисок – поради отварањето и обединувањето на националните пазари во рамките на регионална интеграција;

3. поттикнување на инвестирањето – особено приливот на капитал во вид на странски директни инвестиции, затоа што тоа е еден од ретките начини со кои можат странските партнери да ги надминат високите царински и нецарински бариери.

[34] http://www.nber.org/papers/w22138

## 6.Основни обележја на современите текови во меѓународната трговија

### *6.1.Економската развиеност и учеството на националните економии во меѓународната стоковна размена*

Економската моќ на одделните национални економии во светот, традиционално низ историјата, се одразувала преку нивното учество во вкупната меѓународна размена во светот. Меѓу поважните фактори што се смета дека влијаат врз отвореноста на една земја за меѓународната стоковна размена се истакнуваат: големината на националниот пазар на земјата; снабденоста на земјата со основните фактори на производство; степенот на нејзината економска развиеност и големината на националниот доход. Големо влијание се посветувало и на влијанието на еластичноста на цените на стоките што биле предмет на размена во однос на понудата и побарувачката на пазарот, како и во однос на промените во големината на националниот доход и на условите на размената.[35]

1. земјите со мал национален пазар секогаш се поотворени за меѓународна размена на стоки, па така увозот и извозот кај нив учествуваат во создавањето на поголем дел од нивниот национален доход;

2. земјите што располагаат со изобилство на природни ресурси и работна сила полесно успеваат да ги организираат производните циклуси на својата територија и, притоа, помалку зависат од надворешниот свет;

3. земјите што имаат постигнато високо ниво на економски развој и бележат високи стапки на економски раст земаат многу важни позиции во вкупната меѓународна размена. Со други зборови, трговските теории тврдат дека степенот на економски развој и учеството на една земја во меѓународната
размена се наоѓаат во правопропорционален однос.

### *6.2.Пораст и структура на меѓународната стоковна размена во современи услови*

Извозот на стоки во целиот период по Втората светска војна растел со речиси 2.5 пати побрзо темпо од порастот на индустриското производство во светот. Интензивниот пораст на меѓународната стоковна размена во светот е резултат на влијанието на повеќе фактори од развојот на светската економија.[36] Воспоставувањето на новиот меѓународен монетарен систем од една страна, и либерализацијата на царинскиот режим, од друга страна, во голема мера придонесуваат за интензивирање на меѓународната економска соработка и размената на стоки во светот. Врз стоковната размена големо влијание има и развојот на комуникациските и транспортните врски во меѓународни размери, кој ја забрзува и олеснува комуникацијата меѓу најоддалечените точки во светот и истовремено ја овозможува размената и на најчуствителните стоки на големи географски растојанија.

Сепак, мора да се подвлече дека извозот на стоки е во тесна корелација со индустриското производство, затоа што на пазарот може да се продава само тоа што може да се произведе. Кога станува збор за меѓународната размена на стоки, од исклучителна важност е да се разгледа структурата на светскиот извоз и увоз на стоки, како и измените што оваа структура ги претрпи во текот на светскиот економски развој. Постојат повеќе причини што довеле до измена во структурата на стоковната размена:

---

[35] http://pdf.usaid.gov/pdf_docs/pnabi868.pdf

[36] http://www.fondad.org/uploaded/Africa%20in%20the%20World%20Economy/Fondad-AfricaWorld-Chapter13.pdf

1. основна причина е необично динамичкиот развој на техниката и технологијата во периодот од Втората светска војна наваму. Со ова се намалија вкупните трошоци по единица производ и со тоа дојде до значително намалување на потрошувачката на суровини и енергија во производството по единица производ;

2. истовремено, софистицираната техника и технологија исфрлија најразновидни производи кои дотогаш на беа видени во светот. (нови синтетички и вештачки материјали, кои, не само што претставуваа успешна замена за природните суровини, туку во многу случаи се покажаа како многу поквалитетни од нив;

3. движењето на цените на финалните индустриски производи и оние на примарните производи. Високи цени на финалните производи и нивен пораст, а ниски цени на примарните производи;

5. големо влијание врз деформирањето на информациите во однос на цените на финалните и на примарните производи, како и во однос на вкупната стоковна размена, е се поголемиот обем на т.н. интра-фирмена размена и примената на т.н. трансферни цени од страна на транснационалните корпорации (ТНК)

Најголемо влијание врз обемот и структурата на меѓународната размена на стоки го остваруваат оние земји што се јавуваат во улога на најголеми светски трговци.

### *6.3.Меѓународна размена на услуги*

Според дефиницијата на меѓународниот монетарен фонд, услугите се економски аутпут на нематеријални добра што можат да се произведат, трансферираат и употребат во исто време. Размената на стоки меѓу националните економии во светот никогаш не била можна без размената на одредени услуги. Така некои стоки секогаш одат во пакет со одредени услуги, додека пак има и услуги со кои може да се тргува самостојно. Оттука услугите во меѓународната размена можат да се третираат како зависни или како автономни трансакции. Услугите се најбрзо растечка компонента на меѓународната трговија. Тие не само што почнуваат да имаат значајно место во вкупната меѓународна размена, туку претставуваат извор на се поголем дел од бруто- домашниот производ на одделните национални економии во светот. Најголемиот дел од меѓународната размена на услуги се одвива меѓу развиените земји, односно меѓу земјите на ОЕЦД. Брзиот пораст на учеството на услугите во меѓународната размена, освен во развојот на информационите системи и на проширувањето на светскиот пазар на услуги, се должи и на дерегулацијата на услужната сфера, како и на либерализацијата на вкупната меѓународна размена во светот, што во современи услови се однесува и на размената на услуги и на меѓународното движење на приватниот капитал. Меѓу другото, зголемувањето на учеството на услугите во вкупната меѓународна размена во светот се должи и на интензивниот пораст на странските директни инвестиции во услужниот сектор. Една од најрентабилните работи во услужната сфера се инженеринг-услугите, или т.н. инвестициони работи во странство. Од другите видови услуги како значаен извор на приходи особено се издвојуваат транспортните и туристичките услуги. Туристичките услуги подразбираат организирање на приватни и службени патувања во странство, сместување, средби, семинари, прошетки, конгреси, натпревари, угостителски услуги и др. За крај, неопходно е да се истакне дека најголемиот дел од статистичката база на податоци за обемот и структурата на меѓународната размена на услуги во светот е некомплетна и неунифицирана.

### *6.4. Меѓународно движење на капиталот*

Меѓународното движење на капиталот се одвива во две основни форми:

1. меѓународно движење на паричниот капитал, што може да се одвива во вид на портфолио вложувања и во вид на странски директни инвестиции
2. меѓународен трансфер на опредметена технологија и знаење (know-how)

### *6.4.1. Меѓународно движење на паричниот капитал*

Потребата да му се посвети посебно внимание на паричниот капитал како неопходен фактор, произлегува од фактот што поседувањето на доволно парични средства како и умешноста во располагањето и управувањето со нив се предуслов за обезбедување на непречен тек на репродуктивниот процес и се основа за зголемување на акумулацијата и проширување на материјалната база на производството. Паричниот капитал во рамките на меѓународната економија може да се движи во три основни форми, и тоа:[37]

1. во вид на заеми;
2. во вид на портфолио вложувања;
3. во вид на странски директни инвестиции;

Основен мотив за извоз на капитал е можноста вложените парични средства да се оплодат со повисока профитна стапка во странство во споредба со онаа што би се остварила со истите вложувања во сопствената национална економија.

Основен мотив за увоз на капитал е можноста да се добијат финансиски средства за побрзо проширување на материјалната база на производството, што не би било можно доколку развојот би се потпирал само врз расположливата домашна акумулација.

### *6.4.2.Меѓународно движење на капиталот во вид на заеми*

Меѓународното движење на паричниот капитал во која и да е форма овозможува остварување на т.н. интертемполарна функција на трговијата. Ова е особено забележливо во случај на меѓународно движење на капиталот во вид на заеми. Во услови кога постои меѓународна размена, земјата не мора да го жртвува сегашното трошење за некои идно време. Сепак земјата би морала да има во предвид дека зголеменото трошење во сегашноста, надвор од границите на сопствените материјални можности, ќе значи намалување на трошењето во иднина, бидејќи увезените материјални средства ќе мора еднаш да се вратат. Според СТО, секоја земја е исправена пред т.н. граница на интертемпоралните производни можности.

За развиените земји оваа граница е определена од сегашните производни можности, што значи дека нивната акумулациска способност во сегашноста е таква што трошењето денес е извесно и однапред определено, па затоа е и поевтино од она што доаѓа во некое идно време. Затоа тие се заинтересирани да инвестираат дел од својата парична акумулација во странство затоа што така таа во иднина ќе им се врати оплодена и ќе ја обезбеди материјалната база на идната потрошувачка.[38]

За помалку развиените земји, со оглед на нивниот слаб производен потенцијал и слабата акумулативна моќ, интертемполарната граница е поместена кон идните производни можности. Ова значи дека трошењето денес
е поскапо од она што се очекува во иднина. Затоа тие се заинтересирани да увезуваат дел од странската парична акумулација за да ја зголемат сегашната потрошувачка, со што однапред знаат дека во иднина ќе треба да трошат помалку за да можат позајмените средства да ги вратат со определен интерес.Според ова е извесно дека паричниот капитал во вид на заеми се придвижува од економии во кои постојат помали приноси од инвестициите во земји во кои постојат поголеми инвестициони можности и поголеми приноси. Но, преголемото потпирање на меѓународните заеми,

---

[37] http://shodhganga.inflibnet.ac.in/bitstream/10603/13010/9/09_chapter%202.pdf

[38] http://www.lexisnexis.com/uk/lexispsl/tax/synopsis/93074:93079/International/International-movement-of-capital

наместо до поголем економски развој, доведе до презадолженост на помалку развиените земји.

### *6.4.3.Портфолио-вложувања наспроти странски директни инвестиции*

Вложувањето во странски хартии од вредност, без да се зафати контролниот пакет на акции, се нарекува портфолио-вложување. Вака странските инвеститори стекнуваат право на сопственост без да се мешаат во управувањето на фирмата. Тие остваруваат заработувачка преку реализирање на фиксниот приход што во однапред договорениот рок ги носат државните обврзници или преку остварување на правото на дивиденда засновано врз поседувањето на одреден број акции од некоја фирма во странство.

Вложувањата на странски капитал со кои странскиот инвеститор стекнува не само право на сопственост туку и право на управување со фирмата во којашто вложува, се нарекуваат странски директни инвестиции. До неодамна повеќето економисти сметале дека основниот избор што треба да го направи една успешна фирма при дефинирањето на својата меѓународна стратегија е да избере како ќе настапува на меѓународниот пазар. Притоа треба да реши дали ќе извезува стоки и услуги, дали ќе извезува технологија преку патентирање и лиценцирање, или, пак, ќе го извезува својот капитал во вид на СДИ. Тие сметале дека овие три работи се меѓусебно заменливи. Денеска е извесно дека доколку една фирма сака да биде успешна на меѓународниот пазар и да ги одржи своите конкурентски предности, таа не може да избира меѓу извозот на стоки и услуги и извозот на капитал во вид на СДИ, туку мора да биде успешна во вклучувањето во обата тека во меѓународната економија. Компаниите што ќе се појават како успешни и конкурентно способни и во стоковната размена и во меѓународната размена на капитал, се нарекуваат транснационални.

## 7.Улогата на транснационалните корпорации во меѓународната економија

### *7.1.Дефинирање на транснационалните корпорации во современите теоретски концепции*

Мултинационалните компании се фирми кои имаат седиште во една земја(матична) и во повеќе различни економии и дејствуваат во сите нив истовремено. ТНК се фирми кои имаат седиште во само една национална економија и кои формираат свои афилијации (компании-ќерки) во повеќе земји во странство. Нивна основна цел да обезбедат максимализација на својот профит, а со тоа го зголемуваат богатството и благосостојбата на својата национална економија, но и во земјите каде што имаат свои филијали.

### *7.2.Фактори кои го детерминираат успехот на интернационализација на ТНК*

Колку ќе биде една ТНК успешна во интернационализацијата на своите операции зависи од:[39]

1. специфичните фактори на индустријата во која таа дејствува;
2. специфичните фактори за дадениот регион;
3. национално-специфичните фактори;

[39] http://www.turkishweekly.net/2010/03/16/article/factors-of-investment-decision-for-multinational-corporations-the-case-of-turkey/

4. специфичните фактори на фирмата коишто се однесуваат на способноста на ТНК да ги координираат своите активности во странство

*ОЛИ – парадигма (Данинг).*Основоположник на оваа парадигма е Данинг.Тој, во своето учење дефинирал три основни предности што една фирма може, но не мора, да ги поседува, а кои влијаат врз изборот на нејзината стратегија за настап во странство:

1. поседување одреден вид сопственост (нова технологија која е патентирана или може да се лиценцира – ownership) – доколку странската фирма, односно ТНК, ги поседува само овие предности тогаш најдобра стратегија за настап на странските пазари е лиценцирањето;

2. можност за интернационализација на производството (internalization) – доколку фирмата ги поседува овие предности, тогаш извозот е најдобар начин за настап на странскиот пазар;

3. поседувањето на определени локациони погодности (location) – доколку ТНК ги поседува двете претходно наведени предности, а згора на тоа поседува и трета, локациона предност, релевантна за локалното производство, и, доколку има доволно познавање за организирањето на мрежа на интернационалното производство, тогаш таа треба сериозно да размисли за воспоставување на свои афилијации во странство.

Данинг ги третира странските директни инвестиции како алтернатива на извозот на стоки и алтернативните трансфери на ресурси во странство. Странските директни инвестиции во теоријата за конкурентски предности на нациите. Сите теории за ТНК сметаат дека една фирма мора да реши дали ќе настапува на меѓународниот пазар по пат на класичен извоз или преку извоз на капитал во вид на СДИ. Тоа значи дека овие два тека ги сметаат за меѓусебно заменливи.

Имено, Портеровата теорија за т.н. национален дијамант на конкурентски предности, е единствената која тврди дека успешните фирми во меѓународната економија не се во позиција да бираат – тие мораат да се вклучат и да бидат успешни и во стоковните и во капиталните текови за да можат да се соочат со конкуренцијата. На тој начин ТНК се јавуваат како носители на процесот на глобализација. Пренесувајќи дел од своето производство во странство со помош на СДИ, во многу случаи тие развиваат производи со општоприфатени, глобални карактеристики. Но, за разлика од почетните фази од своето постоење, кога ТНК настојувале да се приспособат кон карактеристиките на различните национални економии во кои дејствувале, денес тие успеваат окружувањето да го приспособат кон своите цели и потреби.

### *7.3. Транснационалните компании и интернационалното производство*

Производството на стоки и услуги што во одделните национални економии се одвива под контрола на фирми (транснационални корпорации) што потекнуваат и имаат седиште во некоја странска земја се нарекува интернационално производство. Експанзијата на интернационалното производство во изминатиот период беше условена од три фактори:[40]

1. првиот фактор е интензивниот пораст на конкуренцијата на меѓународниот пазар на стоки и услуги;

2. вториот фактор го претставуваат брзите техничко-технолошки промени;

3. третиот фактор е либерализацијата на политика на одделните национални економии, особено на помалку развиените, во поглед на СДИ и третманот на странските инвеститори.

Носителите на процесот на интернализација и глобализација на светската економија се транснационалните корпорации (ТНК).

[40] http://unctad.org/en/Docs/wir93ove.en.pdf

Во поново време особено значење му се дава на т.н. индекс на транснационализација (ТНИ). Овој индекс се пресметува како просек од односот на капиталот вложен во странство наспроти вкупната сума на капиталот што го поседува фирмата, обемот на продажби во странство наспроти вкупните продажби и бројот на вработените во странски афилијации наспроти вкупниот број на вработени во фирмата. Овој индекс по последните години бележи пораст. Порастот на индексот на транснационализација се должи на поинтензивното темпо на пораст на обемот на продажбите и бројот на вработените во странските афилијации во споредба со вкупниот обем на продажбите и вкупниот број на вработени во овие фирми.

### *7.4.Регионална структура на вложувањата во вид на странски директни инвестиции*

Во периодот до втората светска војна главната насока на меѓународното движење на приватниот капитал била од развиените кон неразвиените земји во светот, односно од развиените земји во нивните колонии. Оваа појава економистите на 20 век ја објаснувале со големата побарувачка на ликвидни средства во помалку развиените земји, што условувало покачување на интересните стапки на повисоко ниво во нивните економии од оние што можеле да се остварат во развиените земји. Исто така, евтината работна сила и изобилството на природни суровини обезбедувале и можност за остварување на многу повисоки профитни од оние што биле остварливи во развиените делови во светот.

Но, по Втората светска војна приватниот капитал во меѓународната економија за кратко време се пренасочил на релација развиени – развиени земји. Ова настанало под влијание на неколку основни причини:[41]

1. прво, странските инвеститори решавале да го вложат својот капитал само онаму каде што се чувствувале сигурни и каде што ги познавале правилата на игра, а тоа било во економиите со капиталистички систем, каде што доминирале правилата на пазарната економија и каде што било цврсто загарантирано правото на приватна сопственост;

2. второ, по завршувањето на втората светска војна,е исклучително важно да се обезбеди сигурен пласман на сопственото производство;

3. трето, се констатира дека вложувањата во економиите од Западна Европа се високо рентабилни

Најголеми извозници, но едновремено и најголеми увозници на капитал во вид на СДИ во светот, се развиените земји, кои зафаќаат 2/3 од вкупниот прилив и одлив на овој вид вложувања во меѓународната економија. Меѓутоа, во рамките на меѓународното движење на капитал сите развиени земји се јавуваат во улога на нето-увозници на капитал, со исклучок на Јапонија. Таа е единствен нето-извозник на капитал од редот на развиените економии, што се должи, пред се, на релативно големата затвореност на оваа економија за влегување на странски капитал на нејзиниот пазар.

Во минатото, пред втората светска војна, СДИ во колониите биле вложувани во екстрактивната индустрија и сообраќајната инфраструктура. И денес во неразвиените подрачја , и покрај малиот обем на вкупните вложувања на странски приватен капитал, најголемиот дел од вложувањата се уште е вложен во екстрактивната индустрија.

Во земјите во транзиција СДИ се инвестираат во преработувачката индустрија и услужните дејности, во редот на кои доминираат туризмот, трговијата и телекомуникациите. СДИ, пак, на релација развиени-развиени земји во текот на 80-тите години биле вложувани во капитално интензивните и научно интензивните дејности, како и интензивно вложување во услужните дејности.

---

[41] http://swopec.hhs.se/hastef/papers/hastef0172.pdf

### *7.5.Измени во концепцијата за улогата на ТНК во светскиот развој*

Во последниве две децении концепциите што го објаснуваат развојот на одделни земји во светот и нивното вклопување во меѓународната економија доживеале коренити измени. Само пред дваесетина години за најголем број национални влади ТНК претставуваа проблем што го кочи развојот на националните економии. Денес, пак, тие, напротив, претставуваат решение на развојните проблеми на помалку развиените земји. Националните влади побрзаа да ги изменат своите законски прописи и да го либерализираат режимот за СДИ. Имајќи го во предвид тоа, тие почнаа да одобруваат разни олеснувања и бенефиции за странските инвеститори со цел да ја зголемат атрактивноста за

СДИ и да привлечат поголем прилив на странски капитал во своите економии.

Зголемениот интерес на помалку развиените земји за СДИ најдобро го илустрира економистот Данинг. Тој поаѓа од Портеровата развојна концепција и во 1993 година го модифицира дијамантот на Портер вметнувајќи ги во него СДИ, државата, и т.н. менталитет за конкурентност. Поставувајќи го националниот дијамант на конкурентски предности на овој начин, Данинг се обидува да ги објасни современите правци на движење на СДИ и нивното значење како за земјата-увозник на капитал така и за земјата-извозник. Всушност, тој смета дека основниот долгорочен критериум според кој земјите-увознички на капитал ги вреднуваат можностите ва привлекување на СДИ од 1990 година наваму е колку тие ќе придонесат за зголемување на продуктивноста и конкурентноста на нивните ресурси и можноста за креирање на капитални добра. Авторот определува пет можности за зголемување на конкурентноста на дадена национална економија:

1. Можност за зголемување на продуктивноста во оние производства што веќе постојат во економијата;
2. Можност за иновирање на нови, или подобрување на веќе постоечки производи, процеси и организациони структури;
3. Промовирање на нова алокација на ресурсите меѓу одделните сектори;
4. Можност за освојување на нови пазари;
5. Намалување на трошоците и забрзување на структурните промени, особено на оние, како и намалување на трошоците што произлегуваат од технолошките промени

СДИ се поврзани и со определени трошоци за земјата-увозник. Трошоците можат да се поделат во две групи:

1. Првата група ја сочинуваат разните исплати што треба да се извршат за да се стекнат СДИ. Тука спаѓаат репетрираните профити, каматите, дивидендите, ројалитетите и менаџерските такси;
2. Вториот вид трошоци ги предизвикува самата ТНК или, пак, незините афилијации. Настојувајќи да ги остварат своите глобални цели, ТНК можат да предизвикаат непријатни последици за земјата- домаќин, на пример рестрикции во нејзиниот извоз или, пак, во изворите на снабдувањето со суровини, или на пазарите на кои ќе настапува, ценовни манипулации со кои доаѓа до прелевање на доходот од земјата-домаќин, ограничување на научноистражувачката работа на афилијациите итн.

Од аспект на ТНК, Данинг ги дели СДИ на четири основни вида:

1. СДИ во потрага по природни ресурси;
2. СДИ во потрага по нови пазари;
3. СДИ во потрага по поголема ефикасност, т.е. за остварување на економии од обем;
4. СДИ во потрага по капитални добра и унапредување на регионалната или глобалната стратегија;

Со оглед на тоа што во истите оние сфери, каде што од СДИ се очекува да дадат најмногу позитивни ефекти, може да се случи наместо тоа да се појават крајно

негативни последици за земјата-домаќин, многу е важно постојано да се внимава на два аспекти, и тоа:

1. Искуството од минатото на другите економии од СДИ треба внимателно да се проучи;
2. Последиците од СДИ не треба да се генерализираат, затоа што тие не зависат само од видот на СДИ што ќе бидат преземени, туку зависат и од целите на економската политика за земјата-домаќин и алтернативите што ќе им бидат понудени на странските инвеститори

СДИ не можат да бидат носители на развојот на помалку развиените земји, но тие можат непосредно или посредно катализатори на развојниот процес.

### *7.6. Меѓународно движење на капитал – трансфер на технологија*

Во литературата се среќаваат повеќе различни дефиниции за технологијата. Тие можат да се поделат во две групи, и тоа оние што го дефинираат поимот технологија во потесна смисла и оние што го дефинираат во поширока смисла.

Дефинициите во потесна смисла на зборот под технологија подразбираат определена постапка или збир на постапки со кои се овозможува со определена комбинација на факторите на производство да се добие производ со однапред определени својства.

Според дефинициите што ја дефинираат технологијата во поширока смисла, под технологија се подразбира целиот комплекс знаења, вештини, рутински постапки, надлежности, опрема и инжинеринг- практики кои се неопходни за да се произведе еден производ или услуга.[42]

Појавата на нови технологии им овозможува на компаниите што ги поседуваат да произведуваат супериорни производи што се популарни и високо конјуктурни на пазарот. Тогаш кога фирмата покажува како функционираат нејзините новопронајдени производи се остварува т.н. ефект на демонстрација, со што сите други субјекти во меѓународната економија согледуваат дека се појавиле некои нови производи и го осознаваат начинот на нивна употреба.

Меѓутоа, со самото покажување на ново освоената технологија сите други фирми од дадената индустрија се чувствуваат загрозени. За да опстанат, тие, исто така, мораат да обезбедат подобар квалитет и дизајн на своите производи, односно мораат да го иновираат своето производство. Овој ефект, што појавата на нови технологии го остварува врз производителите, се нарекува ефект на конкуренција.

Предноста што ја имаат фирмите што ја откриле новата технологија трае се додека не дојде до дифузија, освојување или емитирање на дадената технологија од другите производители на конкретната индустрија. Меѓународниот пазар на технологија секогаш функционира според принципите на моделот на неперфектна конкуренција, што се гледа од самиот факт што за трансферот на технологијата постојат разновидни рестрикции и бариери.

Еден од податоците кој многу јасно покажува колкави се напорите да се обезбеди технолошки напредок секако е податокот за издвоените средства како процент од бруто-домашниот производ на една земја во научноистражувачката работа.

Увозот на опремената технологија од странство се одвива преку откупување на правото на користење на патенти и лиценци со кои се заштитени правата на интелектуалната сопственост на пронаоѓачите. Секој пронаоѓач/иноватор треба да го заштити својот изум преку овластена национална институција. Патентот претставува оригинално решение на некој техничко-технолошки проблем во дадениот производен процес.

---

[42] http://www.colorado.edu/ibs/pubs/pec/pec2004-0003.pdf

Користењето на патентот не е можно без согласност на неговиот сопственик. Патентот се отстапува на трети лица за определен надомест, кој може да се исплати наеднаш при купопродажбата на патентот или се преотстапува со цел да се добива надомест како процент од остварените продажби на производите добиени со патентот. Ваквите исплати се нарекуваатројалитети.

Лиценцата, пак претставува право на производство на производи и услуги што се добиваат со определена технолошка постапка.

Технолошкиот биланс на плаќања треба да го даде салдото на вкупниот увоз и вкупниот извоз на технологија за секоја земја во определен временски период. Интересен е податокот дека речиси сите развиени земји имаат негативно салдо на технолошкиот биланс на плаќањата (исклучок на ова се САД). Но, негативното салдо што развиените земји го бележат во технолошкиот биланс на плаќањата, се покрива со суфицитното салдо од трговскиот биланс, односно со далеку поголемиот извоз од увоз на стоки од овие земји.

Неразвиените земји, исто така, бележат негативно салдо на технолошкиот платен биланс. Но, за разлика од развиените земји, увозот на патенти и лиценци од странство кај нив не секогаш ги дава саканите ефекти во однос на продуктивноста и конкурентските предности за настап на странските пазари. Ова е така поради фактот што тие немаат доволно средства за да ја купат водечката и најновата технологија во моментот на пазарот, па мораат да купат некоја застарена. Така тие не само што не успеваат да остварат конкурентски предности туку и трошат дел од своите парични резерви. На тој начин тие се повеќе заостануваат во технолошкиот развој во однос со индустриските земји.

Основниот трансфер на технологија во современи услови сепак не се врши преку купопродажба на патенти и лиценци, туку се врши преку вложувањето на приватниот капитал во вид на странски директни инвестиции. Ова состојба настанува пред се, како резултат на интрафирмската размена меѓу афолијациите на ТНК во странство. Меѓутоа, и во овој случај придобивките на научноистражувачката работа, дури и кога се тие остварени во афилијациите, и
припаѓаат на матичната компанија.

### *7.7.Меѓународно движење на работната сила*

Меѓународното движење на работната сила претставува вработување на резидентите на една земја во економијата на некоја друга земја. Ваквата појава е позната под името меѓународна миграција. Доколку миграцијата подразбира трајно иселување од матичната земја, тогаш станува збор за емиграција на работната сила. Доколку, пак, станува збор за доселување, односно прилив на работна сила од странство во една национална економија, тогаш ваквата појава се нарекува имиграција.

Мотивите за емиграција од матичната економија произлегуваат главно од ниското ниво на економска развиеност и ниските плати и заработувачка, аграрната пренаселеност и големиот број невработени, ниското просечно ниво на квалификации и образование во економијата и непостоењето на никаква перспектива за понатамошно образование и напредок во сопствената земја и др. Многу често политичката нестабилност и животот под постоена воена закана може да биде многу силен мотив за напуштање на сопствената земја и заминување во странство.

Од политекономски аспект, големо значење на миграциите им се придава заради можноста од остварување на два ефекти од целата меѓународна економија. Тоа се:[43]

1. Ефект на трудова мобилност – доколку движењето на работната сила не е ограничувано со никакви бариери, во тој случај работната сила од економиите што обезбедуваат пониски наемнини ќе биде привлечена кон економиите што

[43] http://www.wright.edu/~tdung/Chapter25_Pugel.htm

обезбедуваат повисоки наемнини, односно таа се движи на релација помалку развиени – развиени земји.

2. Ефект на распределба на добивката – кај развиените земји , во кои доаѓа до имиграција на работна сила, добивката од намалувањето на цената на работната сила оди во рацете на сопствениците на капиталот, како и кај имигрантите. Но, затоа, пак, губи локалната работна сила. Кај неразвиените земји, кои извезуваат работна сила, доаѓа до покачување на наемнините во индустриите кои се најзасегнати од оваа појава, што претставува добивка за работната сила што останува дома. Едновремено ова претставува загуба за локалните индустријалци, односно сопствениците на капиталот. Ефектите од меѓународната миграција на работна сила не се исти во случај кога станува збор за одлив и прилив на неквалификувана и за одлив и прилив на висококвалификувана работна сила. Имено, меѓународните имиграции на неквалификувана работна сила на релација неразвиени – развиени земји се генерално позитивни, поради фактот што со ова доаѓа до рационално искористување на овој фактор на производство во рамките на меѓународната економија, што доведува до зголемување на обемот и ефикасноста на светското производство и до зголемување на општото ниво на благосостојба во светот. Одливот на неквалификувана работна сила на оваа релација го намалува социјалниот притисок во помалку развиените земји, што овозможува заштита на средства во нивниот буџет и намалување на сиромаштијата. Од друга страна пак, одливот на високо-квалификувана работна сила на истата релација претставува трајна загуба на дел од човечкиот капитал за чие создавање се инвестирани големи суми пари долги години на ред.

Одливот на високо-квалификуваниот кадар од неразвиените во развиените земји со светот е познат под терминот одлив на мозоци (brain drain).

При ангажирање на странски стручњаци во локалното производство и истражувачка работа не доаѓа до намалување на наемнините. Напротив, наемнините остануваат на многу високо ниво затоа што овој трошок лесно се компензира со огромните заработувачки што новите изуми и пронајдоци ги обезбедуваат на меѓународниот пазар.

## 8.Девизен курс и девизен пазар

### *8.1.Поим за валута*

Валутата ја претставува паричната единица. Таа е основата на монетарниот систем на една земја, односно тоа се ефективните пари и парични знаци што циркулираат во оптек во дадена национална економија. Странските валути, пак, ги претставуваат ефективните странски пари, односно парични знаци на странските национални економии.[44]

Вредноста на националната валута во времето на златното важење е определувана според ковничката стапка. Денеска нејзината вредност ја определуваат монетарните власти, водејќи сметка за обезбедување на технички погодности при манипулација со парите и пресметувањата што треба да се вршат со нив.

Хартиените пари својата вредност ја стекнуваат преку обемот и количеството на стоките и услугите што можат да се произведат во рамките на дадената национална економија. Монетарната власт ја определува вредноста на националната валута со автономен закон и има задача да обезбеди доволно ликвидни средства за непречено одвивање на економските трансакции во земјата.

[44] http://www.investopedia.com/terms/forex/f/foreign-exchange-markets.asp

### *8.2. Видови валути*

Постојат повеќе поделби на валутите и тоа:[45]

<u>*1. конвертабилни валути*</u> – конвертабилноста на валутата претставува нивна супституција според однапред утврден паритет. Таа може да биде**:**

а) Неограничена конвертабилност – замена на националната валута за злато во секое време без ограничувања на количеството што се заменува според однапред позната кованичка стапка

b) Ограничена конвертабилност – неограничена замена на националната валута за која и да е друга странска валута во рамките на меѓународните плаќања, и тоа според однапред определен сооднос.

Конвертабилните валути се познати и како тврди или слободни валути.

<u>*2. неконвертабилни валути*</u> **–** ова се национални валути кои не се заменливи за злато, односно за странски валути. Тие се употребуваат само за внатрешен промет на дадената земја. Неконвертабилните валути се среќаваат и под името меки или врзани валути

<u>*3. валути за пресметка*</u> – пресметковните или клириншките валути се договорни валути. Тие се употребуваат за пресметување на вредноста на обврските од меѓусебната размена на економиите кои не располагаат со конвертабилни национални валути. Обични пресметковната валута не е валута на ниту една од договорните страни, туку таа е некоја трета валута чија вредност е стандардна, односно однапред договорена

<u>*4. трансферабилна валута*</u> – за да се олесни размената на стоки и услуги меѓу економиите коишто не располагаат со конвертабилна национална валута и оние што имаат конвертабилна валута, се воведува т.н. трансферабилна валута.

<u>*5. Црноберзански валути –*</u> сите национални валути можат да се појават во вод на црноберзански валути доколку нивниот официјален курс не е соодветен со нивната реална вредност. Во ваков случај во националната економија ќе дојде до формирање на црна берза на која купувањето и продавањето на странските валути се одвива според црниот курс, што обично е повисок од официјалниот.

### *8.3. Интервалутен курс*

За непречено одвивање на меѓународната размена е неопходно учесниците во размената однапред да ги познаваат интервалутните односи на одделни национални валути. Секоја валута има свој паритет, односно свој валутен курс, што претставува појдовна точка во определувањето на интервалутните односи. Постојат три основни начини за определувањето на интервалутните односи, и тоа:

1. Според паритетот на куповните сили;
2. Со помош за заеднички доминатор;
3. Преку пазарно определување на интервалутната вредност.

### *8.4. Определување на интервалутната вредност врз основа на паритетот на куповните сили*

Според овој метод, се мери количеството на стоки што може да се купи на домашниот пазар со единица од националната валута, од една страна, и единица од националната валута од некоја друга земја на нејзиниот пазар, од друга страна. Потоа,

[45] http://www.bauer.uh.edu/rsusmel/7386/ln1.pdf

овие две количини на стоки меѓусебно се споредуваат, со што се добива интервалутниот однос.

### *8.5. Определување на интервалутната вредност врз база на заеднички деноминатор*

Овој метод се состои во тоа што страните заинтересирани за определувањето на интервалутниот однос се договараат за тоа што ќе земат за заедничка основа при определување на овој однос. Како заедничка основа (стандард) најчесто се зема некоја цврста, конвертабилна валута, општеприфатена во меѓународниот платен промет, како, на пример, американскиот долар. Но, постапката е уште поедноставна доколку како деноминатор се земе количеството злато што го содржи секоја од националните валути. Така, со споредување на номиналните количини на злато што ги содржат двете различни валути, би се добил интервалутниот однос.

### *8.6. Пазарно определување на интервалутната вредност*

Националните валути претставуваат стоки со кои се тргува на валутно-девизните пазари (берзи). Не берзите цената на одделните валути се формира како и цената на сите други стоки на стоковниот пазар – преку механизмот на понудата и побарувачката на дадената национална валута. Но, факт е дека вредноста на валутата ја определуваат монетарните власти, па поради тоа може да дојде до расчекор меѓу внатрешната и надворешната вредност на националната валута. Тука се можни два случаја:

1. Преценетост на националната валута – состојба што се јавува кога внатрешната вредност на валутата е помала од надворешната вредност. Поради ова цените на домашните стоки и услуги за странските купувачи се високи, па затоа опаѓа нивната конкурентност во однос на странските стоки и услуги, односно кај домашните економски субјекти се губи интересот за извоз. Од друга страна, странските стоки и услуги стануваат поевтини од домашните на домашниот пазар, со што се зголемува увозот од странство. Затоа се јавува потреба од воведување на девизна контрола
2. Потценетост на националната валута – состојба во која внатрешната вредност на валутата е поголема од надворешната. Во овој случај цените на домашните стоки и услуги се атрактивни за странските купувачи, односно стануваат конкурентни во однос на странските стоки и услуги. Едновремено, странските стоки и услуги стануваат поскапи од домашните на домашниот пазар. Така, се зголемува интересот за извоз, а се намалува интересот за увоз на стоки и услуги од странство. Во овој случај нема потреба од девизна контрола.

### *Пример за влијанието на економските текови и на монетарните власти врз интервалутните односи*

Состојбите во една национална економија не се еднаш засекогаш дадени, туку постојано се менуваат, некогаш на подобро, а некогаш на полошо. Така, при претпоставка дека монетарните власти реално го дефинирале курсот на националната валута, се јавуваат две различни сценарија

.

*Сценарио 1*

Кога куповните фондови почнуваат да растат без никаква промена на вредноста на валутата од страна на националните власти. Во овој случај кај потрошувачите се јавува чувство на зголемување на нивната платежна моќ на домашниот пазар, иако номиналните парични фондови со кои располагаат останале

исти. Оваа појава се нарекува апресијација на валутата. Доколку се покаже дека не станува збор за моментни нарушувања, притисокот на побарувачката на домашниот пазар може се повеќе да се зголемува, со што побарувачката ќе почне да ја надминува вкупната понуда. Ова ќе предизвика општ пораст на цените, кој во националната економија се нарекува инфлација. Инфлацијата доведува до зголемување на официјалниот курс на валутата, кој пак, од своја страна, ќе ги стимулира увозниците да увезуваат повеќе, затоа што тие ќе имаат впечаток дека странските стоки се поевтини од домашните. Извозниците, пак, ќе имаат проблеми со настапот на странските пазари затоа што високиот курс на националната валута ќе ги прави нивните стоки скапи во однос на странските производи. Ова ќе го продлабочува дефицитот во билансот на плаќања во земјата, што, од своја трана, ќе ја поттикнува инфлацијата уште повеќе и ќе ја разнишува макроекономската стабилност на земјата. Затоа монетарните власти ќе бидат принудени да ја усогласат надворешната си внатрешната вредност на валутата, односно ќе мораат да го намалат нејзиниот официјален курс. Намалувањето на официјалниот курс на валутата во однос на странските валути се вика девалвација.

*Сценарио 2*

Кога доаѓа до опаѓање на платежната моќ на потрошувачите без да дојде до измени во нивото на номиналните парични фондови со кои располагаат. Ова значи дека стоковните фондови почнуваат да ги надминуваат куповните. Појавата на чувството на намелена куповна моќ во економијата се нарекува депрецијација на националната валута. Доколку нарушувањата имаат длабоки причини, тогаш стоковните фондови ќе почнат сериозно да ги надминуваат куповните. Недостатокот на пари во економијата ќе ја отежне реализацијата на стоките на домашниот пазар, а тенденцијата на долгорочно намалување на побарувачката во однос на понудата ќе доведе до општо опаѓање на цените во националната економија. Оваа појава се нарекува дефлација. Во овој случај, на долг рок, ќе дојде до намалување на увозот и до зголемување на извозот. Зголемувањето на извозот во однос на увозот ќе доведе до појава на суфицит во билансот на плаќањата, а доколку ова се манифестира на дол рок, ќе се наруши целата макроекономска стабилност на земјата. За да се спречи сето ова, монетарните власти ќе мораат да ја зголемат официјалната вредност на националната валута, со што нејзината вредност ќе порасне во однос на странските валути и со тоа ќе се усогласи надворешната со внатрешната вредност на валутата. Актот со кој монетарните власти ја зголемуваат официјалната вредност на националната валута се вика ревалвација.

## 9. Поим за девизи

Поимот девизи може да се дефинира во:[46]

1. Потесна смисла девизата е краткорочно побарување во странска валута настанато по која и да е основа и без оглед на начинот на располагање со него; ,

2. Поширока смисла под поимот девиза се подразбираат краткорочните побарувања во странство што гласат на странска валута и сите ефективни странски парични средства, освен кованите златни пари.Во нашата земја е прифатена поширокатa дефиниција на девизите.

[46] http://www.investopedia.com/terms/d/directquote.asp

### *9.1. Видови девизи*

Постојат повеќе различни поделби според различни критериуми на повеќе видови и тоа:

*1. Според стабилноста:*

a. цврсти девизи – подразбираат постојаност и стабилност на девизниот курс. Ова се девизи што потекнуваат од стабилни, развиени национални економии, кои имаат врамнотежен биланс на плаќања и кои зафаќаат значајно место во меѓународната поделба на трудот;

b. Меки девизи – немаат постојана стабилност на куповната моќ затоа што потекнуваат од економии што се наоѓаат на периферијата на меѓународната поделба на трудот и чија макроекономска нестабилност е долгорочна;

*2. Според нивната способност за конверзија*;

a) конвертабилни – краткорочни побарувања што гласат на странска валута и што можат да се заменуваат за други девизи или странски ефективни парични средства врз основа на претходно утврден паритет;

b) неконвертабилни – оние кои не можат да се заменуваат за други девизи или ефективни странски парични средства

c) клириншки – се јавуваат во случаите на должничко-доверителни односи врз основа на билатерални спогодби склучени врз основа на клириншкиот начин на плаќање

*3. Зависно од рокот на доспевање*

a) промптни – доспеани девизи што можат да се наплатат веднаш;

b) термински – не се доспеани, односно не можат да се наплатат веднаш, туку треба да се чека да помине определен временски период што е однапред договорен

### *9.2. Девизен курс – поим и видови*

#### *9.2.1. Поим за девизен курс*

Девизниот курс е цената на побарувањето во странска валута, независно од начинот на негово стекнување и располагање со него. Регистрирањето на девизниот курс во економската терминологија е познато како нотирање. Постојат два вида нотирање:[47]

1. директно – подразбира колку единици домашна валута, се потребни за да се купи една единица странска валута;

2. индиректно – покажува за единица национална валута колку единици од некоја странска валута можат да се добијат;

Девизниот курс во сите економии, без исклучок, не е чиста економска категорија, туку помалку или повеќе е сфера на интервенција на монетарните власти. Преку девизниот курс може да се дејствува индиректно на увозната, односно на извозната политика на националната економија, затоа што со негова помош може да се изврши корекција на цените на стоките и услугите што се јавуваат како предмет на меѓународната размена, односно нивно нивелирање.

Во секоја земја, освен официјалниот, постои продажен и куповен девизен курс. Куповниот е малку понизок од официјалниот, а продажниот малку повисок. Разликата меѓу овие два курса ја задржуваат за себе банките и менувачниците како приход со кој се покриват манипулативните трошоци и евентуално загубената камата.

[47] http://avforex.mitlivshistorie.net/pdfebookread/clue-search-puzzles-answers-global-warming.pdf

### *9.2.2. Видови девизен курс*

Девизниот курс на современите валути се определува или по административен пат или преку усогласување на понудата и побарувачката за дадената валута на некој од девизните пазари. Зависно од тоа што е доминантно при определувањето на девизниот курс на валутата – улогата на монетарните власти на земјата, или, пак, девизниот пазар – постојат неколку основни видови девизен курс:

1. фиксен девизен курс;
2. флексибилен девизен курс;
3. раководен флексибилен девизен курс;
4. повеќекратен девизен курс;

1. Фиксен девизен курс

Фиксниот девизен курс се воведува по административен пат, при што девизниот курс меѓу одделните валути се определува во фиксен сооднос, а врз база на однапред утврден официјален стандард. Монетарните власти на националната економија самостојно ја определуваат висината на девизниот курс. Но, кога еднаш ќе се определи големината на фиксниот девизен курс, таа мора да биде одржувана на дадено ниво. Кога се говори за фиксниот девизен курс, мора да се укаже на една негова сериозна слабост. Имено, во услови на изразени флуктации на цените на стоките на меѓународниот пазар, монетарните власти што водат политика на фиксен девизен курс не можат да го употребат девизниот курс на националната валута како инструмент за амортизација на ценовните флуктации во странство. Затоа при увозот на ценовните флуктации веднаш се пренесуваат од странскиот на домашниот пазар и со тоа и наштетуваат на макроекономската стабилност на земјата.

Валутен борд – со негово воведување курсот на националната валута се определува како фиксен во однос на определена странска конвертабилна валута, што се користи како сидро на вредноста на домашната националната валута.Монетарните власти, со формирањето на валутниот борд, ги губат сите свои дискрециони права во монетарната сфера, вклучувајќи го и правото да и позајмуваат пари на владата, на големите компании или банки.

Со тоа се спречува какво и да е финансирање на владата по пат на емисијата на пари од страна на централната банка. Единствено нешто што валутниот борд може да го стори е да ги конвертира домашните пари во странската валута што се користи како сидро, и обратно, но притоа мора да има покритие од 100% во девизните резерви со кои располага.

2.Флексибилен девизен курс

Политиката на фиксниот курс им обезбедува неприкосновени права на монетарните власти во една земја во донесувањето на одлуките во врска со формирањето и определувањето на курсот на националната валута и сите други одлуки од монетарната сфера што се поврзани со макроекономската стабилност на земјата.

Политиката на флексибилен девизен курс, пак, наметнува автоматизам во определувањето на висината на девизниот курс на националната валута и со тоа им ја одзема можноста на монетарните власти да го користат девизниот курс како инструмент за обезбедување на макроекономска стабилност на економијата. Флексибилниот девизен курс поседува некои предности во однос на фиксниот девизен курс, и тоа:

1. Тој е пореален отколку фиксниот
2. Тој, освен што овозможува пореално формирање на девизен курс, ја отстранува потребата од чести измени во валутниот паритет и овозможува речиси автоматско регулирање на интервалутните односи

3. Со оглед на тоа што нема потреба од интервенирање на девизниот пазар за одржување на нивото на девизниот курс, нема потреба од обезбедување и чување на значителен обем на девизни резерви во земјата

4. Флексибилниот девизен курс овозможува промените на цените на светскиот пазар да не се рефлектираат директно врз домашните цени, односно тие да не се внесуваат на домашниот пазар

Меѓутоа овој систем во себе содржи и определени недостатоци:

1. Со него се губи контролата и почитувањето на монетарната дисциплина од страна на монетарните власти, што значи дека сега можат да вршат емисија на хартиени пари без покритие, што може да предизвика појава на инфлациона спирала

2. Не постојат никакви правила за тоа колку често ќе се случуваат измените во големината на девизниот курс, затоа што измените не можат да бидат контролирани од страна на монетарните власти, туку тие се случуваат исклучиво под дејство на пазарниот механизам

3. Ова, пак, од своја страна, создава негативни ефекти врз тековите во меѓународната трговија. Кај учесниците не меѓународниот пазар се јавува чувство на несигурност, затоа што честите измени на девизниот курс носат ризик во поглед на крајните финансиски ефекти од склучените зделки

4. На долг рок флексибилниот девизен курс не може да го спречи прелевањето на ценовните флуктации од меѓународниот на националниот пазар

3.Раководено-флексибилен девизен курс

Раководено-флексибилниот девизен курс треба да изврши комбинација на позитивната страна на фиксниот и флексибилниот девизен курс. На краток рок националната валута има фиксен девизен курс, но на долг рок девизниот курс се приспособува зависно од движењата на девизниот пазар.

Со воведување на раководено-флексибилен девизен курс, измените на девизниот курс на валутата се случуваат почесто отколку кај фиксниот девизен курс, а поретко отколку кај флексибилниот курс и се во мали износи во поглед на големината на курсот.

Во основа станува збор за фиксен курс што е утврден според одреден паритет. Меѓутоа, овој курс е приспособлив зависно од билансот на плаќањата на земјата и движењата во меѓународната економија. Доколку се појават нарушувања со краткорочен карактер, наместо да се менува девизниот курс, се настојува нерамнотежата да се отстрани со помош на монетарните резерви или по пат на краткорочно задолжување во странство. Во случај на долгорочни нарушувања и појава на фундаментална нерамнотежа во билансот на плаќањата на земјата, се врши промена на девизниот курс на националната валута.

4.Повеќекратни девизни курсеви – девизна контрола

Повеќекратниот девизен курс предвидува воведување различна големина на девизниот курс за различни видови меѓународни трансакции. Така, за неопходниот увоз се предвидува поповолен девизен курс од официјалниот, додека за одливот на капитал што може да настане како резултат на увозот на луксузни стоки девизите се достапни за увозниците по далеку повисок, односно понеповолен девизен курс од официјалниот. Дуален курс – со овој механизам се определува различен девизен курс за трговските трансакции од оној што се

применува за капиталните трансакции на меѓународниот пазар. Додека за трговските трансакции се користи курс што е врзан за официјалниот курс на националната валута определен од официјалните власти на земјата, за капиталните трансакции се определува флексибилен девизен курс што е карактеристичен за финансискиот пазар.

## 1.Девизен курс и девизен пазар

### 1.1.Поим за валута

Валутата ја претставува паричната единица. Таа е основата на монетарниот систем на една земја, односно тоа се ефективните пари и парични знаци што циркулираат во оптек во дадена национална економија. Странските валути, пак, ги претставуваат ефективните странски пари, односно парични знаци на странските национални економии.

Вредноста на националната валута во времето на златното важење е определувана според ковничката стапка. Денес, нејзината вредност ја определуваат монетарните власти, водејќи сметка за обезбедување на технички погодности при манипулација со парите и пресметувањата што треба да се вршат со нив.

Хартиените пари својата вредност ја стекнуваат преку обемот и количеството на стоките и услугите што можат да се произведат во рамките на дадената национална економија. Монетарната власт, ја определува вредноста на националната валута со автономен закон и има задача да обезбеди доволно ликвидни средства за непречено одвивање на економските трансакции во земјата.

### 1.2. Видови валути

Постојат повеќе видиви на валутите, и тоа:

***1. конвертабилни валути*** – конвертабилноста на валутата претставува нивна заменливост според однапред утврден паритет. Таа може да биде**:**

а) Неограничено конвертабилна – замена на националната валута за злато во секое време без ограничувања на количеството што се заменува според однапред позната стапка

b) Ограничена конвертабилност – неограничена заменливост на националната валута за која и да е друга странска валута во рамките на меѓународните плаќања, и тоа според однапред определе соодност.

***2. неконвертабилни валути –*** се национални валути кои не се заменливи за злато, односно за странски валути. Тие се употребуваат само за внатрешен промет на дадената земја. Неконвертабилните валути се среќаваат и под името меки или врзани валути

***3. валути за пресметка*** – пресметковните или клириншките валути се договорни валути. Тие се употребуваат за пресметување на вредноста на обврските од меѓусебната размена на економиите кои не располагаат со конвертабилни национални валути. Обично пресметковната валута не е валута на ниту една од договорните страни, туку таа е некоја трета валута чија вредност е стандардна, односно однапред договорена

***4. трансферабилна валута*** – за да се олесни размената на стоки и услуги меѓу економиите коишто не располагаат со конвертабилна национална валута и оние што имаат конвертабилна валута, се воведува т.н. трансферабилна валута.

***5. Црноберзански валути*** – сите национални валути межат да се појават во рамките на црноберзански валути доколку нивниот официјален курс не е соодвотен со ивната реална вредност. Во ваков случај во националната економија ќе дојде до формирање на црна берза на која купувањето и продавањето на странските влаути се одвива според црниот курс, што обично е повисок од официјалниот.

### 1.3.Интервалутен курс

За непречено одвивање на меѓународната размена е неопходно учесниците во размената однапред да ги познаваат интервалутните односи на одделни национални валути. Секоја валута има свој паритет, односно свој валутен курс, што претставува

појдовна точка во определувањето на интервалутните односи. Постојат три основни начини за определувањето на интервалутните односи, и тоа:

1. според паритетот на куповните сили
2. со помош на заеднички деноминатор
3. преку пазарно определување на интервалутната вредност

### 1.4.Определување на интервалутната вредност врз основа на паритетот на куповните сили

Според овој метод, се мери количеството на стоки што може да се купи на домашниот пазар со единица од националната валута, од една страна, и единица од националната валута од некоја друга земја на нејзиниот пазар, од друга страна. Потоа, овие две количини на  стоки меѓусебно се споредуваат, со што се добива интервалутниот однос.

### 1.5.Определување на интервалутната вредност врз база на заеднички деноминатор

Овој метод се состои во тоа што страните заинтересирани за определувањето на интервалутниот однос се договараат за тоа што ќе замат за заедничка основа при определување на овој однос. Како заедничка основа (стандард) најчесто се зема некоја цврста, конвертабилна валута, општеприфатена во меѓународниот платен промет, како, на пример, американскиот долар. Но, постапката е уште поедноставна доколку како деноминатор се земе количеството злато што го содржи секоја од националните валути. Така, со споредување на номиналните количини на злато што ги содржат двете различни валути, би се добил интервалутниот однос.

### 1.6.Пазарно определување на интервалутната вредност

Националните валути претставуваат стоки со кои се тргува на валутно-девизните пазари (берзи). Не берзите цената на одделните валути се формира како и цената на сите други стоки на стоковниот пазар – преку механизмот на понудата и побарувачката на дадената национална валута. Но, факт е дека вредноста на валутата ја определуваат монетарните власти, па поради тоа може да дојде до расчекор меѓу внатрешната и надворешната вредност на нацоналната валута. Тука се можни следниве состојби:

1. Преценетост на националната валута – е  состојба што се јавува кога внатрешната вредност на валутата е помала од надворешната вредност. Поради ова цените на домашните стоки и услуги за странските купувачи се високи, па затоа опаѓа нивната конкурентност во однос на странските стоки и услуги, односно кај домашните економски субјекти се губи интересот за извоз. Од друга страна, странските стоки и услуги стануваат поевтини од домашните на домашниот пазар, со што се зголемува увозот од странство. Затоа се јавува потреба од воведување на девизна контрола

2. Потценетост на националната валута – состојба во која внатрешната вредност на валутата е поголема од надворешната. Во овој случај цените на домашните стоки и услуги се атрактивни за странските купувачи, односно стануваат конкурентни во однос на странските стоки и услуги. Едновремено, странските стоки и услуги стануваат поскапи од домашните на домашниот пазар. Така, се зголемува интересот за извоз, а се намалува интересот за увоз на стоки и услуги од странство. Во овој случај нема потреба од девизна контрола

### 1.6.1 Влијанието на економските текови и на монетарните власти врз интервалутните односи

Состојбите во една национална економија не се еднаш засекогаш дадени, туку постојано се менуваат, некогаш на подобро, а некогаш на полошо. Така, при претпоставка дека монетарните власти реално го дефинирале курсот на националната валута, во глобала се јавуваат две различни состојби:

.

**Состојба 1**

Кога куповните фондови почнуваат да растат без никаква промена на вредноста на валутата од страна на националните власти, во овој случај кај потрошувачите се јавува чувство на зголемување на нивната куповна моќ на домашниот пазар, иако номиналните парични фондови со кои располагаат остануват исти исти. Оваа појава се нарекува апресијација на валутата. Доколку се покаже дека не станува збор за моментни нарушувања, притисокот на побарувачката на домашниот пазар може се повеќе да се зголемува, со што побарувачката ќе почне да ја надминува вкупната понуда. Ова ќе предизвика општ пораст на цените, кој во националната економија се нарекува инфлација. Инфлцијата доведува до зголемување на официјалниот курс на валутата, кој пак, од своја страна, ќе ги стимулира увозниците да увезуваат повеќе, затоа што тие ќе имаат впечаток дека странските стоки се поевтини од домашните. Извозниците, пак, ќе имаат проблеми со настапот на странските пазари затоа што високиот курс на националната валута ќе ги прави нивните стоки поскапи, во однос на странските производи. Имено, така продлабочува дефицитот во билансот на плаќања во земјата, што, од своја трана, ќе ја поттикнува инфлацијата уште повеќе и ќе ја разнишува макроекономската стабилност на земјата. Затоа монетарните власти ќе бидат принудени да ја усогласат надворешната си внатрешната вредност на валутата, односно ќе мораат да го намалат нејзиниот официјален курс. Намалувањето на официјалниот курс на валутата во однос на странските валути се вика девалвација.

**Состојба 2**

Кога доаѓа до опаѓање на куповнта моќ на потрошувачите без да дојде до промени во нивото на наминалните парични фондови со кои тие располагаат. Ова значи дека стоковните фондови почнуваат да ги надминуваат паричните. Појавата на чувството на намелена куповна моќ во економијата се нарекува депрецијација на националната валута. Доколку нарушувањата имаат длабоки причини, тогаш стоковите фондови ќе почнат сериозно да ги надминуваат паричните. Недостатокот на пари во економијата ќе ја отежне реализацијата на стоките на домашниот пазар, а тенденцијата на долгорочно намалување на побарувачката во однос на понудата ќе доведе до општо опаѓање на цените во националната економија. Оваа појава се нарекува дефлација. Во овој случај, на долг рок, ќе дојде до намалување на увозот и до зголемување на извозот. Зголемувањето на извозот во однос на увозот ќе доведе до појава на суфуцит во билансот на плаќање а доколку ова се манифестира на дол рок, ќе се наруши целата макроекономска стабилност на земјата. За да се спречи сето ова, монетарните власти ќе мораат да ја зголемат официјалната вредност на националната валута, со што нејзината вредност ќе порасне во однос на странските валути и со тоа ќе се усогласи надворешната со внатрешната вредност на валутата. Актот со кој монетарните власти ја зголемуваат официјалната вредност на националната валута се вика ревалвација.

## 2. Поим за девизи

Поимот девизи во глобала, може да се дефинира во:

1. Потесна смисла, девизите се краткорочно побарување во странска валута настанато по која и да е основа и без оглед на начинот на располагање со него;

2. Поширока смисла, под поимот девизи, се подразбираат краткорочните побарувања во странство што гласат на странска валута и сите ефективни странски парични средства, освен кованите златни пари.Во нашата земја е прифатена пошироката дефиниција на девизите.

### 2.1.Видови девизи

Постојат повеќе различни поделби според различни критериуми на повеќе видови и тоа:

1. **Според стабилноста:**

a. цврсти девизи – подразбираат постојаност и стабилност на девизниот курс. Ова се девизи што потекнуваат од стабилни, развиени национални економии, кои имаат врамнотежен биланс на плаќања и кои зафаќаат значајно место во меѓународната поделба на трудот;

b. меки девизи – немаат постојана стабилност на куповната моќ затоа што потекнуваат од економии што се наоѓаат на периферијата на меѓународната поделба на трудот и чија макроекономска нестабилност е долгорочна

2. **Според нивната способност за конверзија**;

а) конвертабилни – краткорочни побарувања што гласат на странска валута и што можат да се заменуваат за други девизи или странски ефективни парични средства врз основа на претходно утвредн паритет

b) неконвертабилни – оние кои не можат да се заменуваат за други девизи или ефективни странски парични средства

c) клириншки – се јавуваат во случаите на должничко-доверителни односи врз основа на билатерални спогодби склучени врз однова на клириншкиот начин на плаќање

3. **Зависно од рокот на доспевање**

а) промптни – доспеани девизи што можат да се наплатат веднаш;

b) термински – не се доспеани, односно не можат да се наплатат веднаш, туку треба да се чека дав помине определен временски период што е однапред договорен

### 2.2.Девизен курс – поим и видови

#### 2.2.1. Поим за девизен курс

Девизниот курс е цената на побарувањето во странска валута, независно од начинот на негово стекнување и располагање со него. Регистрирањето на девизниот курс во економската терминологија е познато како нотирање. Постојат два вида нотирање:

1. директно – подразбира колку единици домашна валута се потребни за да се купи една единица странска валута;

2. индиректно – покажува за единица национална валута колку единици од некоја странска валута можат да се добијат;

Девизниот курс во сите економии, без исклучок, помалку или повеќе е е сфера на интервенција на монетарните власти. Преку девизниот курс може да се дејствува индиректно на увозната, односно на извозната политика на националната економија. Затоа што со негова помош може да се изврши корекција на цените на стоките и услугите што се јавуваат како предмет на меѓународната размена, односно нивно нивелирање.

Во секоја земја, освен официјалниот, постои продажен и куповен девизен курс. Куповниот е малку понизок од официјалниот, а продажниот малку повисок девизен курс. Разликата меѓу овие два курс,а ја задржуваат за себе банките и менувачниците како приход со кој се покриват манипулативните трошоци и евентуално загубената камата**.**

### 2.2.2.Теории за девизниот курс

Спрема платнобилансната теорија, цената на девизите, односно девизниот курс, се формира под влијание на понуда и побарувачката, како и секоја другага цена. Според теоријата за паритетот на каматните стапки, понудата и побарувачката на девизи не мора да се поттикнуваат од извозот и увозот на стоки и услуги, туку и од претворање на финансиските фондови од една валута во други. Во глобала постојта дав типа на нотирање на девизниот курс:

1 .Директно нотирање се применува кога девизниот курс се искажува преку цена на единица странска валута во домашна валута;

2.Индиректно нотирање се прменува кога девизниот курс се искажува преку цената на единица домашна валута во странска валута.

### 2.2.3.Теорија на паритет на куповна сила за девизниот курс

Според оваа теорија девизниот курс се воспоставува на она ниво на кое се изедначуваат куповната моќ, во земјата и во странство.Заради тоа што, спрема оваа теорија, девизниот курс се менува во согласност со релативните цени, оваа теорија за формирање на девизниот курс се нарекува и теорија на инфлација.

Пример: Да претпоставиме дека цената на еден автомобил верно го одржува општото ниво на цени во Македонија и САД. Доколку цената на автомобилот во Македонија е 240.000 денари, а во САД 5.000 долари, тогаш курсот ќе изнесува 48 денари за еден долар и ќе ја изедначи куповната моќ на парите во двете земји;

- Што ќе се случи ако цените во Македонија пораснат, при што автомобилот чини 300.000 денари?

Решение:

Ако во базниот период девизниот курс е на такво ниво што обезбедува паритет на куповната моќ, тогаш тој во наредниот период ќе се менува во согласност со стапките на инфлација во земјата и странство. Ова може да се изрази со формулата што следува:

- Ki = нов девизен курс во годината i;
- K0 = девизен курс во базниот период;
- Pai = индекс на цени во дадена земја во година i;
- Pbi = индекс на цени во странска земја во година i.
-

$$K_i = \frac{K_0 \times P_{ai}}{P_{bi}}$$

Прашање:

- Што ќе се случи доколку цените во САД пораснале и тоа за 10%?

- Колку сега ќе чини споменатиот автомобил?
- Колкав би бил новиот девизен курс?

Решение:

- Споменатиот автомобил би чинел 5.500 долари;
- Новиот девизен курс би изнесувал:

$$K_i = \frac{50 \times 120}{110} = 54{,}55$$

### 3.Видови девизен курс

Девизниот курс на современите валути се определува или по административен пат или преку усогласување на понудата и побарувачката за дадената валута на некој од девизните пазари. Зависно од тоа што е доминантно при определувањето на девизниот курс на валутата – улогата на монетарните власти на земјата, или, пак, девизниот пазар – постојат неколку основни видови девизен курс:

1. фиксен девизен курс;
2. флексибилен девизен курс;
3. раководено- флексибилен девизен курс;
4. повеќекратен девизен курс;

### 3.1. Фиксен девизен курс

Фиксниот девизен курс се воведува по административен пат, при што девизниот курс меѓу одделните валути се определува во фиксен сооднос, а врз база на однапред утврден официјален стандард. Монетарните власти, на националната економија самостојно ја определуваат висината на девизниот курс. Но, кога еднаш ќе се определи големината на фиксниот девизен курс, таа мора да биде одржувана на дадено ниво. Кога станува збор за фиксниот девизен курс, мора да се истакне една негова сериозна слабост. Имено, во услови на изразени флуктации на цените на стоките на меѓународниот пазар, монетарните власти што водат политика на фиксен девизен курс, не можат да го употребат девизниот курс на националната валута како инструмент за амортизација на ценовните флуктации во странство. Затоа при увозот на ценовните флуктации веднаш се пренесуваат од странскиот на домашниот пазар и со тоа и наштетуваат на макроекономската стабилност на земјата.

Валутен борд – со негово воведување курсот на националната валута се определува како фиксен во однос на определена странска конвертабилна валута, што се користи како сидро на вредноста на домашната националната валута.Монетарните власти, со формирањето на валутниот борд, ги губат сите свои дискрециони права во монетарната сфера, вклучунајќи го и правото да и позајмуваат пари на владата, на големите компании или банки.Со тоа се спречува какво и да е финансирање на владата по пат на емисијата на пари од страна на централната банка. Единствено нешто што валутниот борд може да го стори е да ги конвертира домашните пари во странската валута што се користи како сидро, и обратно, но притоа мора да има покритие од 100% во девизните резерви со кои располага.

#### 3.1.1.Политики на стабилизација со фиксен девизен курс

Во глобала постојат следниве економски политики за стабилизација преку фиксен девизен курс:

1. монетарна политика,
2. фискална политика, и
3. ненадејна промена во фиксното ниво на девизниот курс, E0;

Со фиксирањето на девизниот курс, централната банка се откажува од моќта да влијае на економијата преку монетарната политика. Од друга страна, фискалната политика прераснува во потенцијално поголемо орудие за влијание врз производството и врз вработувањето.

*На што може да влијае монетарната политка во услови на фиксен девизен курс?*

- Во услови на фиксни курсеви, монетарната политика може да влијае само на девизните резерви и на ништо друго;
- Со фиксирањето на девизниот курс, централната банка ја губи способноста да ја користи монетарната политика за остварување на цели на макроекономска стабилизација.

**Слика 1. Монетарната експанзије е неделотворна во услови на фиксен девизен курс**




Почетната рамнотежа е прикажана во точка 1, каде пазарите на производи и средства истовремено се чистат при фиксен девизен курс од E0 и ниво на аутпут Y1. Надевајќи се на зголемување на аутпутот до ниво Y2, централната банка одлучува да ја зголеми понудата на пари преку купување на домашни средства и поместување на AA1 кон AA2. Поради тоа што централната банка мора да го одржува E0, мора да продаде странски средства за домашна валута, што е активност која веднаш ја намалува понудата на пари и го враќа AA2 назад до AA1.

*Која е втора клучна стабилизациска алатка на владата?*

Втора клучна стабилизациска алатка на владата е фискалната политика која е поефикасна во услови на фиксен отколку на флуктуирачки курс;

**Слика 2 Фискална експанзија во услови на фиксен девизен курс**




Фискалната експанзија (прикажана со поместувањето на DD1 кон DD2) и интервенцијата која ја придружува (поместувањето од AA1 кон AA2) ја движат економијата од точката 1 кон точката 3.

- Спротивно од монетарната политика, фискалната политика може да се користи за влијание врз аутпутот во услови на фиксен девизен курс. Всушност, таа е дури и поефикасна отколку во услови на флуктуирачки курс!!!
- Во услови на флуктуирачки курс, фискалната експанзија е придружувана со апрецијација на домашната валута што ги прави домашните стоки и услуги поскапи и има тенденција да дејствува спротивно на позитивното директно влијание на вкупната побарувачка.

*За да ја спречи оваа апрецијација, што превзема ЦБ?*

- ЦБ која го фиксира девизниот курс е принудена да ја зголеми понудата на пари преку купување на девизи;
- Дополнителниот проширен ефект од овој ненамерен пораст на понудата на пари, објаснува зошто фискалната политика има поголем потенцијал отколку во услови на флуктуирачки курс.

*Промени во девизниот курс*

- Девалвација се случува кога централната банка ја зголемува цената на домашната валута во однос на странската валута Е и ревалвација се случува кога банката ја намалува цената на домашната валута во однос на странската валута Е;
- Сè што централната банка треба да направи за да ја девалвира или ревалвира валутата е да објави подготвеност за тргување со домашната валута во однос со странските валути во неограничени износи според новиот девизен курс.

**Слика 3 Ефект од девалвација на валутата**




Кога валутата е девалвирана од E0 на E1, рамнотежата во економијата се поместува од точката 1 во точката 2, како што се прошируваат и производството и понудата на пари.

*Трите главни причини зошто владите некогаш избираат да извршат девалвација на нивните валути*

- Прво, девалвацијата на владата и овозможува да се бори со домашната невработеност и покрај недостатокот на ефективна монетарна политика. На пример, доколку трошоците на владата и буџетскиот дефицит се политички непопуларни или законодавниот процес е бавен, владата може да се одлучи за девалвација како најсоодветен начин за подигање на вкупната побарувачка.
- Втора причина за девалвација е крајното подобрување на тековната сметка, развој за кој владата верува дека е посакуван;
- Третиот мотив е влијанието на девалвацијата врз девизните резерви на централната банка. Ако централната банка работи со ниски резерви, може да се искористи ненадејна еднократна девалвација за да се привлечат повеќе девизи.

**Приспособување на фискалната политика и промените на девизниот курс**

- Доколку фискалните промени и промените на девизниот курс се случуваат во услови на полна вработеност и промените во политиката се одржуваат на неодредено време, тие на крајот ќе предизвикаат нивото на домашните цени да се движи на таков начин што полната вработеност е повторно воспоставена;
- Ако економијата иницијално е на ниво на полна вработеност, фискалната експанзија го зголемува аутпутот над нивото на полната вработеност што предизвикува домашното ниво на цени P да почне да се зголемува;
- Како што P расте така домашното производство станува се поскапо, вкупната побарувачка постепено опаѓа, враќајќи го производството на почетното ниво на полна вработеност;
- Штом еднаш се постигне оваа точка, нагорниот притисок на нивото на цената завршува.

**Дали постои реална апрецијација на краток рок?**

- Не постои реална апрецијација на краток рок, како што е тоа случајот со флуктуирачкиот девизен курс, но независно од тоа дали девизниот курс е флуктуирачки или фиксен, реалниот девизен курс на долг рок апрецира за ист износ;
- Во овој случај реалната апрецијација (опаѓање на EP*/P) повеќе ја зема формата на пораст на P отколку опаѓање на E.
- На прв поглед, долгорочниот пораст на нивото на цените предизвикан од фискалната експанзија во услови на фиксни курсеви, дека за дадено ниво на аутпут и каматна стапка, нивото на цените и понудата на пари на долг рок се движат пропорционално;
- Недоследност не постои, бидејќи фискалната експанзија навистина предизвикува пораст на понудата на пари преку форсирање интервенција на централната банка на девизниот пазар.

*При фиксирање на курсот преку процесот на приспособување, што мора да направи ЦБ?*

За да се фиксира курсот преку процесот на приспособување, централната банка на крајот мора да ја зголеми понудата на пари преку интервенција пропорцијално со долгорочниот пораст на P;

*Кризи на платниот биланс и бегство на капиталот*

- Во практиката во многу ситуации централната банка смета дека е непожелно или неизводливо да се одржува тековниот девизен курс на фиксно ниво. На пример, централната банка може да има и тековен недостаток на девизни резерви или може да се соочи со висока домашна невработеност;
- Соогледна тоа што пазарните учесници знаат дека централната банка може да одговори на овие состојби со девалвација на валутата, од нивна страна ќе биде неразумно да очекуваат дека тековниот девизен курс ќе биде одржуван засекогаш.

*Што дава поттик на кризата на билансот на плаќања?*

Верувањето дека на пазарот претстои промена на девизниот курс дава поттик на кризата на платниот биланс и води кон нагла промена во официјалните девизни резерви поттикнати од промената во очекувањата за идниот девизен курс;

*Како може да се случат кризите на платниот биланс во услови кога имаме фиксни девизни курсеви?*

- Со помош на моделот на рамнотежа на пазарот на средства може да се истражи како може да се случат кризите на платниот биланс во услови кога имаме фиксни девизни курсеви;
- Сликата 17-5 покажува рамнотежа на пазарите на средства во точките 1 (пазарот на пари) и 1'(девизниот пазар) со девизен курс фиксиран на ниво E0, под претпоставка дека на тоа ниво ќе остане неодредено време во иднината. M1 претставува понуда на пари конзистентна на почетната рамнотежа
- На пример, да претпоставиме неочекувано влошување на тековната сметка, што води кон тоа девизниот пазар да очекува од владата да изврши девалвација и да присвои нов фиксен девизен курс E1, кој е повисок од тековниот курс E0;
- Бидејќи, тековниот девизен курс сè уште е E0, рамнотежата на девизниот пазар (точка 2ж) бара пораст на домашната каматна стапка на P* + (E1 – E0)/E0, која

сега е еднаква на очекуваниот принос на домашна валута за странските валутни средства.

- На почетокот, домашната каматна стапка се задржува на ниво Р*, што е под нивото на новоочекуваната добивка на странски средства;
- Оваа разлика предизвикува вишок на побарувачка на средствата во странска валута на девизниот пазар;
- Централната банка за и понатаму да го држи девизниот курс на ниво Е0, мора да продаде девизни резерви и на овој начин да ја намали домашната понуда на пари;
- Интервенцијата на банката завршува тогаш кога понудата на пари ќе падне на ниво М2, така што пазарот на пари е во рамнотежа при каматна стапка Р* + (Е1 – Е0)/Е0 што го чисти девизниот пазар (точка 2).
- Очекувањето на идна девалвација предизвикува платнобилансна криза обележена со нагло опаѓање на резервите и пораст на домашната каматна стапка над светската каматна стапка. Слично на ова, една очекувана ревалвација предизвикува нагол пораст на девизните резерви придружено со паѓање на домашната каматна стапка под нивото на светската каматна стапка.

*Што се нарекуваат бегство на капитал?*

- Загубите во резервите кои се придружно обележје на стравот од девалвација често се нарекуваат бегство на капитал, бидејќи со него врзаниот долг во платнобилансните сметки е одлив на приватен капитал;
- Резидентите ја избегнуваат домашната валута преку нејзина продажба на централната банка за девизи; потоа тие ги инвестираат девизите во странство.

*Зошто бегството на капиталот е од посебен интерес за владата?*

- Од причини што се појавува стравот од девалвација, бидејќи, како прво, резервите на централната банка се премногу ниски;
- Со потиснување на резервите на уште пониско ниво, бегството на капиталот може да ја принуди централната банка да изврши девалвација уште порано и во поголем износ отколку што било првично планирано.

**Слика 4 Бегство на капиталот, понудата на пари и каматната стапка**



Објаснување кон слика

За да се одржи девизниот курс фиксен на ниво Е0 откако пазарот ќе одлучи да биде девалвиран на ниво Е1, централната банка мора да ги користи своите резерви за да го финансира одливот на приватен капитал кој ја намалува понудата на пари и ја зголемува домашната каматна стапка.

*Што ги предизвикува валутните кризи?*

- Често, владата следи политики кои не се конзистентни со одржувањето на фиксен девизен курс на долг рок. Штом пазарните очекувања ги земат предвид овие политики, каматните стапки на земјата неизбежно почнуваат да растат;
- На пример, централната банка на една земја може да купува обврзници од домашната влада за да & дозволи на владата да има константни фискални дефицити.
- Оттука купувањето домашни средства од страна на централната банка предизвикува постојани загуби во нејзините девизни резерви, тие ќе се намалуваат движејќи се кон точката каде централната банка може да се најде во позиција да не располага со средства за поддршка на девизниот курс;
- Како што можноста за колапс расте, со текот на времето растат и домашните каматни стапки, сè додека централната банка навистина не остане без девизни резерви и кога и фиксниот девизен курс се напушта.
- Единствен начин за централната банка да ја избегне оваа судбина е да престане финансиски да го потпомага дефицитот на владата, присилувајќи ја да опстојува во рамките на своите средства;
- Економијата на една земја, дури и кога таа не е во така лоша состојба, може да биде подложена на валутните шпекулации и колапсот на режимот на фиксен девизен курс, сепак, да е неизбежен.

*Кои валутни кризи се нарекуваат валутни кризи кои се потхрануваат сами од себе?*

- Валутните кризи кои се јавуваат во такви услови често се нарекуваат валутни кризи кои се потхрануваат сами од себе, иако е значајно да се има на ум дека владата може да биде одговорна за таквата криза преку создавање и толерирање на домашната економска слабост што на некој начин и ги повикува шпекулантите да ја нападнат валутата.
- Како за пример, да разгледаме една економија во која обврските на домашните комерцијални банки, воглавно, се краткорочни депозити и во која многу од банкарските кредити дадени на бизнисите најверојатно ќе завршат неплатени во случај на рецесија;
- Ако шпекулантите се посомневаат дека ќе има девалвација, каматната стапка ќе се покачи, нагло ќе се зголемат банкарските трошоци за заеми, додека во исто време ќе се намалува вредноста на банкарските средства.

*За да се спречи домашниот финансиски колапс, што треба да направи ЦБ?*

- За да се спречи домашниот финансиски колапс, централната банка може да им позајми пари на банките, при што во текот на овој процес ќе ги загуби девизните резерви и најверојатно ќе ја загуби својата способност за врзување на девизниот курс;
- Во овој случај, итноста на очекуваната девалвација меѓу трговците со валути е таа која ја турка економијата во криза и ја форсира промената на девизниот курс.

*Што имплицира неделотворноста на монетарната политика во услови на фиксен девизен курс?*

- Неделотворноста на монетарната политика во услови на фиксен девизен курс имплицира дека стерилизацијата е политика спротивна на своите цели;
- Клучно обележје на Кругмановиот модел кој води кон овие резултати е претпоставката дека девизниот пазар е во рамнотежа само кога е иста очекуваната добивка на домашни и на странски валутни обврзници;
- Оваа претпоставка честопати се нарекува совршена заменливост на средствата.
- Со совршената заменливост на средствата на девизниот пазар, девизниот курс е одреден така што условите на паритетот на каматни стапки се одржуваат;
- Спротивно на совршената заменливост на средствата, несовршена заменливост на средствата постои кога е можно очекуваните приноси да се разликуваат во рамнотежата;
- Фактор кој може да води кон несовршена заменливост на средствата на девизниот пазар е ризикот!
- Доколку обврзниците деноминирани во различни валути имаат различни степени на ризик, инвеститорите може да бидат подготвени и на понизок очекуван принос за обврзниците кои се помалку ризични. Следствено на тоа, тие ќе поседуваат средство со висок ризик само доколку очекуваниот принос кој тоа средство го нуди е релативно висок.

**2.Флексибилен девизен курс**

Политиката на фиксниот курс им обезбедува неприкосновени права на монетарните власти во една земја во донесувањето на одлуките во врска со формирањето и определувањето на курсот на националната валута и сите други одлуки од монетарната сфера, што се поврзани со макроекономската стабилност на земјата.

Политиката на флексибилен девизен курс, пак, наметнува автоматизам во определувањето на висината на девизниот курс на националната валута и со тоа им ја одзема можноста на монетарните власти да го користат девизниот курс како инструмент за обезбедување на макроекономска стабилност на економијата. Флексибилниот девизен курс има и предности во однос на фиксниот девизен курс, и тоа:

1. тој е пореален отколку фиксниот;

2. покрај што овозможува пореално формирање на девизен курс, ја отстранува потребата од чести измени во валутниот паритет и овозможува речиси автоматско регулирање на интервалутните односи;

3. со оглед на тоа што нема потреба од интервенирање на девизниот пазар за одржување на нивото на девизниот курс, нема потреба од обезбедување и чување на значителен обем на девизни резерви во земјата;

4. флексибилниот девизек курс, овозможува промените на цените на светскиот пазар да не се рефлекритаат директно врз домашните цени, односно тие да не се внесуваат на домашниот пазар

Меѓутоа овој систем во себе содржи и определени недостатоци:

1. со него се губи контролата и почитувањето на монетарната дисциплина од страна на монетарните власти, што значи дека сега можат да вршат емисија на хартиени пари без покритие, што може да предизивка појава на инфлациона спирала;

2. Не постојат никакви правила за тоа колку често ќе се случуваат измените во големината на девизниот курс, затоа што измените не можат да бидат контролирани од страна на монетарните власти, туку тие се случуваат исклучиво под дејство на пазарниот механизам;

3. ова, пак, од своја стрна, создава негативни ефекти врз тековите во меѓународната трговија. Кја учесниците не меѓународниот пазар се јавува чувство на несигурност, затоа што честите измени на девизниот курс носат ризик во поглед на крајните финансиски ефекти од склучените зделки;

4. на долг рок флексибилниот девизен курс не може да го спречи прелевањето на ценовните флуктации од меѓународниот на националниот пазар

## 3.Раководено-флексибилен девизен курс

Раководено-флексибилниот девизен курс треба да изврши комбинација на позитивните страни на фиксниот и флексибилниот девизен курс. На краток рок националната валута има фиксен девизен курс, но на долг рок девизниот курс се приспособува завосно од движењата на девизниот пазар.

Со воведување на раководено-флексибилен девизне курс, измените на девизниот курс на валутата се случуваат почесто отколку кај фиксниот девизен курс, а поретко отколку кај флексибилниот курс и се во мали износи во поглед на големината на курсот.

Во основа станува збор за фиксен курс што е утврден според одреден паритет. Меѓутоа, овој курс е приспособлив зависно од билансот на плаќањата на земјата и движењата во меѓународната економија. Доколку се појават нарушувања со краткорочен карактер, наместо да се менува девизниот курс, се настојува нерамнотежата да се отстрани со помош на монетарните резерви или по пат на краткорочно задолжување во странство. Во случај на долгорочни нарушувања и појава на финдаментална нерамнотежа во билансот на плаќањата на земјата, се врши промена на девизнот курс на националната валута.

*Промена на девизниот курс*

За успех во меѓународниот пазар, потребно е да се знае какви промени на девизните курсеви можат да се очекуваат во иднина. На пр. доколку валутата во која сме се задолжиле зајакнува – товарот на нашиот долг ќе се зголеми, доколку валутата во која сме одобриле кредит ослабне– ќе доведе до топење на дел од нашите побарувања.

Од друга страна зголемувањето и намалување на девизниот курс не треба да се меша со потценетост и преценетост на националната валута;

- Потценетоста и преценетоста означуваат одредена состојба, и покажуваат дали курсот е под или над реалниот девизен курс;
- Девалвација, депресијација, ревалвација и апресијација претставуваат одредени промени на девизниот курс.

*Примери:*

- Доколку поранешниот девизен курс бил на нивото на реалниот, тогаш девалвацијата и депресијацијата сигурно ја доведуваат националната валута во состојба на потценетост, а ревалвацијата и апресијацијата во состојба на преценетост;
- Меѓутоа, ако на пр., поранешниот девизен курс бил за 20% под реалното ниво, при што со девалвацијата се зголеми за 15%, тоа значи дека националната валута била и останала преценета, и покрај тоа што степенот на преценетоста сега е помал. Ако во тој случај, девизниот курс порасне за 30%, националната валута од состојба на преценетост ќе премине во состојба на блага потценетост- новиот девизен курс ќе биде над реалното ниво.

*Правилно вкрстени девизни курсеви:*

Во нормални околности односот помеѓу две валути би требало да е ист на сите девизни пазари.

| Земја – пазар | Девизен курс за: | | |
|---|---|---|---|
| | САД долари | ЕВРО | Брит. Фунта |
| САД | 1 | 1,25 | 1,6 |
| Еврозона (EMU) | 0,80 | 1 | 1,28 |
| Велика Британија | 0,625 | 0,78125 | 1 |

Курсот на еврото во САД  K(USD/EUR) (1ЕВРО = 1,25$ САД) претставува реципрочна вредност на курсот на доларот во Еврозоната K(EUR/USD) (1САД = 0,80 ЕВРО), односно

$$K_{(USD/EUR)} = \frac{1}{K_{(EUR/USD)}}, m.e...\ 1{,}25 = \frac{1}{0{,}80}$$

Еврото е 25 проценти поскапо од доларот во САД (1,25:1), а исто толку е поскапо и во Велика Британија (0,78125:0,625) и во Европа (1:0,80). Имено, ако еден долар САД замениме во Еврозоната за евро, потоа таа вредност да ја замениме во Велика Британија во фунти и конечно тој износ во САД долари, ќе добиеме повторно еден долар со кој ја започнавме трансакцијата.Со оваа операција не остваруваме ниту добивка ниту загуба (трошоците на трансакцијата ги занемаруваме).

Конкретно:

- За 1 USD сме добиле 0,80 EUR,
- За 0,80 EUR сме добиле 0,625 GBP и
- За 0, 625 GBP сме добиле 1 USD.

До истиот резултат ќе дојдеме и преку следнава равенка со множење на курсевите:

$$K_{(EUR/USD)} \times K_{(GBP/EUR)} \times K_{(USD/GBP)} = 1$$

$$m.e.\ 0{,}80 \times 0{,}78125 \times 1{,}6 = 1$$

*За односите меѓу девизните курсеви значајни се следните релации:*

- Курсот на доларот во евра е еднаков на реципрочната вредност на курсот на еврото во долари:

$$K_{(i/j)} = \frac{1}{K_{(j/i)}} \qquad K_{EUR/USD} = \frac{1}{K_{USD/EUR}}, m.e..\ 0{,}80 = \frac{1}{1{,}25}$$

- Курсот на доларот во евра е еднаков на курсот на фунтата во евра помножено со курсот на доларот в во фунти:

$$K_{(i/j)} = \frac{K_{(i/k)}}{K_{(j/k)}} \qquad K_{(EUR/USD)} = \frac{K_{(EUR/GBR)}}{K_{(USD/GBR)}} m.e..\ 0{,}80 = \frac{1{,}28}{1{,}6}$$

**Неправилно вкрстени девизни курсеви и девизна арбитража**

Тоа значи, дека на пр., курсот на доларот во евра не е рамен на реципрочната вредност на курсот на еврото во долари т.е.:

$$K_{(EUR/USD)} \neq \frac{1}{K_{(USD/EUR)}}$$

| Земја – пазар | Девизен курс за: | | |
|---|---|---|---|
| | САД | Евро | Фунта |
| САД | 1 | 1,25 | 1,6 |
| Еврозона (EMU) | 0,85 | 1 | 1,28 |
| Велика Британија | 0,625 | 0,78125 | 1 |

*Неправилно вкрстени девизни курсеви и девизна арбитража*

- Наместо курсот на доларот во Европа да биде 0,80 ЕВРА, тој изнесува 0,85 ЕВРА;
- Во ваква ситуација тие што ќе ги менуваат доларите во евра ќе заминат на пазарот во Европа бидејќи за ист износ на долари ќе добијат повеќе ЕВРА, а тие што ќе ги менуваат еврата во долари тоа ќе го обавуваат на пазарите во САД бидејќи за ист износ на долари ќе даваат помалку евра;
- Користењето на овие разлики во девизните курсеви на два пазари заради остварување на добивка се нарекува диференцијална арбитража.

*Конверзиона арбитража*

Неправилно вкрстени курсеви пружат прилика добивка до остварат и тие кои што располагаат со фунти, иако курсевите се правилно вкрстени на релација фунта-долар и фунта –евро.Тоа ќе се постигне ако фунтата на пазарот во САД се замени за долари, доалрите се заменат во Европа за евра и конечно еврата да се заменат за фунти.

$$K_{(USD/GBR)} \times K_{(EUR/USD)} \times K_{(GBP/EUR)} \rangle\ 1$$

$$т.е\ 1{,}6 \times 0{,}85 \times 0{,}78125 = 1{,}0625$$

За да дојде до арбитража неопходно е добивката да биде над трошоците кои настануваат со конвертирањето на фондовите од една во друга валута.

*Промптни и термински работи со девизите*

Кога на девизниот пазар се склучуваат работи за купопродажба на девизи, а договорените работи се извршуваат веднаш или најдоцна во рок од два работни дена, станува збор за промптни или spot девизни работи. Можно е, меѓутоа, да се заклучи работата за купопродажба на девизи, но самиот чин на купопродажба се обавува подоцна, спрема договорениот рок. Ваквите трансакции ги нарекуваме термински девизни работи. Термински работи обично се заклучуваат на рок од еден месец до една година.

**4.Повеќекратни девизни курсеви – девизна контрола**

Повеќекратниот девизен курс предвидува воведување различна големина на девизниот курс за различни видови меѓународни трансакции. Така, за неопходниот увоз се предвидува поповолен девизен курс од официјалниот, додека за одливот на капитал што меже да настане како резултат на увозот на луксузни стоки девизите се достапни за увозниците по далеку повисок, односно понеповолен девизен курс од официјалниот. Дуален курс – со овој механизам се определува различен девизен курс за трговските трансакции од оној што се применува за капиталните трансакции на меѓународниот пазар. Додека за трговските трансакции се користи курс што е врзан за официјалниот курс на националната валута определен од официјалните власти на земјата, за капиталните трансакции се определува флексибилен девизен курс што е карактеристичен за финансискиот пазар.

**4.Девизен пазар**

Секое среќавање на понудата и побарувачката на девизи и ефективни странски парични средства е познато под името девизен пазар.Потребата од купување и продавање на девизи произлегува од потребата за обезбедување на средствата за извршување на меѓународниот платен промет по која и да е основа. Девизниот пазар е имперфектен, затоа што висината на девизниот курс може да се измени и без да дојде до измени во односот на понудата и побарувачка на девизи. Ова произлегува оттаму што секоја измена на вредноста на валутата автоматски се одразува врз девизниот курс. Врз неа влијаат многу сили меѓу кои најсилни се монетарните власти на соодветните национални економии, преку спроведување на определена монетарна и девизна политика за која се определуваат автономно.

На девизниот пазар нотираат само конвертабилни валути. При значајни отстапувања на реалниот од официјалниот девизен курс во земјата се појавува неофицијален девизен пазар, односно црна (сива) берза, на кој купопродажбата на девизите не се извршува според официјално утврдениот курс, туку се формира т.н. црноберзански курс што се темели на понудата и побарувачката на девизите на пазарот и што е многу поблиску до реалната вредност на националните валути. Црната берза може да нанесе голема штета на националната економија во поглед на големината на нејзините девизни резерви.

Трансакциите на девизниот пазар меѓу фирмите и корпорациите, од една страна, и деловните банки, од друга страна, можат да се поделат на две големи групи зависно од нивната рочност. Така, трансакциите на девизниот пазар можат да бидат:

1.промптни трансакции – се извршуваат веднаш, односно во рок на два работни дена

2. термински девизни трансакции – се извршуваат во рок од еден, три или шест месеци. Тие се склучуваат тогаш кога постојат флуктации на девизниот курс на деловниот пазар со цел да се исклучи ризикот од можна загуба заради појава на големи курсни разлики на многу краток рок, или да се оствари поголема

заработувачка кога се очекува девизниот курс на валутата во која се извршува трансакцијата да порасне во догледно време. Трансакциите на девизниот пазар што се одвиваат меѓу фирмите и доловните банки се нарекуваат предажби на мало.

Трансакциите што се јавуваат меѓу големите корпорации и деловните банки се нарекуваат интербанкарски трансакции.На девизниот пазар како учесници можат да се јават и централните банки тогаш кога е потребна интервенција заради одржување на курсот на националната валута.

## 5.Инструменти и политики во меѓународната трговија

Интервенционите мерки и инструменти, што најчесто се употребуваат и од развиените и одпомалку празиените земји, во современата економија се: царини,увозни квоти и доброволно ограничување на извозот,субвенции,нетрговски бариери и административни **политики**.

### 5.1.Царините како бариера во меѓународната економија

#### 5.1.1. Видови царини

Царините преставуваат јавна давачка што се наплатува при преминот на стоките од едно во друго царинско подрачје. Царините можат да бидат:

**Увозни** – царинските бариери се поставуваат при увозот на стоки. Имаат за цел покачување на цената на увозните стоки за тие да станат поскапи во однос на домашните и со тоа да ја изгубат конкурентската предност на пазарот на економијата во која се внесуваат. Овновна функција на увозните царини е обезбедување заштита на домашните индустрии од странска конкуренција.

**Извозни –** царинските давачки се наметнати при извозот на одредени стоки од националната економија.Тие се наплатуваат во исклучителни случаи, за да се спречи или да се дестимулира извозот на определени стратешки добра со кои земјата не располага во доволна мера, но можно е да бидат воведени и од други причини.

Царините можат да се пресметуваат на два начина:

**1. Ad valorem** – се пресметуваат како процент од вредноста (цената) на увезената стока, користејќи ја царинската стапка определена со царинскиот закон и царинската тарифа за дадената националнаекономија

**2. Специфични царини** – се пресметуваат како паушал зависно од количеството на определен вид стока што влегува на територијата на дадена земја. Овој вид царини има еден голем недостаток, а тоа е неводење сметка за квалитетот на увезената стока

Постојат и т.н. **комбинирани царини.** Кај нив еден дел од царинската давачка се пресметува и наплатува по ad valorem методот, а еден дел во вид на специфична царина. Царинските стапки што се прикажани во царинската тарифа на царинскиот закон на една земја претставуваат т.н. **номинална царинска заштита.** Номиналните царински стапки не даваат секогаш реална слика за големината на царинската заштита во една економија. Многу пореална слика за нивото на заштитата што се обезбедува за домашните индустрии се стекнува доколку се пресметаат т.н. **ефективни царински стапки.** Ефективната царинска заштита не ги зема во предвид царините што треба да се платат при увозот на компонентите туку таа ги зема предвид само царините што се однесуваат на новосоздадената вредност во националната економија. Развиените земји применуваат многу ниски цариски стапки при увозот на интермедијарни стоки, но затоа имаат вискои номинални царински стапки кај финалните производи. Така, во развиените земји се постигнува ефектот на многу висока ефективна царинска заштита. Во економската литература оваа појава е позната под името **царинска ескалација.** Царинската ескалација не само што ја

попречува слободната размена на стоки во меѓународната економија туку има исклучително негативно влијание врз порастот на извозот на производи со повисок степен на обработка од помалку развиените во развиените економии.

### 5.1.2. Ефекти од царинската заштита врз благосостојбата на економија со мал национален пазар

Малите економии обично немаат доволен економски потенцијал за да можат суштински да влијаат врз обемот на светската понуда или врз светската потрошувачка. Затоа тие мораат да се приспособуваат кон условите и цените што ги диктира меѓународниот пазар. Ограничувањето на слободната конкуренција и надворешно трговската размена со воведување на царински бариери во малите економии доведува до нарушување на рамнотежата меѓу понудата и побарувачката што важеше во услови на слободна конкуренција. Сега точката на рамнотежа ќе се воспостави на ново, повисоко ниво, што значи покачување на цените на производите на домашниот пазар. Воведувањето на царини во економија со мал национален пазар предизвикува појава на четири ефекти, и тоа:

**1. ефект на доход –** пораст на приходите во буџетската каса. Овој ефект претставува прелевање на потрошувачкиот вишок од приватната во јавната сфера. Овој ефект не претставува намалување (загуба) на националната благосостојба;

**2. ефект на прераспределба –** прелевање на доходот од сферата на потрошувачката во производната сфера во една економија. Овој ефект не претставува намалување (загуба) на националната благосостојба;

**3. ефект на потрошувачка –** царините влијаат врз намалување на потрошувачката на производите за кои се воведени. Ова претставува вистинска загуба за националната економија;

**4. ефект на заштита –** го изразува нивото на загуба на националната економија што произлегува од ангажирањето на нејзините ресурси во производство кои не постигнале соодветно ниво на продуктивност, па затоа не можат да ја издржат странската конкуренција. Со други зборови, царинската заштита ќе создаде поместувања во стопанската структура на земјата од поефикасни во понеефикасно производство. Кога ќе се изврши споредувањ на ефектот на доход и ефектот на прераспределба, од една страна, со ефектот на заштита и ефектот на потрошувачка, од друга страна, се добива т.н. **нето-загуба за националната економија.** Практиката покажува дека за економија со мал национален пазар овој нето-ефект е секогаш крајно неповолен затоа што приливот на средства во буџетската каса и позитивните ефекти од работењето на заштитените индустрии никогаш не можат да ги покријат негативните ефекти од несоодветната алокација на стопанските ресурси.

Од сето ова може да се заклучи дека царинските бариери во меѓународната размена во случајот не економија со мал национален пазар влијаат негативно на општото ниво на нејзината благосостојба.

### 5.1.3.Ефекти од царините во случајот на економија со голем национален пазар

Економиите со голем национален пазар можат да остварат големо влијание врз вкупниот обем на побарувачка во меѓународни размери, па оттука тие имаат и влијание и врз нивото на светската цена на производите. Според тоа, кога една голема национална економија остварува влијание врз вкупниот обем на побарувачка на одреден производ во светски размери преку воведување на увозни царини за тој производ, таа може да оствари влијание и врз светската цена за истиот производ. Воведување на увозната царина ќе ги предизвика истите ефекти (доход, прераспределба, потрошувачка и заштита) на локалко ниво како и во примерот на мала национална економија. Но, во случајот на земја со голем национален пазар со

воведувањето на царини се остваруваат два нови ефекти што не се јавуваа во случајот на економија со мал национален пазар. Тие ефекти се:

1. ефект на домашна добивка – настанува како последица на прелевање на добивката од странскитен производители во рацете на домашните потрошувачи. Царини →повисоки цени→помала потрошувачка→помала потрошувачка на светски размери→намалување на нивото на светската цена→намалување на нивото на цената во националната економија на странски производители→потрошувачки вишок за потрошувачите на националната економија

2. ефект на подобрување на условите на размена. Можеме да заклучиме дека големите економии можат да остварат зголемување на општата благосостојба во својата економија по пат на воведување царински бариери во меѓународната размена во одредени случаи.

### 5.1.4.Влијанието на царините врз извозот и општото ниво на благосостојбата во националната економија

Примената на протекционистичи мерки и дискриминаторски однос кон странските трговски партнери на долг рок секогаш создава негативен ефект врз вкупниот обем на извозот, па во догледно време, земјата ќе се соочи со проблемот на намалување на вкупниот извоз. Искуствата од практиката потврдуваат дека царините го детерминираат извозот, и тоа најмалку на три начини:

1. извозниците многу често употребуваат увозни инпути кои подлежат на режимот на цатини. Царините ги поскапуваат инпутите и доаѓа до пораст на производните трошоци на индустриите што се јавуваат како носители на извозот;

2. царините ги поскапуваат трошоците на живот во националната економија;

3. високата царинска заштита на долг рок секогаш предизвикува определена реакција кај меѓународната заедница. Царини→намалување на приходот на странските извозници→намалување на девизни приливи на странските нации→намалување на увоз на странските нации→намалување на побарувачката на стоките што доаѓаат од земјата што наметнала царини→намалено производство ивработеност во извозноориентираните индустрии.

Царинската заштита секогаш ја бараат оние индустрии кај кои технологијата застарела, а со тоа тие веќе одамна ги загубиле своите конкурентски предности при настапот на пазарите во странство. Ползата од воведените царини е на страната на производителите за кои се наменети. Преку царините се остварува и одреден ефект за државниот буџет. Имено, со царините можат да се остварат и определени фискални ефекти. Крајниот товар на прекумерната заштита на крајот ја плаќаат потрошувачите, кои за производите што ги купуваат на домашниот пазар мораат да платат повеќе отколку што би платиле кога би ги набавувале на меѓународниот пазар.

### 5.2.Нецарински бариери

Постојат неколку причиниза појавата не тенденцијата на зголемување на употребата на нецарински бариери во однос на царинските:

1. Фактот што основните правила на ГАТТ не се однесувале на нецаринските бариери во меѓународанта трговија, што значи дека оваа сфера не била регулирана со оваа мултилатерална спогодба;

2. Нецаринските бариери во трговијата претставуваат далеку порестриктивен инструмент од царинската заштита. Тие можат да доведат до спречување на влезот на производите од странство на домашниот пазар

3. Нецаринските бариери се далеку посуптилни и потешко забележливи иструменти од царинската заштита, па затоа се многу поомилени во политичките кругови. Меѓу најважните нецарински инструменти се вбројуваат: увозни контингенти, самоограничување на извозот, мерки на задолжителна употреба на домашни компоненти, субвенции и нетрговски бариери.

### 5.2.1.Увозни контингенти

За разлика од царините, контингентите не влијаат на цената , туку на количината на увезуваниот производ. Со воведувањето на режимот на контингенти се определува вкупното количество од некој производ што може да се увози од странство во определен временски период, најчесто една година.

Контингентите можат да бидат:

1. глобални – со нив се дефинира само обемот на увозот што се дозволува во текот на една година за определена група производи. Тие не определуваат кој и од каде ќе го врши увозот;

2. насочени – со нив, освен количеството на стоки што се дозволува да се увезат, се определуваат и носителите на увозот, како и земјите со кои се тргува.

Увозните контингенти се воведуваат врз унитарен принцип, што значи дека секоја земја ги воведува автономно, зависно од потребите на сопственото стопанство, без претходно да се договара или да преговара со меѓународната заедница. Основна причина за воведување на контингентите е заштитата на домашното производство и нивото на домашна вработеност, но многу често овој инструмент може да се искористи за намалување на дефицитот во билансот на плаќање на земјата.

### 5.2.2.Ефекти од воведувањето на стоковни контингенти

Иако контингентите не влијаат директно врз цената на увезениот производ, тие на крајот сепак доведуваат до покачување на цената на производот на националниот пазар на земјата што ги воведува. Тие не претставуваат дополнителен извор на средства на владата. Нивното воведување секогаш оди во прилог на производителите од индустриите што се заштитени со овој интервенционистички инструмент. Разликата во цената што би се постигнала кога увозот во земјата би бил слободен и цената што се постигнува при воведување на увозниот контингент во економската теорија се нарекува контингентска рента.

Контингентската рента најчесто оди во рацете на домашните увозници кои можат да се организираат и заеднички да настапуваат во однос на странските партнери од кои ги набавуваат стоките што подлежат на режимот на контингенти. Меѓутоа, во практиката е можно да се случи и спротивното – извозниците во странство да организираат и да ги покачат цените на своите производи за увозниците од земјата што го вовеле режимот на контингенти.

Доколку режимот на контингенти се комбинира со режимот на увозни дозволи што владата на една земја ги распределува по пат на јавно наддавање, тогаш контингентската рента се прелева во рацете на владата. Царините се многу понефлексибилен инструмент од контингентите.

### 5.2.3.Самоограничување на извозот (доброволна извозна квота)

Инструментот на самоограничување на извозот припаѓа на групата инструменти со кои по пат на спогодба се врши поделба на пазарот помеѓу домашните претпијатија и странските трговски партнери (врз билатерална основа). Овој вид ограничување ги воведуваат извозниците. Со него странскиот партнер се обврзува дека нема да извезува повеќе од договореното колочество производи на годишно ниво на пазарот на трговскиот партнер со кој што се договара за воведување на овој инструмент. Самоограничувањето на извозот се наметнува само на најзначајниот извозник (извозници( за даден вид производ. Оттука следува дека помалите извозници можат да бидат поттикнати на зголемување на извозот во конкретната национална економија. На овој начин може да се оствари ефект на пренасочување на шрговијата од едни кон други странси трговски партнери. Странските партнери се согласуваат на употребета на овој инструмент затоа што, во спротивно, нивниот извоз во странство

би можел да биде ограничен со примена на далеку порестриктивни мерки со унилатерален карактер (царини и стоковни контингенти), што би можело да го ограничи нивниот извоз на уште пониско ниво. Исто така со прифаќањето на договорената квота најголемиот дел од добивката што ќе биде овозможена со нејзино воведување му припаѓа на извозникот.

Искуствата од практиката потврдуваат дека употребата на овој инструмент на долг рок предизвикува појава на ред негативни ефекти: доведува до непоклопување на понудата и побарувачката на домашниот пазар; цената на производот во национални рамки расте→ангажирање на дополнителната акомулација во неефикасни производства→деформирање на стопнаската структура на земјата.

Примената на овој инструмент, исто така, носи далеку повисоки трошоци отколку примената на другите трговски бариери.

### 5.2.4.Задолжително користење на домашни компоненти

Инструментот задолжително користење на домашни компоненти ги обврзува локалните производители да употребуваат домашни ресурси во своето производство. Овој инструмент има за цел да го поттикне домашното производство и да го намали увозот од странство. Од аспект на домашните производители на делови, овој инструмент дава ист ефект како и увозната квота. Меѓутоа, од аспект на домашните потрошувачи на делови,тој обезбедува поинакви ефекти. Тој не го ограничува стриктно увозот на компоненти од странство. Напротив, овој инструмент дозволува поголем увоз на ресурси однадвор, но само доколку истовремено се зголемува и потрошувачката на домашно произведените сегменти. Според тоа, цената на чинење на финалниот производ ќе претставува просек од цената на употребените странси и домашни делови**.**

При употребата на задолжително користење на домашни компоненти не постои прилив на приходи во државата каса и не се појавува можноста за остварување на контингентска рента. Овде доаѓа до едноставно пренесување на просечената цена на готовите производи врз нивните потрошувачи.

### 5.3.Субвенции

Субвенциите претставуваат надворешно трговски инструмент со кој се обезбедува зголемување на конкурентските предности на домашните индустрии при нивниот настап на домашен или на странски пазар.

Субвенциите можат да се поделат на:

1. **директни** – претставуваат исплаќање на определен паричен надоместок на производителот од државната каса за секој остварен извоз на дадениот вид производи во странство. Целта на овие субвенции е намалување на трошоците на производителите што би овозможило намалување на цените и остварување на поголема конкурентност на странскиот пазар. Директните субвенции се покажаа како многу штетни па затоа беа забранети уште во времето на функционирање на ГАТТ

2. **индиректни** – се остваруваат по пат на одобрување на разни даночни ослободувања; заеми со мошне ниски камати или без камати и со поволни услови за враќање; специјални транспортни и осигурителни аранжмани.

Зависно од тоа дали треба да се зголеми конкурентската моќ на домашните производи во однос на увозните на домашниот пазар, или треба да се зголемат конкурентските предности на извезените производи во странство, субвенциите можат да се поделат на:

1. домашни – им го зголемуваат производствениот вишок на домашните индустрии. Со ниво одобрување кај домашните производители се создава впечаток дека тие остваруваат поголема заработувачка доколку го зголемат своето производство и продажбите на домашниот пазар. Притоа цените на производите на

домашниот пазар нема да се покачат, туку дел од трошоците паѓаат на државниот буџет→држење на цените на цените на ниско ниво→намалување на обемот на увезуваните стоки. Предност пред другите трговски бариери, субвенциите, остваруваат преку фактот што тие не водат до намалување на потрошувачкиот вишок со што остваруваат помали негативни ефекти во однос на националната економија.

2. извозни – се остваруваат по пат на одобрување на различни даночни олеснувања или ослободувања на фирмите што се јавуваат како извозници во странство или преку одобрување на поволни извозни кредити.

Извозните субвенции обезбедуваат остварување на два ефекта:

а) ефект врз условите на размена;

b) ефект врз приходот остварен од извоз;

За извозното субвенционирање можат да се најдат повеќе различни оправдувања, како, на пример: зголемување на девизниот прилив и подобрување на платно билансните позиции; субвенционираните индустрии можат полесно да остварат економија од обем и да ја зголемат ефикасноста на своето работење; зголемување на обемот на вработената работна сила во земјата; кредитните извозни субвенции можат да ја олеснат неповолната состојба на билансот на плаќањата на помалку развиените земји кога тие вршат размена на стоки со развиените земји.

Како и да е, секогаш мора да се има во предвид дека извозното сибвенционирање секогаш паѓа на товар на домашните потрошувачи, го намалува нивниот потрошувачки вишок и им го зголемува даночното оптоварување. Инсистирањето на субвенционирање од страна на развиените земји, пред се, е условувано од желбата да се постигнат лидерски продности индустриите кои тукушто се појавуваат.

### 5.4. Економски аргументи во полза на интервенционизмот

Заштита на домашниот пазар и производство од странска конкуренција и во современи услови се оправдува со постоењето на две економски причини:

1.заштита на младите индустрии од притисокот на странската конкуренција;

2. обезбедување на поддршка на стратешките индустрии;

Економските причини за интервенционализам ги надополнуваат политичките. Всушност тие се:

1. заштита на работните места во постоечките производства;
2. заштита на индустриите важни за националната економија;
3. создавање можности за полесен пробив на неосвоените пазари

### 5.5.Аргументи во прилог на слободната трговија

Искуствата од практиката потврдуваат дека протекционистичките мерки често пати не ги даваат саканите ефекти во националната економија. Без оглед на причините заради кои биле воведени, при нивната примена најчесто се јавуваат следниве проблеми:

1. протекционистичките мерки не придонесуваат за развој и унапредување на извозните можности на т.н. млади индустрии;

2. неефикасноста на протектионистичките мерки се должи на проблемите поврзани со определувањето на висината, времетраењето и селективноста на индустриите во кои се применува зголемената заштита. Така, недоволната заштита може да не го отстрани конкурентскиот притисок врз младата индустрија и таа нема да може да заживее. Преголемата заштита, пак, нема да
дозволи развивање на извозно ориентираната и конкурентно способна индустрија;

3. еднаш воведената заштита покажува тенденција да се задржи во системот, иако за неа реално веќе не постои вистинска потреба

Степенот на либерализација на надворешно трговската размена не зависи толку од големината на земјата туку, пред се, од еластичноста на увозната понуда. Либерализацијата на увозниот режим треба да биде поголема доколку постои нееластична увозна понуда. Високата заштита влијае потенционирање на неперфектноста на дејствувањето на пазарните механизми, и тоа не само на страната на понудата туку и на страната на побарувачката. Посебно важен аргумент во полза на слободната трговија е фактот што најголем дел од надворешнотрговската размена и кај развиените и кај помалку развиените земји се одвива како интра-индустриска (во рамките на една иста индустриска дејност), а се помалку како интер-индустриска (меѓу различни индустрии).

### *3.6.Стратешка трговска политика на развиените земји*

Во услови на ограниченост на расположливите ресурси во светот, според Лестер Тару, земјите во светот се принудени да ја развиваат стратегија на добива – губи. Ова практично значи дека секоја земја, борејќи се да ја зголеми својата благосостојба, може да постигне успех само доколку загрози некоја друга земја и нејзината благосостојба. Или, со други зборови, успехот на едните мора да резултира со неуспех на другите, затоа што вкупното ниво на остварениот профит во светски размери не може да се зголеми преку ноќ, туку само се прераспределува меѓу одделните учесници во меѓународната размена. Затоа секоја од развиените земји настојува да изнајде начин да зафати што е можно поголем дел од светскиот пазар. Ова го постигнува со поттикнување на извозот и ограничување на увозот. Комбинацијата на мерките и нивното фактичко спроведување ја сочинува т.н. **стратешка трговка политика**. Стратешката трговска политика има за задача да постигне три основни цели, и тоа:

1. да го поттикнува развојот на оние индустрии кои обезбедуват висока стапка на новосоздадена вредност по вработен;
2. да го поттикнува развојот на оние индустрии кои обезбедуваат високи наемнини за вработените;
3. да го поттикнува развојот на новите технологии

Економскиот развој во последниве неколку децении го наметна проблемот на деиндустриализација, што подразбира поефикасно искористување на ресурсите со нивно алоцирање во услужниот, наместо во индустрискиот сектор.

Една од основните причини за инсистирање на употреба на стратешка трговска политика е постоењето на неперфектна конкуренција за повеќето производи на меѓународниот пазар. Ваквата ситуација го наметнува проблемот на т.н. затворена дилема. При постоењето на неперфектна конкуренција, трговската политика има за цел да одбере и воспостави сет на мерки што ќе придонесат за корегирање на пазарниот неуспех. Кога би постоела перфектна конкуренција, не би постоела потреба од употреба на дополнителни мерки. Но во спротивен случај, избраните мерки претставуваат т.н. оптимално решение. Во услови на перфектна конкуренција, конкурентските предности на меѓународниот пазар создава намалување на цената. Но во услови на неперфектна конкуренција на страната на извозот, конкурентските предности се постигнуваат по пат на наметнување на квантитативни ограничувања, затоа што производите на извозниците во овој модел се супститути еден на друг, па зголемувањето на производството на едниот доведува до намалување на производството на другиот производ. Во вакви услови стратешката трговска политика дава најдобри резултати со употреба на субвенции. На страната на увозот, пак, квалитативните трговски инструменти даваат позитивни резултати за економијата што ги применува само во случај на единечно-еластична побарувачка за дадениот вид производи на домашниот пазар. Сите ефекти од воведувањето на стратешката трговка политика, или обратно, од либерализацијата на меѓународната трговска

размена, не можат секогаш да се измерат со помош на квантитативните методи. Затоа многу е тешко да се добие комплетна слика од сите ефекти (директни или индиректни) што стратешката трговска политика ги има врз националната економија во целост.

### 5.7.Трговска политика на земјите во развој

Процесот на индустрализација, што започнал во фазата на либералниот капитализам, довел до создавање на значителни разлики во степенот на економската развиеност меѓу економиите што успеале да го следат и оние што не успеале да се вклопат во него. Тоа доведува до појава на т.н. развиени земји и земји во развој. Земјите во развој, заклучиле дека излезот од ваквата состојба е можен само доколку и кај нив почне процесот на индустрализација, кој би овозможил создавање на далеку посоодветна стопанска структура, зголемување на извозниот капацитет и на конкурентските предности, а со тоа и на општата благосостојба во нивните економии. Со цел да го поттикнат процесот на индустрализација, тие ја прифатиле т.н. стратегија на супституција на увозот. Ваквата развојна стратегија се состоела во поттикнување на индустриско производство што ќе овозможи покривање на потребите на домашниот пазар со сопствени индустриски преработки, што би требало да биде многу порационално од нивното набавување по многу високи цени од развиените земји. За да го обезбедат спроведувањето на стратегијата на супституција на увозот, земјите во развој користеле отворен протектционизам на тукушто воспоставените индустриски производства.

Но, по десетина години од примената на ваква развојна стратегија се покажало дека таа не ги дала очекуваните резултати. Практиката потврдила дека високата заштита не мора да доведе до постигнување конкурентски предности на заштитеното производство. Напротив, изразениот протектционизам се повеќе ги зголемувал трошоците во земјите што се определиле за стратегија на увозна супституција, кои и без тоа биле високи. Тоа е резултат на тоа што новосоздаденото производство, од земјите во развој многу тешко успеваат да обезбедат пробив на странските пазари со производи што високоразвиените земји веќе ги имале доведено до совршенство, а од друга страна ова ново производство влече многу пари од буџетот на своите економии. Стратегијата на увозна супституција го наметнала проблемот на дуална економија во земјите во развој.

Сето погоре кажано потврдува дека стратегијата на увозната супституција и изразениот протектционизам се покажале како целосно промашување во развојната стратегија на помалку развиените земји. Сечењето на пократката нога, односно ограничувањето на увозот, на долг рок довело до намалување на извозните капацитети за земјите во развој и не им дозволило да најдат соодветно место во меѓународната поделба на трудот. Со тоа, наместо до намалување, дошло до зголемување на јазот меѓу развиените и земјите во развој.

Некои земји во развој се решиле на поинаква стратегија, односно на стратегија со која се вршело поддршка на агресивниот извоз на пазарите на развиените земји, со едновремена интензивна интервенција и субвенционирање на домашното производство на храна од страна на државата и либерализација на режимот на увоз на странски капитал од приватни извори. Ваквата стратегија се нарекува стратегија на извозна експанзија. Со оваа стратегија се дозволува влез на странски директни инвестиции, што успеале да ги насочат во традиционалните трудоинтензивни индустрии. На овој начин тие оствариле трансфер на посовремените технологии во овие индустрии и, притоа, интензивно вложувајќи ја својата акумулација во научно истражувачката работа, создале нови оригинални технологии токму во овој тип на производство. Државите кои ја примениле оваа стратегија и биле успешни во нејзиното користење биле: Сингапур, Хонг-Конг, Јужна Кореа и Тајван, кои, со едно име, биле популарно наречени четирите азиски тигри.

## 6.Основни обележја на современите текови во меѓународната трговија

### 6.1.Економската развиеност и учеството на националните економии во меѓународната стоковна размена

Економската моќ на одделните национални економии во светот, традиционално низ историјата, се одразувала преку нивното учество во вкупната меѓународна размена во светот. Меѓу поважните фактори што се смета дека влијаат врз отвореноста на една земја за меѓународната стоковна размена се вбројуват: големината на националниот пазар на земјата; снабденоста на земјата со основните фактори на производство; степенот на нејзината економска развиеност и големината на националниот доход. Големо влијание се посветувало и на влијанието на еластичноста на цените на стоките што биле предмет на размена во однос на понудата и побарувачката на пазарот, како и во однос на промените во големината на национланиот доход и на условите на размената.

1. земјите со мал национален пазар секогаш се поотворени за меѓународна размена на стоки, па така увозот и извозот кај нив учествуваат во создавањето на поголем дел од нивниот национален доход;

2. земјите што располагаат со изобилство на природни ресурси и работна сила полесно успеваат да ги организираат производните циклуси на својата територија и, притоа, помалку зависат од надворешниот свет;

3. земјите што имаат постигнато високо ниво на економски развој и бележат високи стапки на економски раст земаат многу важни позиции во вкупната меѓународна размена. Со други зборови, трговските теории тврдат дека степенот на економски развој и учеството на една земја во меѓународната размена се наоѓаат во правопропорционален однос.

### 6.2.Пораст и структура на меѓународната стоковна размена во современи услови

Извозот на стоки во целиот период по Втората светска војна растел со речиси 2.5 пати побрзо темпо од порастот на индустриското производство во светот. Интензивниот пораст на меѓународната стоковна размена во светот е разултат на влијанието на повеќе фактори од развојот на светската економија. Воспоставувањето на новиот меѓународен монетарен систем од една страна, и либерализацијата на царинскиот режим, од друга страна, во голема мера придонесуват за интензивирање на меѓународната економска соработка и размената на стоки во светот. Врз стоковната размена големо влијание има и развојот на комуникациските и транспортните врски во меѓународни размери, кој ја забрзува и олеснува комуникацијата меѓу најоддалечните точки во светот и истовремено ја овозможува размената и на најчувстветилните стоки на големи географски растојанија.

Сепак, мора да се подвлече дека извозот на стоки е во тесна корелација со индустриското производство, затоа што на пазарот може да се продава само тоа што може да се произведе. Кога станува збор за меѓународната размена на стоки, од исклучителна важност е да се разгледа структурата на светскиот извоз и увоз на стоки, како и измените што оваа структура ги претрпи во текот на светскиот економски развој. Постојат повеќе причини што довеле до измена во структурата (од доминација на примарните производи до доминација на преработувачките) на стоковната размена:

1. основна причина е необично динамичкиот развој на техниката и технологијата во периодот од Втората светска војна наваму. Со ова се намалија вкупните трошоци по единица производ и со тоа дојде до значително намалување на потрошокот на суровини и енергија во производството по единица производ;

2. истовремено, софистицираната техника и технологија исфрлија најразновидни производи кои дотогаш на беа видени во светот. (нови синтетички и вештачки материјали, кои, не само што претставуваа успешна замена за природните суровини, туку во многу случаи се покажаа како многу поквалитетни од нив;

3. движењето на цените на финалните индустриски производи и оние на примарните производи. Високи цени на финалните производи и нивен пораст, а ниски цени на примарните производи;

5. големо влијание врз деформирањето на информациите во однос на цените на финалните и на примарните производи, како и во однос на вкупната стоковна размена, е се поголемиот обем на т.н. интра-фирмена размена и примената на т.н. трансферни цени од страна на транснационалните корпорации (ТНК)

Најголемо влијание врз обемот и структурата на меѓународната размена на стоки го остваруваат оние земји што се јавуваат во улога на најголеми светски трговци.

### 6.3.Меѓународна размена на услуги

Според дефиницијата на меѓународниот монетарен фонд, услугите се економски аутпут на нематеријални добра што можат да се произведат, трансферираат и употребат во исто време. Размената на стоки меѓу националните економии во светот никогаш не била можна без размената на одредени услуги. Така некои стоки секогаш одат во пакет со одредени услуги, додека пак има и услуги со кои може да се тргува самостојно. Оттука услугите во меѓународната размена можат да се третираат како зависни или како автономни трансакции. Услугите се најбрзо растечка компонента на меѓународната трговија. Тие не само што почнуваат да завземаат значајно место во вкупната меѓународна размена, туку претставуваат извор на се поголем дел од бруто- домашниот производ на одделните национални економии во светот. Најголемиот дел од меѓународната размена на услуги се одвива меѓу развиените земји, односно меѓу земјите на ОЕЦД. Брзиот пораст на учеството на услугите во меѓународната размена, освен во развојот на информационите системи и на проширувањето на светскиот пазар на услуги, се должи и на дерегулацијата на услужната сфера, како и на либерализацијата на вкупната меѓународна размена во светот, што во современи услови се однесува и на размената на услуги и на меѓународното движење на приватниот капитал. Меѓу другото, зголемувањето на учеството на услугите во вкупната меѓународна размена во светот се должи и на интензивниот пораст на странските директни инвестиции во услужниот сектор. Една од најрентабилните работи во услужната сфера се инженеринг-услугите, или т.н. инвестициони работи во странство. Од другите видови услуги како значаен извор на приходи особено се издвојуваат транспортните и туристичките услуги. Туристичките услуги подразбираат организирање на приватни и службени патувања во странство, сместување, средби, семинари, прошетки, конгреси, натпревари, угостителски услуги и др. За крај, неопходно е да се истакне дека најголемиот дел од статистичката база на податоци за обемот и структурата на меѓународната размена на услуги во светот е некомплетна и неунифицирана.

## 7.Биланс на плаќање

### 7.1.Поим, дефиниција и концепти на билансот на плаќањата

Меѓународниот монетарен фонд го дефинира билансот на плаќањата според поширокиот концепт и, според неговата дефиниција, билансот на плаќањата претставува систематски преглед на сите економски трансакции извршени во

определен временски период, најчесто една година, меѓу резидентите на една земја и странските резиденти.

Зависно од елементите и видот на трансакциите што го сочинуваат, билансот на плаќањата може да се разгледува како основен (базичен), девизен и пресметковен.

Дефиницијата на ММФ го дефинира т.н. основен или базичен биланс на плаќањата. Од него може да се согледа:

1) големината на бруто домашниот производ и националниот доход на земјата,
2) степенот на нејзината економска развиеност;
3) нејзината макроекономска стабилност;
4) проблемите на стопанската структура;
5) позицијата на националната економија во меѓународната економија;
6) успешноста на спроведувањето на инструментите и мерките на монетарната и надворешнотрговската политика;
7) и ред други аспекти важни за економскиот развој и стабилноста на дадената земја пример;

Во дефиницијата за билансот на плаќањата прво треба да се разграничи поимот резидент од поимот државјанин на една земја. Доколку станува збор за правни лица, како резиденти на една земја се сметаат оние што имаат извршено регистрација во судскиот регистар според важечките законски прописи на земјата.

Доколку станува збор за физички лица, тогаш како резиденти на една земја се сметаат оние што остваруваат право на жителство во таа земја. Ова значи дека резидент на една земја не мора да биде и нејзин државјанин, туку може да биде лице кое има странско државјанство, но е трајно населено во дадената земја. Исто така, лице кое има државјанство од една држава, но е трајно населено во некоја друга држава, односно нема свое живеалиште во матичната држава, не се смета за резидент на матичната држава.

По препорака на ММФ, сите стоковни трансакции во надворешнотрговската размена на извозот и во увозот се регистрираат по методот ФОБ (FOB), што ги опфаќа цената на стоката и трошоците на нејзиното испорачување до границите на дадената држава.

Методот ЦИФ (CIF), што подразбира пресметување на сите трошоци за транспорт и осигурување на стоката, вклучувајќи ја и фактурната вредност на стоката франко државната граница. Билансот на плаќањата се изработува според принципот на двојното книговодство прифатен во западните економии, што значи дека левата страна е кредитна, а десната дебитна. Евентуалните несогласувања на страните на билансот на плаќањата од книговодствен аспект се порамнуваат со посебно книжење на појавената разлика на спротивната страна под ставката грешки и пропусти.

Билансот на плаќањата не ја покажува почетната и крајната состојба на фондовите и расположливите средства, туку ја евидентира само промената што ке настане во нив.

Девизниот биланс ги следи сите сметки што ги евидентираат паричните текови во и од земјата.

Тој ја опфаќа само ефиктивата на меѓународното движење на капиталот, без притоа да ги следи стоковните текови.

Пресметковниот биланс го покажува степенот на задолженост, односно состојбата на вкупните меѓународни побарувања и долгувања на една земја во определен момент (најчесто 31.12. секоја година). Овој биланс се нарекува уште и биланс на меѓународната инвестициона позиција на земјата.

### 7.2.Шема на билансот на плаќањата

Билансот на плаќањата го сочинуваат два основни дела: тековна сметка и капитална сметка.

Тековната сметка на билансот на плаќањата ја сочинуваат:

1. трговскиот биланс, кој го евидентира увозот и извозот на стоки од националната економија;

2. билансот на услуги, кој ја евидентира размената на услуги на дедадената земја во странство;

3. билансот на движењето на населението, кој ги опфаќа приходите и расходите што ги реализираат од иселеничките дознаки и туризмот.

4. билансот на државните приходи и расходи, што подразбира трошоци за издршка на амбасадите и владините претставништва во странство и приливи по иста основа од странските амбасади и претставништва во земјата.

5. билансот на приходи и расходи по основа на камати од земени и одобрени заеми, кој ги евидентира плаќањата и наплатите на каматите по основа на заеми

Капиталната сметка е вториот поважен подбиланс во билансот на плаќањата. Неа ја сочинуваат следниве подбиланси:

1. Билансот на краткорочни заеми, кој ги евидентира сите одобрени и земени краткорочни заеми, но го опфаќа и салдото од клириншките сметки.

2. Билансот на среднорочни и долгорочни заеми, кој ги бележи сите одобрени и земени заеми од овој вид.

3. Билансот на финансиски трансакции, кој го следи движењето на капиталот во вид на портфолио и странски директни инвестиции.

4. Билансот на економска помош, кој ги бележи сите видови економска помош, без оглед на тоа дали е одобрена од јавни или од приватни извори.

5. Билансот на репарации и реституции, каде што влегуваат сите надоместоци за настаната штета, погрешно пресметани и уплатени царински, даночни и други видови давачки.

6. Билансот на купување и продавање на монетарно злато, кој води евиденција за исмените на нивото на девизните и златните монетарни резерви на земјата.

### 7.3. Видови трансакции во билансот на плаќањата

Меѓународните економски трансакции претставуваат промена на сопственоста на определена стока, услуга или финансиско побарување меѓу резидентите на една земја и странските резиденти.

Една од основните поделби на трансакциите што ги опфаќа билансот на плаќањата е нивната поделба на еднострани и двострани трансакции.

1. Најголемиот дел од трансакциите што се предмет на евидентирање набилансот на плаќањата се двострани. Двостраните трансакции повлекуваат соодветни книжења на двете страни (левата и десната) на билансот на плаќањата.

Кај едностраните трансакции економските текови се еднонасочни, односно промената на сопственоста врз материјалните и нематеријалните добра за возврат не повлекува никакви повратни движења во меѓународната економија.

2. Најголемата практична аналитичка вредност има поделба на трансакциите во билансот на плаќањае на тековни и капитални трансакции. Тековните трансакции ги претставуваат трансакции што настануваат меѓу резидентите на една земја и странските резиденти брз основа на тековното деловно работење.

Анализата на тековните трансакции од национален аспект треба да овозможи да се согледа големината на новосоздадената вредност во една земја. Од аспект на меѓународната економија, тие го покажуваат обемот во кој се зголемува светскиот доход на годишно ниво.

Капитални трансакции го следат меѓународното движење на среднорочниот и на долгорочниот капитал.

Анализата на овие трансакции од национален аспект треба да се покаже колку се изменила должничко- доверителската позиција на една земја во определен временски период.

3. Од аспект на статусот на резидентите што се јавуваат како носители на економските трансакции што се предмет на евиденција во билансот на плаќањата, тие можат да се поделат на приватни и јавни.

4. Зависно од начинот на кој се одвиваат трансакциите во меѓународната економија тие можат да се поделат на доброволни, принудни и автоматски. Најголем дел од трансакциите се одвиваат доброволно, односно како резултат на потребите за нормално функционирање на оддерлните национални економии во светот и нивната заемна зависност и меѓусебната поврзаност.

Принудните трансакции настануваат како резултат на принудно наметнатите обрвски врз определени национални економии од страна на меѓународната заедница.

5. Од теоретски аспект најважна е поделбата на трансакциите на автономни и компезаторни. Сите трансакции што се јавуваат спонтано и независно од актуелната состојба во билансот на плаќањата на една земја, зависно од потребите на нејзината економија, се автономни трансакции.

Сите трансакции, пак, што се преземаат заради порамнување на нерамнотежата во билансот на плаќањата се компензаторни трансакции.

## 7.4. Дефинирање на нерамнотежата во билансот на плаќањата

*Концепти на пресекување на билансот на плаќањата*

Од теоретски аспект, рамнотежата во билансот на плаќањатае онаа состојба што, при постоење и функционирање на определени макроекономски варијабли, може да се одржува автоматски, без употреба на какви и да е мерки од страна на монетарните власти.

За да се утврди дали постои вистинска рамнотежа во билансот на плаќањата на една земја, потребно е да се изврши негово хоризонтално сечење. Со хоризонтално сечење на едно или повеќе места во билансот на плаќањата се добиваат парцијалните биланси кои покажуваат какви се карактеристиките на одделните сметки што го сочинуваат билансот на плаќањата, односно каде земјата има предности при настапот на меѓународниот пазар, а каде се соочува со одредени проблеми.

Се смета дека трансакциите што ќе се најдат над хоризонталната црта се изворот на макроекономската нестабилност, а оние што се наоѓаат под цртата се преземаат со цел да се корегираат последиците што настанале како резултат на првите.

Некои од поважните теоретски пристапи на сечењето на билансот на плаќањата:

1. хоризонталниот пресек треба да се изврши веднаш под трговскиот биланс, затоа што меѓународната размена на стоки е од најголемо значење за благосостојбата и развојот на една земја.

2. Билансот на плаќањата ќе биде во рамнотежа ако е во рамнотежа односот меѓу увозот и извозот на стоки и услуги во дадената национална економија.

3. Доколку на меѓународната размена на стоки и услуги што една земја ја остварува со странство во текот на определен временски период се додадат и еднонасочните трансакции, тогаш се добива т.н. тековен биланс, или уште познат како тековна сметка. Тековната сметка во една национална економија е во рамнотежа доколку големината на инвестициите во разгледуваниот период во таа земја е еднаква на големината на остварената акумулација.

4. Доколку тековната сметка не е во рамнотежа, билансот на плаќањата може да се доведе во состојба на рамнотежа преку трансакциите што се наоѓаат под хоризонталната црта по пресекувањето, а кои во овој случај ја сочинуваат т.н. капитална сметка. Трансакциите на капиталната сметка се хетероге ни и имаат компензаторен карактер;

5. Хоризонталната црта се подвлекува под трансакциите што се однесуваат на долгорочното движење на капиталот. Ова значи дека дбижењето на долгорочниот капитал според овој концепт се третира како автономна трансакција, заедно со сите претходно спомнати трансакции. Како компензаторни се третираат само трансакциите поврзани со движењето на краткорочниот капитал и оние поврзани со движењето на монетарните резерви. Вака добиениот биланс се нарекува основен или базичен биланс;

6. Претендираат да ја дадат целосната слика на состојбата во билансот на плаќањата. Меѓу овие начини се вбројува и определувањето на т.н. биланс на немонетарни трансакции, кој поаѓа од уверувањето дека сите трансакции на немонетарниот сектор на една земја се со автономен карактер, а само трансакциите на монетарниот сектор и оние поврзани со девизните резерви се преземаат со цел да се постигне врамнотежувањето на вкупната состојба на билансот на плаќањата;

7. Билансот на официјални (компензаторни) трансакции, исто така, се обидува да ја отслика севкупната ситуација во билансот на плаќањата. Кај кој концепт се смета дека само девизните резерви и манипулирањето со нив е сфера врз која монетарните власти имаат контрола, па затоа само овој вид трансакции се компезаторни и можат да послужат за врамнотежување на вкупната состојба во билансот на плаќањата;

8. Најдобар индикатор за постоењето на рамнотежа на краток рок е рамнотежата во билансот на немонетарните трансакции. На среден рок рамнотежата во билансот на плаќањата ќе биде одржлива доколку се обезбеди
рамнотежа во основниот биланс.

Рамнотежата на долг рок е можна само тогаш кога земјата троши онолку колку што може да произведе. Според тоа, најдобриот индикатор за долгорочната рамнотежа во билансот на плаќањата е постоењето на рамнотежа во тековната сметка на дадената национална економија.

*Видови нерамнотежа во билансот на плаќањата*

Во зависност од факторите што ја условиле, нерамнотежата во билансот на плаќањата може да се разгледува како случајна, циклична и структурна или фундаментална. Случајната нерамнотежа во билансот на плаќањата настанува како резултат на дејствување на непредвидливи фактори кои не се од економска природа. Корекцијата на состојбата во билансот на плаќањата најлесно се постигнува со финансирање на дефицитот.

Цикличната нерамнотежа во билансот на плаќањата настанува под влијание на фазите на економскиот циклус во меѓународната економија. Најдобриот метод за санирање на нерамнотежата во билансот на плаќањата во ваков случај е манипулацијата со монетарните резерви ја земјата.

За разлика од цикличната нерамнотежа, структурната нерамнотежа во билансот на плаќањата настанува како резултат на стопанскиот раст на една земја и нејзината неприспособеност кон тековите во светската економија. Факторите што доведуваат до структурна нерамнотежа можат да се поделат на реални и монетарни.

Во групата на реалните фактори се вбројуваат:

1) Појавата на тесни грла и диспропорционален развој на гранската структура на економијата

2) Заостанување во технолошкиот развој во однос на светската економија→ опаѓање кон општото ниво на продуктивноста во земјата

3) Неусогласеност меѓу акумулацијата и инвестициите

4) Диспаритети на домашните цени и трошоците на производството во споредба со оние од светскиот пазар.

Монетарните фактори што доведуваат до структурна нерамнотежа во билансот на плаќањата се најчесто трошковната и инфлацијата на побарувачката.

Првата мерка по која се посегнува за да се приспособи билансот на плаќањата во ваков случај е дефлацијата. Ако таа не даде резултати, односно ако и натаму

нивото на вработеност, на цените во економијата и на билансот на плаќањата не бидат задоволувачки, мора да се изврши приспособување на курсот на националната валута, односно девалвација, и да се воведе девизна контрола.

### 7.5.Мултипликаторот на економскиот развој во случајот на затворена економија

Во затворената економија порастот на доходот ќе влијае и врз порастот на потрошувачката и врз порастот на штедењето.Граничната склоност кон потрошувачката покажува колкаво би било зголемувањето на оваа варијабла во случај кога националниот доход би се зголемил за една парична единица, што е изразено со изразот $\Delta C/\Delta Y$.

Граничната склоност кон штедењето, пак, се пресметува преку односот $\Delta S/\Delta Y$,кој покажува колку би се зголемило штедењето во земјата како националниот доход би се зголемил за само една парична единица.

Во затворена економија само дополнителните инвестиции можат да доведат до зголемување на националниот доход. Според тоа, развојот на земјата ќе зависи од големината на инвестициите. Оттука мултипликаторот на економскиот развој во затворена економија зависи од две варијабли- од инвестициите и штедењето. Тој треба да покаже колку ќе порасне националниот доход на земјата во зависност од вложувањето на една дополнителна единица инвестиции.

$$k=\Delta I(1/1-\Delta C)$$

Мултипликаторот во затворена национална економија укажува на факторот дека економскиот раст во неа зависи правопропорционално од големината на новите инвестиции. Унвестициите се дотолку поголеми дотолку е
помало штедењето, и обратно, со порастот на штедењето се намалува обемот на инвестициите, а со тоа се забавува економскиот раст на разгледуваната економија.

#### 7.5.1.Надворешно трговски мултипликатор и случајот на отворена економија

Односот на големината на увозот кон големината на националниот доход, што се нарекува просечна склоност кон увоз- M/S. Просечната склоност кон увоз покажува колква обем на увоз се реализира по единица национален производ**.**
Граничната склоност кон увоз, што се пресметува преку односот $\Delta M/\Delta Y$, покажува колку единици ќе порасне увозот доколку националниот доход се зголеми за една единица. Надворешнотрговскиот мултипликатор се пресметува како реципрочна вредност од граничната склоност кон варијаблите што влијаат негативно врз големината на производството во една земја, а тоа беа штедењето и увозот, или:

$$k=1/MPS+ 1/MPM$$

Мултипликаторот во отворена економија го покажува зголемувањето на националниот доход како резултат на автономниот извоз, од една страна, а од друга страна, истовремено покажува дека зголемувањето на националниот доход води кон зголемување на увозот во земјата. На тој начин суфицитот од остварениот извоз ќе се пребива со дефицитот од остварениот увоз и ова ќе се одвива се до оној момент додека не дојде до изедначување на големината на автономниот извоз со големината на автономниот увоз. Според тоа, надворешнотрговскиот мултипликатор има автоматско влијание врз врамнотежувањето на состојбата во надворешнотрговската размена и билансот на плаќањата.

### 7.6.Теории за врамнотежување на билансот на плаќањата

Механизми на приспособување на билансот на плаќањата можат да се поделат во три основни групи:

1) Класичен (автоматски) механизам;
2) Доходно-апсорпционен механизам;
3) Монетарен механизам.

*Класичен (автоматски) механизам на приспособување на билансот на плаќањата*

Овој механизам е карактеристичен за златниот стандард на важење, а подоцна послужил повеќе пати како појдовна основа за формулирање на другите концепции за приспособување. Автоматскиот механизам на приспособување содржи монетарни и ценовни механизми. Неговата суштина се состои во уверувањето дека промените во обемот на паричната маса во економијата веднаш (автоматски) влијаат врз нивото на цените.

Според основоположниците Рикардо и Хјум, најстарото толкување на автоматскиот механизам на приспособување е заснован врз квантитативната теорија на парите, а неговите основни принципи се:

1. Монетарни власти на секоја земја мораат да го утврдат паритетот на својата валута во злато;
2. Салдата од надворешнотрговската размена се покриваат со злато, а увозот и извозот на златото е наполно слободен;
3. Промените во количеството злато во националната економија доведуваат до пропорционални промени на обемот на паричната маса
4. Промените во обемот на паричната маса имаат пропорционално влијание врз домашните цени на стоките
5. Ова, пак, влијае врз промената на релативните односи во надворешнотрговската размена на земјата со странство.

Прикажаниот модел се темели врз една многу важна претпоставка- целосна еластичност на цените на стоките, факторите на производството, како и на реалните наемнини.

Моделот на Рикардо и Хјум прв го критикува Маркс. Според Маркс, приливот и одливот на монетарното злато влијае пред се врз големината на каматните стапки во земјата. Така, одливот на монетарното злато ќе изврши притисок на побарувачката врз понудата на капитал, што ќе доведе до пораст на каматните стапки.

Бидејќи каматните стапки ја претставуваат цената на еден од факторите за производство (капитал), неговото поскапување ќе ги зголеми производните трошоци, што ќе доведе до општ пораст на цените на домашниот пазар.

Ова, од своја страна, при непроменети номинални наемнини доведува до опаѓање на реалните наемнини и до опаѓање на ефективната побарувачка во земјата. Падот на побарувачката доведува до пад на цените на стоките на домашниот пазар, што овозможува зголемување на извозот и намалување на увозот.

*Доходовно- апсорпционен механизам на приспособување на билансот на плаќањата*

Во оваа сложена меѓународна економска ситуација англискиот економист Кејнз бил првиот што се осмелил да каже дека состојбите можат да се подобрат само по пат на преземање интервенционистички мерки од страна на државата и со жртвување на надворешната рамнотежа за сметка на внатрешната. Кејнз сметал дека при нецелосна искористеност на домашните капацитети одливот на паричниот материјал од домашната економија во услови на дефицит на билансот на плаќањата нема да предизвика никаква промена во домашните цени.Напротив, тие ќе останат стабилни. Обратно, доколку постои голема побарувачка за фактори на производство, а

капацитетите се целосно искористени, притисокот врз домашната понуда ќе предизвика појава на инфлаторни движења во економијата.

Големата инфлација конечно ќе ја принуди националната влада да ја девалвира домашната валута, со што ќе се подобрат односите на размената и ќе се овозможи зголемување на извозот, а намалување на увозот на земјата.

Девалвацијата на националната валута ќе предизвика ефекти и врз националниот доход и врз апсорпцијата. Девалвацијата ќе предизвика директен ефект во поглед на зголемувањето на националниот доход со тоа што ќе овозможи подобро искористувањето на капацитетите и ќе ги подобри односите на размена на домашните стоки на странскиот пазар. Меѓутоа, ова не мора да се случи во мала економија која не може да влијае врз цените на светскиот пазар, туку мора да ги следи цените што ги наметнуваат најсилните конкуренти (лидерите).

Во поглед на апсорпцијата, девалвацијата може да предизвика четири различни ефекти, и тоа:

1. При нефлексибилна понуда на пари на домашниот пазар девалвацијата може да ги натера економските субјекти да го зголемат износот на готови пари што ги чуваат кај себе, со цел да задржат одредено ниво на реална куповна моќ.

2. Порастот на цените на домашниот пазар како резултат на девалвацијата не мора да оди едновремено со порастот на наемнините, туку напротив, многу често може да се појаби временски јаз. Во таков случај доаѓа до редистрибуција на доходот во полза на профитот, а на штета на наемнините.

3. Девалвацијата може да создаде т.н. парична илузија, при што, дури и во случај кога зголемувањето на доходот е еднакво на зголемувањето на цените, потрошувачите ја намалуваат потрошувачката на стоки.

4. Спротивно на ова ефектот на инфлационите очекувања, односно претпоставувањето на натамошен раст на цените во блиска иднина, ќе ја зголеми апсорпцијата. Апсорпциониот пристап води кон заклучок дека политиката на приспособување на билансот на плаќањата треба да се води преку приспособување на обемот на апсорпцијата во националната економија. Така, за да се приспособи дефицитот во билансот на плаќањата, неопходно е да се намали апсорпцијата, а тоа може да се стори на два начина: со употреба на рестриктивни инструменти што ќе ја ограничат апсорпцијата како дефлација и воведување на мерки на ограничувања; и со пренасочување на потрошувачката од увозните на домашните стоки, за што треба да се користат редистрибутивните инструменти како девалвација, депресијација, увозни + ограничувања и други промени.

## 10. Девизен пазар

Секое среќавање на понудата и побарувачката на девизи и ефективни странски парични средства е познато под името девизен пазар.

Потребата од купување и продавање на девизи произлегува од потребата за обезбедување на средствата за извршување на меѓународниот платен промет по која и да е основа. Девизниот пазар е имперфектен, затоа што висината на девизниот курс може да се измени и без да дојде до измени во односот на понудата и побарувачка на девизи. Ова произлегува оттаму што секоја измена на вредноста на валутата автоматски се одразува врз девизниот курс. Врз неа влијаат многу сили меѓу кои најсилни се монетарните власти на соодветните национални економии преку спроведување на определена монетарна и девизна политика за која се определуваат автономно.[48]

На девизниот пазар нотираат само конвертабилни валути. При значајни отстапувања на реалниот од официјалниот девизен курс во земјата се појавува

[48] http://www.investorwords.com/11552/currency_market.html

неофицијален девизен пазар, односно црна (сива) берза, на кој купопродажбата на девизите не се извршува според официјално утврдениот курс, туку се формира т.н. црноберзијански курс што се темели на понудата и побарувачката на девизите на пазарот и што е многу поблиску до реалната вредност на националните валути. Црната берза може да нанесе голема штета на националната економија во поглед на големината на нејзините девизни резерви.

Трансакциите на девизниот пазар меѓу фирмите и корпорациите, од една страна, и деловните банки, од друга страна, можат да се поделат на две големи групи зависно од нивната рочност. Така, трансакциите на девизниот пазар можат да бидат:

1.промптни трансакции – се извршуваат веднаш, односно во рок на два работни дена

2. термински девизни трансакции – се извршуваат во рок од еден, три или шест месеци. Тие се склучуваат тогаш кога постојат флуктации на девизниот курс на деловниот пазар со цел да се исклучи ризикот од можна загуба заради појава на големи курсни разлики на многу краток рок, или да се оствари поголема заработувачка кога се очекува девизниот курс на валутата во која се извршува трансакцијата да порасне во догледно време. Трансакциите на девизниот пазар што се одвиваат меѓу фирмите и деловните банки се нарекуваат продажба на мало.

Трансакциите што се јавуваат меѓу големите корпорации и деловните банки се нарекуваат интербанкарски трансакции.

Сват-операции на девизниот пазар – ставање на располагање на определена сума пари што гласи на одредена национална валута од страна на една деловна банка со која постои соработка.

На девизниот пазар како учесници можат да се јават и централните банки тогаш кога е потребна интервенција заради одржување на курсот на националната валута.

## 11. Меѓународен монетарен систем

### *11.1. Фази во развојот на меѓународниот монетарен систем*

Низ историскиот развој меѓународниот монетарен систем поминал низ повеќе фази кои можат да се групираат во две големи групи: метален и хартиен.Металниот систем на важење на валутите постоел се до 70тите години на минатиот век. Во времето на важењето на овој систем постоела т.н. целосна или потполна конвертабилност на валутите, што подразбирала нивна неограничена замена за злато.[49]

Со воведувањето на хартиениот систем на важење на валутите веќе не постои заменливост на валутите за злато. Нивната конвертабилност денес подразбира нивно неограничено заменување од еден во друг вид валута.

### *11.2. Карактеристики на металистичкиот меѓународен монетарен систем*

Металистичкиот систем на важење се појавил со појавата на парите и во одредена форма постоел се до 70тите години од минатиот век. Овој систем се темели врз два основни принципа:

1. Слободен и неограничен увоз и извоз на благородни метали кои служат како паричен материјал

2. Слободно и неограничено ковање на благородните метали во пари и претопување на парите во благородни метали

[49] https://www.imf.org/external/pubs/ft/wp/2013/wp13224.pdf

Во својот долг век на постоење металистичкиот систем поминал неколку фази:

1. Паралелно важење – кога цените паралелно се изразувале и во златни и во сребрени пари, а овие пак не биле меѓусебно заменливи

2. Биметализам – дошло до законски регулирање на односот на златните и сребрените пари

3. Куцо (сакато) важење – златото ја играло улогата на паричен стандард, а среброто станало помошно, помалку вредно средство, односно ситни пари

### *11.3. Чистозлатен стандард и стандард на златни прачки*

Во системот на чистозлатен стандард функционирале златните пари и банкнотите што биле заменливи за злато во секое време во однапред определен соднос. Во овој период постоел слободен увоз и извоз на злато и автоматизам во меѓународните плаќања.[50]

Со воведувањето на стандардот на златни прачки повеќе не било можно секоја банкнота што гласи на мала вредност да се замени со злато, туку само акумулирана сума банкноти, утврдена со пропис, можела да се замени кај емисионата банка за златна прачка со однапред определена тежина.

Кованичка стапка – вредноста на една национална валута зависно од количеството злато што го содржи

### *11.4. Златнодевизен стандард и воведување на системот на хартиена валута*

Со воведувањето на златнодевизниот стандард, единствената валута заменлива за злато во странските централни банки бил американскиот долар. Сите национални економии во светот требало да обезбедат определена стапка на раст запазувајќи ја макроекономската стабилност за да можат своите национални валути да ги заменуваат за американскиот долар, а, пак, тие можеле во определен сооднос да се заменуваат за златни прачки.

### *11.5. Улога на меѓународните финансиски институции во повоениот меѓународен монетарен систем*

Во 1944 година во Брентон Вудс биле основани двете најзначајни меѓународни финансиски институции на денешницата – Меѓународниот монетарен фонд (Interational Monetary Fond – IMF) и Меѓународната банка за обнова и развој (International Bank for Reconstruction and Developnemt – IBRD), кои уште се нарекуваат Бретонвудски близнаци.

#### *11.5.1. Меѓународен монетарен фонд*

Со спогодбата на меѓународниот монетарен фонд основачите на фондот ги дефинирале целите и задачите на фондот, кои останале неизменети до денес. Основите задачи на фондот се:

1. Да обезбеди постојани консултации и соработка меѓу земјите-членки за решавање на меѓународните монетарни проблеми;

2. Да обезбеди поттикнување на врамнотежен раст на меѓународната размена, со цел постигнување висока стапка на вработеност, пораст на реалниот доход и развој на производните ресурси на сите земји-членки;

[50] https://www.goldeneaglecoin.com/buy-gold/gold-bars

3. Да обезбеди стабилност на девизниот курс што ќе биде поддржувана со посебни девизни аранжмани меѓу земјите-членки и да се одбегнува конкурентска депресијација на валутите;

4. Да воспостави мултилатерален систем на меѓународни плаќања што ќе ги отстрани девизните ограничувања што му пркосат на растот на меѓународната трговија

5. Да им обезбеди на членките краткорочни финансиски средства за корекција на краткорочните нарушувања на билансот на плаќања.

Секоја земја при зачленувањето во Фондот е должна да плати определена квота. Главните параметри според кои се определува големината на квотата се:

1. Големината на GDP на земјата;
2. Големината на девизните резерви на земјата;
3. Учеството на земјата во меѓународната трговска размена.

### *11.5.2. Политика на девизниот курс на земјите-членки на ММФ*

Секоја земја што се зачленувала во ММФ се обврзувала да води политика на фиксен девизен курс. Нејзината централна банка била должна да го определи паритетот на националната валута според точно определен златен стандард. По објавувањето на официјалниот курс на валутата, централната банка на членката била должна да интервенира со сите расположливи мерки и инструменти за да обезбеди поддршка на утврдениот девизен курс и негова стабилност. Во прво време дозволените отстапувања од фиксно утврдениот паритет на валутата можеле да изнесуваат само 1%, а подоцна тој процент се зголемил на 2.25%. Монетарниот систем во кој само американскиот долар се заменувал за злато се нарекува систем на важење на златната валута.

Земјите-членки од Европската економска заедница го формирале т.н. систем на змија, во кој курсевите на нивните валути флуктуирале во однос на курсевите на валутите на земјите надвор од ЕЕЗ. Едновремено, границите на флуктациите на нивните сопствени трансакции биле однапред утврдени.

Во периодот на нафтените шокови бил формиран Клубот на десетмина или Парискиот клуб, со кој земјите-членки издвоиле дополнителни фондови на средства во своите национални валути, што го уплатиле во ММФ со цел, кога за тоа ќе има потреба, преку фондот дел од тие средства да им биде одобруван во вид на дополнителни кредити по поволни услови за обезбедување на ликвидност во меѓусебните плаќања и рамнотежа во меѓусебните биланси на плаќања.

### *11.5.3. Меѓународна ликвидност и воведување на специјални права на влечење (СПВ)*

Специјалните права на влечење немаат материјална форма, што значи дека тие не постојат во вид на банкноти. Предвидено е тие да бидат дополнителна меѓународна резерва на ликвидност, со што ќе ги зголемат можностите за влечење на дополнителните кредитни транши врз основа на веќе уплатени квоти од страна на земјите-членки. Тие претставуваат побарување за ставање во слободна употреба на валутите на земјите- членки на ММФ, со тоа што се овозможува земјите со јака надворешна провизија да ги откупуваат СПВ од земјите со слаба надворешна позиција.[51]

### *11.5.4. Кредитни линии на ММФ*

[51] https://www.imf.org/en/About/Factsheets/Sheets/2016/08/01/20/40/Flexible-Credit-Line

1.Општ зајмовен (светски) аранжман (1962) – точно дефинирани суми што се ставени на располагање на фондот од 11 индустриски земји;

2. Дополнителни средства за компензаторни финансирање (1963) – им се одобруваат на земјите-членки кога се јавува нарушување на рамнотежата на нивните биланси на плаќање, што настанува како резултат на случајни нарушувања во трошковната структура на извозот или увозот на житарки;

3. Помош во итни ситуации – се одобруваат на земји што настрадале од природни стихии со катастрофални последици или од воени конфликти, а со цел веднаш да се излезе во пресрет на потребите на нарушената рамнотежа во билансот на плаќањата и нарушувањата на вкупната макроекономска стабилност;

4.Кредитна линија за формирање на тампон-залихи (1969) – дополнително одобрени средства од ММФ за полесно формирање на тампон залихи на стоки со кои земјите да интервенираат на домашниот или на меѓународниот пазар во моменти на големи ценовни нарушувања на примарните производи;

5.Стенд бај аранжмани – краткорочни кредитни линии што служат за порамнување на краткорочната нерамнотежа во билансот на плаќањата;

6. Зголемен фонд на средства (ЕФФ) (1974) – среднорочни кредити за земји кои страдаат од структурна нерамнотежа во билансот на плаќањата;

7. Сметка за субвенционирање (СА) (1975) – придонеси од земјите-членки, кои биле одобрувани на најзагрозените земји-увознички на нафта од последиците од нафтениот шок;

8.Старателски фонд (1976) – чии средства биле наменети за одобрување на дополнителни кредитни линии за неразвиените земји;

9.Кредитна линија за дополнителни средства за структурно приспособување (САФ) (1986) – за земји во развој со низок доход, која се одобрува врз концесиона линија. Заемот се одобрува само доколку се изработи и прифати Програма за структурно приспособување;

10.Зголемени средства за структурно приспособување (ЕСАФ) (1987) – за нај неразвиените презадолжени земји, во кои поголемиот дел од населението преживува со само еден американски долар на ден;

а.) Документ на рамковна политика – ја опфаќа политиката и мерките што земјата треба да ги спроведува во наредниот тригодишен период со цел да се обезбеди структурно приспособување и макроекономска стабилизација;

11.Средства за компензаторно и контингентско финансирање(ЦЦФФ) (1988) – компензирање на членките што претрпеле загуби во рамките на извозните активности како последица на влијанието на фактори што не можеле да се предвидат или врз кои тие немале никаква контрола;

12.Средства за системска трансформација (СТФ) (1994) – се одобрувале на земји во транзиција (од планско во пазарно стопанство)

13.Нови аранжмани за задолжување (НАБ)(1997) – требале да ги надополнат старите и да функционираат паралелно;

14.Средства за дополнително финансирање (СФФ)(1997) – средства кои се одобруваат надвор од редовните кредитни линии, и тоа на многу краток рок. Се одобруваат на земји што страдаат од сериозни платенобилансни тешкотии што настанале како резултат на губењето на довербата на пазарот, бегства на капиталот и остар пад на девизните резерви

15.Иницијатива за презадолжените сиромашни земји (ХИПЦ)(1997) – прв сериозен обид на Парискиот клуб за разрешување на проблемот на презадолженост кај сиромашните земји, но не преку отпишување на нивните долгови, туку преку нивно репрограмирање и редовна отплата, без притоа да биде загрозен нивниот натамошен раст

16.Средства за намалување на сиромаштијата (ПРФГ)(1998) – треба да обезбеди долгорочен економски раст, што како крајна цел во себе го содржи поттикнувањето на порастот на животниот стандард во најнеразвиените земји.

а). Стратегија за намалување на сиромаштијата – во неа се образложува замислената програма, сите мерки и проекти што треба да се преземат за програмата да биде спроведена на дело, како и финансиската поддршка за реализација на предвиденото

17.Контингентна кредитна линија– има задача да дејствува превентивно и да го спречи ширењето на финансиската нестабилност во меѓународната економија

Освен за аранжманот ПРФГ, сите кредитни аранжмани за ММФ обезбедуваат заеми со пазарна интересна стапка што се нарекува стапка на наплата. За да го спречи прекумерното задолжување, ММФ наплатува
казнена камата, која расте прогресивно со порастот на задолжувањето над определен лимит.

### *11.6. Меѓународна банка за обнова и развој (International Bank for Reconstruction and Development – IBRD)*

Меѓународната банка за обнова и развој е формирана со цел да прибира средства за финансирање на долгорочни јавни проекти за развој за кои не е заинтересиран приватниот капитал. Средствата со кои располага ИБРД се прибираат по неколку основи:

1. По пат на уплаќање на одредена квота на средства
2. По пат на издавање на хартии од вредност на банката
3. По пат на задолжување на меѓународниот пазар на капитал

1. Големината на квотата се утврдува за секоја земја посебно, зависи од економскиот капацитет на земјата, степенот на нејзината развиеност и обемот на девизни резерви со кои таа располага.

Со банката раководат Одбор на гувернери, составен од по еден претставник од секоја земја-членка; Одбор на извршни директори, кој има 24 члена, од кои пет члена доаѓаат од земјите со најголема квота и најголем број гласови (САД, Германија, Јапонија, Велика Британија, Франција); и Претседател. По договор, Претседателот на банката е секогаш државјанин на САД, а на ММФ е државјанин на некоја од земјите на Западна Европа.

Утврдувањето на приоритетите на една економија се нарекува фаза на идентификација на проектот. Кратко време по основањето, ИБДР се здобила со статус на специјализирана агенција на Обединетите нации. Подоцна во нејзини рамки се формирани уште четири меѓународни институции, и тоа:

1. Меѓународно здружение за развој(IDA) – има за задача да обезбеди финансиски средства за финансирање на проекти под посебни услови во најнеразвиените земји. Право на користење имале само оние земји кои остварувале помалку од 1000 американски долари GDP per capita
2. Меѓународна финансиска корпорација(IFC) – имала за задача да го поттикнува стопанскиот развој преку стимулирање на инвестирањето на приватниот капитал
3. Мултилатерална агенција за гарантирање на инвестициите(MIGA) – нејзина задача е да дава гаранции за некомерцијални ризици на странските вложувања на приватен капитал, со што ќе ги поттикнува странските инвестиции во помалку развиените земји
4. Меѓународен центар за решавање на спорови во областа на инвестициите

Сите четири институции заедно се познати под името Групација на светската банка, а ИБРД и ИДА заедно се нарекуваат Светска Банка. Нивното седиште се наоѓа во Вашингтон, САД. Програмите на Групацијата на светската банка обично обезбедуваат поддршка за следниве приоритетни цели:

1. Инвестирање во човечкиот капитал преку зголемување на обемот на вложените средства во образованието и во здравството;
2. Поддршка на социјалниот развој и изградбата на институциите како клучни елементи за намалување на сиромаштијата;

3. Зголемување на способноста на владините тела за обезбедување квалитетни, ефикасни и транспортни услуги;

4. Заштита на окружувањето;

5. Поддршка на развојот на приватниот бизнис;

6. Промоција на реформи што ќе обезбедат стабилно макроекономско окружување, повеќе инвестиции и долгорочен развој.

## 12. Меѓународен пазар на капитал

### *12.1. Поим за меѓународен пазар на капитал*

Меѓународниот пазар на капитал го претставуваат економскиот простор во меѓународната економија на кој се среќаваат резидентите од различни земји заради тргување со капиталните добра.[52]

Функционирање на меѓународниот пазар на капитал всушност ја претставува интертемпоралната функција на пазарот со која се овозможува одреден дел од потрошувачката да се одложи денес со цел во некое догледно време да се оствари поголем принос, односно поголема добивка, од средствата што не биле потрошени веднаш. Меѓународниот пазар на најефикасен начин врши алокација на потребните финансиски средства за обезбедување на ликвидноста на плаќањата во меѓународната економија, но, исто така, преку него се врши алокација на заштедите во различни економии и во различни производни дејности. На него се формира цената на паричниот капитал, како висината на девизните курсеви и цената на хартиите од вредност што котираат на меѓународната берза. Со функционирањето на меѓународниот пазар на капитал се обезбедуваат средствата и методите за оценка на ризичноста на инвестиционите зафати. Главните учесници на меѓународниот пазар на капитал се истите оние што се јавуваат како главни носители на трансакциите на девизниот пазар:

1. Комерцијалните банки, главните актери на меѓународниот пазар на капитал, со оглед на тоа што тие учествуваат во широк спектар на финансиски трансакции во меѓународната економија и се главни носители на системот на меѓунардони плаќања во светот.

2. Големите корпорации, особено транснационалните, благодарение на својата разгранетост во повеќе национални економии во светот и благодарение на својата економска моќ, имаат способност на мошне ефикасен начин, употребувајќи ги сите расположливи информации, да ги прибираат слободните паричнифондови на комерцијалните банки, со што се јавуваат како најголеми корисници на нивните долгорочни заеми. Тие се и главно носители на финансиските трансакции на меѓународните берзи на хартии од вредност, што им овозможува дополнително зголемување на приходите.

3. Небанкарски финансиски институции т.н. инвестициони банки, не ги вршат класичните банкарски работи во посредувањето во меѓународниот платен промет, се специјализирани исклучиво за посредување на пазарите на хартии од вредност, каде што обезбедуваат стручна помош и услуги за управувањето и структурирањето на портфолијата на големите корпорации, а понекогаш и на владите на одделни земји.

4. Одделни влади, особено во земјите во развој, тие се јавуваат како зајмувачи на долгорочни средства од комерцијалните банки на развиените земји.

5. Централните банки, на меѓународниот пазар на капитал се инволвирани автоматски преку нивниот ангажман во интервенирањето на девизниот пазар за одржување на стабилноста на девизниот курс на националната валута.

[52] http://www.investopedia.com/terms/c/capitalmarkets.asp

### *12.2. Сегменти на меѓународниот пазар на капитал*

Трите основни сегменти на меѓународниот пазар се:
1. Меѓубанкарски пазар на капитал и на депозити;
2. Меѓународен пазар на доверителски хартии од вредност;
3. Меѓународен пазар на сопственички хартии од вредност

#### *12.2.1. Меѓубанкарски пазар на капитал и на депозити*

Меѓубанкарскиот пазар на капитали на депозити го сочинува економскиот простор на кој се врши понуда и побарувачка на ликвидни средства во конвертабилна валута во меѓународната економија. Еден финансиски центар станува меѓународен тогаш кога прибраните слободни парични средства од економските субјекти, односно од депонентите на домашниот пазар, им се ставаат на располагање на странски корисници, и обратно, слободниот паричен капитал со странско потекло им се става на располагање на домашните корисници.

Меѓубанкарскиот пазар на капитал и на депозити својот брз развој им го должи на два моменти во меѓународната економија:

(1) Да се одбегне влијанието на строгата владина регулатива што важи на националниот пазар на капитал и да се избегне плаќањето на дел од даноците со пренесување на еден дел од активностите во странство.

(2) Да се излезе во пресрет на желбата на некои депоненти еден дел од заштедените девизни средства да се држат надвор од јурисдикцијата на националната влада што извршила емисија на парични средства на чија валута гласат овие заштеди.

Финансиското работење во странство уште се нарекува прекуокеанско банкарство или прекуокеанска трговија со девизни депозити. Најголемиот дел од овој вид трансакции се одвива во т.н. евровалута.

Евровалутите се депозити што се депонирани и можат да се исплатат во американски долари или во други конвертибилни валути, а кои се депонирани во банките надвор од САД, најчесто Лондон.

Доларските депозити што се чуваат во банките надвор од територијата на САД се викаат евродоларски депозити, а банките што работат со вакви депозити се викаат евробанки.

Кога земјите на ОПЕК почнале да остваруваат огромен прилив од покачувањето на цената на нафтата,овие средства не можеле да ги вложат на ефикасен начин во сопствените национални економии ниту можеле даги пласираат преку сопствените банки затоа што нивниот банкарски и финансиски систем бил неразвиен за изведување на софистицираните практики што се применувале во развиените земји. Затоа тие почнале да ги вложуваат т.н. петродолари во западно европските банки**.**

#### *12.2.2. Меѓународниот пазар на доверителски хартии од вредност*

Користењето на заеми е сврзано со плаќање на трошоци за банкарските услуги, како и на други трансакциони трошоци што произлегуваат од функционирањето на меѓународниот пазар на капитал и на депозити.

Под т.н. секјуритизација на пласманите и на користените средства подразбирало дека фирмите што и мале слободни парични средства или што имале потреба од дополнителни финансии претпочитале да се обратат на пазарот на кој се тргувало со финансиски инструменти наместо да излезат на меѓународниот пазар на капитал. Доколку субјект на една национална економија емитува обврзници на некоја друга национална економија и тие гласат на националната валута на економијата во која се емитуваат, станува збор за меѓународни обврзници.

Еврообврзниците настануваат тогаш кога субјект од одредена национална економија емитува обврзници во некоја странска земја што гласат на националната валута на некоја трета земја во странство.

### *12.2.3. Меѓународен пазар на сопственички хартии од вредност*

Секјуритизацијата или обезбедувањето од ризик на пласманите на економските субјекти во меѓународната економија се врши и преку меѓународниот пазар на сопственички хартии од вредност. Меѓу доверителските и сопственичките хартии од вредност постои суштинска разлика. Ризикот од пласманот на слободните парични средства во доверителските хартии од вредност е далеку помал од оној при вложувањето на средства во доверителските хартии од вредност.

Вложените средства во доверителските хартии од вредност се дадени назаем и однапред се знае кога ќе биде вратена главницата и со колкава, фиксна, однапред определена заработувачка на вложените средства.

За разлика од ова, средствата што се вложуваат при купувањето на сопственичките хартии од вредност не се даваат на заем, туку претставуваат траен влог со кој се стекнува право на сопственост врз некакво добро, земјиште или производен капацитет. Додека доверителските хартии од вредност обезбедуваат фиксна, однапред позната заработувачка на вложените средства, сопственичките хартии од вредност овозможуваат варијабилна заработувачка на вложените средства, која зависи од бонитетот, успехот во работењето и големината на остварениот профит на капацитетот во кој било стекнато правото на сопственост. Идејата за диверзификација на ризикот Тобин ја искажал со следнава реченица: „Не ставајте ги сите јајца во иста кошница“. Со други зборови, инвеститорите мораат да решат колкав дел од своите вложувања ќе ги
реализираат со зајмување од приватни извори, колкав дел ќе вложат во доверителски хартии, а колкав дел во сопственички хартии од вредност.

## 13. Биланс на плаќања

### *13.1. Поим, дефиниција и концепти на билансот на плаќањата*

Меѓународниот монетарен фонд го дефинира билансот на плаќањата според поширокиот концепт и, според неговата дефиниција, билансот на плаќањата претставува систематски преглед на сите економски трансакции извршени во определен временски период, најчесто една година, меѓу резидентите на една земја и странските резиденти.[53]

Зависно од елементите и видот на трансакциите што го сочинуваат, билансот на плаќањата може да се разгледува како основен (базичен), девизен и пресметковен.

Дефиницијата на ММФ го дефинира т.н. основен или базичен биланс на плаќањата. Од него може да се согледа:

1) големината на општествениот производ и националниот доход на земјата,
2) степенот на нејзината економска развиеност;
3) нејзината макроекономска стабилност;
4) проблемите на стопанската структура;
5) позицијата на националната економија во меѓународната економија;
6) успешноста на спроведувањето на инструментите и мерките на монетарната и надворешнотрговската политика;
7) и ред други аспекти важни за економскиот развој и стабилноста на дадената земја пример;

[53] http://irows.ucr.edu/research/globres/definitions/accountdef.html

Во дефиницијата за билансот на плаќањата првин треба да се разграничи поимот резидент од поимот државјанин на една земја. Доколку станува збор за правни лица, како резиденти на една земја се сметаат оние што имаат извршено регистрација во судскиот регистар според важечките законски прописи на земјата.

Доколку станува збор за физички лица, тогаш како резиденти на една земја се сметаат оние што остваруваат право на жителство во таа земја. Ова значи дека резидент на една земја не мора да биде и нејзин државјанин, туку може да биде лице кое има странско државјанство, но е трајно населено во дадената земја. Исто така, лице кое има државјанство од една држава, но е трајно населено во некоја друга држава, односно нема свое живеалиште во матичната држава, не се смета за резидент на матичната држава.

По препорака на ММФ, сите стоковни трансакции во надворешнотрговската размена на извозот и во увозот се регистрираат по методот ФОБ (FOB), што ги опфаќа цената на стоката и трошоците на нејзиното испорачување до границите на дадената држава.

Методот ЦИФ (CIF), што подразбира пресметување на сите трошоци за транспорт и осигурување на стоката, вклучувајќи ја и фактурната вредност на стоката франко државната граница. Билансот на плаќањата се изработува според принципот на двојното книговодство прифатен во западните економии, што значи дека левата страна е кредитна, а десната дебитна. Евентуалните несогласувања на страните на билансот на плаќањата од книговодствен аспект се порамнуваат со посебно книжење на појавената разлика на спротивната страна под ставката грешки и пропусти.

Билансот на плаќањата не ја покажува почетната и крајната состојба на фондовите и расположливите средства, туку ја евидентира само промената што ќе настане во нив.

Девизниот биланс ги следи сите сметки што ги евидентираат паричните текови во и од земјата.

Тој ја опфаќа само ефективата на меѓународното движење на капиталот, без притоа да ги следи стоковните текови.

Пресметковниот биланс го покажува степенот на задолженост, односно состојбата на вкупните меѓународни побарувања и долгувања на една земја во определен момент (најчесто 31.12. секоја година). Овој биланс се нарекува уште и биланс на меѓународната инвестициона позиција на земјата.

### *13.2. Шема на билансот на плаќањата*

Билансот на плаќањата го сочинуваат два основни дела: тековна сметка и капитална сметка.[54]

Тековната сметка на билансот на плаќањата ја сочинуваат:

1. трговскиот биланс, кој го евидентира увозот и извозот на стоки од националната економија;
2. билансот на услуги, кој ја евидентира размената на услуги на дадената земја во странство;
3. билансот на движењето на населението, кој ги опфаќа приходите и расходите што ги реализираат од иселеничките дознаки и туризмот.
4. билансот на државните приходи и расходи, што подразбира трошоци за издршка на амбасадите и владините претставништва во странство и приливи по иста основа од странските амбасади и претставништва во земјата.
5. билансот на приходи и расходи по основа на камати од земени и одобрени заеми, кој ги евидентира плаќањата и наплатите на каматите по основа на заеми

[54] http://irows.ucr.edu/research/globres/definitions/accountdef.html

Капиталната сметка е вториот поважен подбиланс во билансот на плаќањата. Неа ја сочинуваат следниве подбиланси:

1. Билансот на краткорочни заеми, кој ги евидентира сите одобрени и земени краткорочни заеми, но го опфаќа и салдото од клириншките сметки.
2. Билансот на среднорочни и долгорочни заеми, кој ги бележи сите одобрени и земени заеми од овој вид.
3. Билансот на финансиски трансакции, кој го следи движењето на капиталот во вид на портфолио и странски директни инвестиции.
4. Билансот на економска помош, кој ги бележи сите видови економска помош, без оглед на тоа дали е одобрена од јавни или од приватни извори.
5. Билансот на репарации и реституции, каде што влегуваат сите надоместоци за настаната штета, погрешно пресметани и уплатени царински, даночни и други видови давачки.
6. Билансот на купување и продавање на монетарно злато, кој води евиденција за измените на нивото на девизните и златните монетарни резерви на земјата.

### *13.3. Видови трансакции во билансот на плаќањата*

Меѓународните економски трансакции претставуваат промена на сопственоста на определена стока, услуга или финансиско побарување меѓу резидентите на една земја и странските резиденти.[55]

Една од основните поделби на трансакциите што ги опфаќа билансот на плаќањата е нивната поделба на еднострани и двострани трансакции.

1. Најголемиот дел од трансакциите што се предмет на евидентирање на билансот на плаќањата се двострани. Двостраните трансакции повлекуваат соодветни книжења на двете страни (левата и десната) на билансот на плаќањата.

Кај едностраните трансакции економските текови се еднонасочни, односно промената на сопственоста врз материјалните и нематеријалните добра за возврат не повлекува никакви повратни движења во меѓународната економија.

2. Најголемата практична аналитичка вредност има поделба на трансакциите во билансот на плаќање на тековни и капитални трансакции. Тековните трансакции ги претставуваат трансакции што настануваат меѓу резидентите на една земја и странските резиденти брз основа на тековното деловно работење.

Анализата на тековните трансакции од национален аспект треба да овозможи да се согледа големината на новосоздадената вредност во една земја. Од аспект на меѓународната економија, тие го покажуваат обемот во кој се зголемува светскиот доход на годишно ниво.

Капитални трансакции го следат меѓународното движење на среднорочниот и на долгорочниот капитал.

Анализата на овие трансакции од национален аспект треба да се покаже колку се изменила должничко- доверителската позиција на една земја во определен временски период.

3. Од аспект на статусот на резидентите што се јавуваат како носители на економските трансакции што се предмет на евиденција во билансот на плаќањата, тие можат да се поделат на приватни и јавни.

4. Зависно од начинот на кој се одвиваат трансакциите во меѓународната економија тие можат да се поделат на доброволни, принудни и автоматски. Најголем дел од трансакциите се одвиваат доброволно, односно како резултат на потребите за нормално функционирање на одделните национални економии во светот и нивната заемна зависност и меѓусебната поврзаност.

Принудните трансакции настануваат како резултат на принудно наметнатите обврски врз определени национални економии од страна на меѓународната заедница.

---

[55] http://irows.ucr.edu/research/globres/definitions/accountdef.html

5. Од теоретски аспект најважна е поделбата на трансакциите на автономни и компензаторни. Сите трансакции што се јавуваат спонтано и независно од актуелната состојба во билансот на плаќањата на една земја, зависно од потребите на нејзината економија, се автономни трансакции.

Сите трансакции, пак, што се преземаат заради порамнување на нерамнотежата во билансот на плаќањата се компензаторни трансакции.

### *13.4. Дефинирање на нерамнотежата во билансот на плаќањата*

#### *13.4.1. Концепти на пресекување на билансот на плаќањата*

Од теоретски аспект, рамнотежата во билансот на плаќањата е онаа состојба што, при постоење и функционирање на определени макроекономски варијабли, може да се одржува автоматски, без употреба на какви и да е мерки од страна на монетарните власти.

За да се утврди дали постои вистинска рамнотежа во билансот на плаќањата на една земја, потребно е да се изврши негово хоризонтално сечење. Со хоризонтално сечење на едно или повеќе места во билансот на плаќањата се добиваат парцијалните биланси кои покажуваат какви се карактеристиките на одделните сметки што го сочинуваат билансот на плаќањата, односно каде земјата има предности при настапот на меѓународниот пазар, а каде се соочува со одредени проблеми.

Се смета дека трансакциите што ќе се најдат над хоризонталната црта се изворот на макроекономската нестабилност, а оние што се наоѓаат под цртата се преземаат со цел да се корегират последиците што настанале како резултат на првите.

Некои од поважните теоретски пристапи на сечењето на билансот на плаќањата:

1. хоризонталниот пресек треба да се изврши веднаш под трговскиот биланс, затоа што меѓународната размена на стоки е од најголемо значење за благосостојбата и развојот на една земја.

2. Билансот на плаќањата ќе биде во рамнотежа ако е во рамнотежа односот меѓу увозот и извозот на стоки и услуги во дадената национална економија.

3. Доколку на меѓународната размена на стоки и услуги што една земја ја остварува со странство во текот на определен временски период се додадат и еднонасочните трансакции, тогаш се добива т.н. тековен биланс, или уште познат како тековна сметка. Тековната сметка во една национална економија е во рамнотежа доколку големината на инвестициите во разгледуваниот период во таа земја е еднаква на големината на остварената акумулација.

4. Доколку тековната сметка не е во рамнотежа, билансот на плаќањата може да се доведе во состојба на рамнотежа преку трансакциите што се наоѓаат под хоризонталната црта по пресекувањето, а кои во овој случај ја сочинуваат т.н. капитална сметка. Трансакциите на капиталната сметка се хетерогени и имаат компензаторен карактер;

5. Хоризонталната црта се подвлекува под трансакциите што се однесуваат на долгорочното движење на капиталот. Ова значи дека движењето на долгорочниот капитал според овој концепт се третира како автономна трансакција, заедно со сите претходно спомнати трансакции. Како компензаторни се третираат само трансакциите поврзани со движењето на краткорочниот капитал и оние поврзани со движењето на монетарните резерви. Вака добиениот биланс се нарекува основен или базичен биланс;

6. Претендираат да ја дадат целосната слика на состојбата во билансот на плаќањата. Меѓу овие начини се вбројува и определувањето на т.н. биланс на немонетарни трансакции, кој поаѓа од уверувањето дека сите трансакции на

немонетарниот сектор на една земја се со автономен карактер, а само трансакциите на монетарниот сектор и оние поврзани со девизните резерви се преземаат со цел да се постигне врамнотежувањето на вкупната состојба на билансот на плаќањата;

7. Билансот на официјални (компензаторни) трансакции, исто така, се обидува да ја отслика севкупната ситуација во билансот на плаќањата. Кај кој концепт се смета дека само девизните резерви и манипулирањето со нив е сфера врз која монетарните власти имаат контрола, па затоа само овој вид трансакции се компезаторни и можат да послужат за врамнотежување на вкупната состојба во билансот на плаќањата;

8. Најдобар индикатор за постоењето на рамнотежа на краток рок е рамнотежата во билансот на немонетарните трансакции. На среден рок рамнотежата во билансот на плаќањата ќе биде одржлива доколку се обезбеди
рамнотежа во основниот биланс.

Рамнотежата на долг рок е можна само тогаш кога земјата троши онолку колку што може да произведе. Според тоа, најдобриот индикатор за долгорочната рамнотежа во билансот на плаќањата е постоењето на рамнотежа во тековната сметка на дадената национална економија.

### *13.4.2. Видови нерамнотежа во билансот на плаќањата*

Во зависност од факторите што ја условиле, нерамнотежата во билансот на плаќањата може да се разгледува како случајна, циклична и структурна или фундаментална. Случајната нерамнотежа во билансот на плаќањата настанува како резултат на дејствување на непредвидливи фактори кои не се од економска природа. Корекцијата на состојбата во билансот на плаќањата најлесно се постигнува со финансирање на дефицитот.

Цикличната нерамнотежа во билансот на плаќањата настанува под влијание на фазите на економскиот циклус во меѓународната економија. Најдобриот метод за санирање на нерамнотежата во билансот на плаќањата во ваков случај е манипулацијата со монетарните резерви ја земјата.

За разлика од цикличната нерамнотежа, структурната нерамнотежа во билансот на плаќањата настанува како резултат на стопанскиот раст на една земја и нејзината неприспособеност кон тековите во светската економија. Факторите што доведуваат до структурна нерамнотежа можат да се поделат на реални и монетарни.

Во групата на реалните фактори се вбројуваат:

1) Појавата на тесни грла и диспропорционален развој на гранската структура на економијата

2) Заостанување во технолошкиот развој во однос на светската економија→ опаѓање кон општото ниво на продуктивноста во земјата

3) Неусогласеност меѓу акумулацијата и инвестициите

4) Диспаритети на домашните цени и трошоците на производството во споредба со оние од светскиот пазар.

Монетарните фактори што доведуваат до структурна нерамнотежа во билансот на плаќањата се најчесто трошковната и инфлацијата на побарувачката.

Првата мерка по која се посегнува за да се приспособи билансот на плаќањата во ваков случај е дефлацијата. Ако таа не даде резултати, односно ако и натаму нивото на вработеност, на цените во економијата и на билансот на плаќањата не бидат задоволувачки, мора да се изврши приспособување на курсот на националната валута, односно девалвација, и да се воведе девизна контрола.

### *13.4.3. Мултипликаторот на економскиот развој во случајот на затворена економија*

Во затворената економија порастот на доходот ќе влијае и врз порастот на потрошувачката и врз порастот на штедењето.

Граничната склоност кон потрошувачката покажува колкаво би било зголемувањето на оваа варијабла во случај кога националниот доход би се зголемил за една парична единица, што е изразено со изразот ΔC/ΔY.

Граничната склоност кон штедењето, пак, се пресметува преку односот ΔS/ΔY,кој покажува колку би се зголемило штедењето во земјата како националниот доход би се зголемил за само една парична единица.

Во затворена економија само дополнителните инвестиции можат да доведат до зголемување на националниот доход. Според тоа, развојот на земјата ќе зависи од големината на инвестициите. Оттука мултипликаторот на економскиот развој во затворена економија зависи од две варијабли- од инвестициите и штедењето. Тој треба да покаже колку ќе порасне националниот доход на земјата во зависност од вложувањето на една дополнителна единица инвестиции.

$$k=\Delta I(1/1-\Delta C)$$

Мултипликаторот во затворена национална економија укажува на факторот дека економскиот раст во неа зависи правопропорционално од големината на новите инвестиции. Инвестициите се дотолку поголеми дотолку е помало штедењето, и обратно, со порастот на штедењето се намалува обемот на инвестициите, а со тоа се забавува економскиот раст на разгледуваната економија.

### *13.4.4. Надворешно трговски мултипликатор и случајот на отворена економија*

Односот на големината на увозот кон големината на националниот доход, што се нарекува просечна склоност кон увоз- M/S. Просечната склоност кон увоз покажува колкав обем на увоз се реализира по единица национален производ**.**

Граничната склоност кон увоз, што се пресметува преку односот ΔM/ΔY, покажува колку единици ќе порасне увозот доколку националниот доход се зголеми за една единица. Надворешнотрговскиот мултипликатор се пресметува како реципрочна вредност од граничната склоност кон варијаблите што влијаат негативно врз големината на производството во една земја, а тоа беа штедењето и увозот, или:[56]

$$k=1/MPS+ 1/MPM$$

Мултипликаторот во отворена економија го покажува зголемувањето на националниот доход како резултат на автономниот извоз, од една страна, а од друга страна, истовремено покажува дека зголемувањето на националниот доход води кон зголемување на увозот во земјата. На тој начин суфицитот од остварениот извоз ќе се пребива со дефицитот од остварениот увоз и ова ќе се одвива се до оној момент додека не дојде до изедначување на големината на автономниот извоз со големината на автономниот увоз. Според тоа, надворешнотрговскиот мултипликатор има автоматско влијание врз врамнотежувањето на состојбата во надворешнотрговската размена и билансот на плаќањата.

## *13.5. Теории за врамнотежување на билансот на плаќањата*

Механизми на приспособување на билансот на плаќањата можат да се поделат во три основни групи:

1) Класичен (автоматски) механизам;
2) Доходно-апсорпционен механизам;
3) Монетарен механизам.

[56] http://irows.ucr.edu/research/globres/definitions/accountdef.html

### *13.5.1. Класичен (автоматски) механизам на приспособување на билансот на плаќањата*

Овој механизам е карактеристичен за златниот стандард на важење, а подоцна послужил повеќе пати како појдовна основа за формулирање на другите концепции за приспособување. Автоматскиот механизам на приспособување содржи монетарни и ценовни механизми. Неговата суштина се состои во уверувањето дека промените во обемот на паричната маса во економијата веднаш (автоматски) влијаат врз нивото на цените.

Според основоположниците Рикардо и Хјум, најстарото толкување на автоматскиот механизам на приспособување е заснован врз квантитативната теорија на парите, а неговите основни принципи се:

1. Монетарни власти на секоја земја мораат да го утврдат паритетот на својата валута во злато;
2. Салдата од надворешнотрговската размена се покриваат со злато, а увозот и извозот на златото е наполно слободен;
3. Промените во количеството злато во националната економија доведуваат до пропорционални промени на обемот на паричната маса
4. Промените во обемот на паричната маса имаат пропорционално влијание врз домашните цени на стоките
5. Ова, пак, влијае врз промената на релативните односи во надворешнотрговската размена на земјата со странство.

Прикажаниот модел се темели врз една многу важна претпоставка- целосна еластичност на цените на стоките, факторите на производството, како и на реалните наемнини.

Моделот на Рикардо и Хјум прв го критикува Маркс. Според Маркс, приливот и одливот на монетарното злато влијае пред се врз големината на каматните стапки во земјата. Така, одливот на монетарното злато ќе изврши притисок на побарувачката врз понудата на капитал, што ќе доведе до пораст на каматните стапки.

Бидејќи каматните стапки ја претставуваат цената на еден од факторите за производство (капитал), неговото поскапување ќе ги зголеми производните трошоци, што ќе доведе до општ пораст на цените на домашниот пазар.

Ова, од своја страна, при непроменети номинални наемнини доведува до опаѓање на реалните наемнини и до опаѓање на ефективната побарувачка во земјата. Падот на побарувачката доведува до пад на цените на стоките на домашниот пазар, што овозможува зголемување на извозот и намалување на увозот.

### *13.5.2. Доходовно - апсорпционен механизам на приспособување на билансот на плаќањата*

Во оваа сложена меѓународна економска ситуација англискиот економист Кејнз бил првиот што се осмелил да каже дека состојбите можат да се подобрат само по пат на преземање интервенционистички мерки од страна на државата и со жртвување на надворешната рамнотежа за сметка на внатрешната. Кејнз сметал дека при нецелосна искористеност на домашните капацитети одливот на паричниот материјал од домашната економија во услови на дефицит на билансот на плаќањата нема да предизвика никаква промена во домашните цени.Напротив, тие ќе останат стабилни. Обратно, доколку постои голема побарувачка за фактори на производство, а капацитетите се целосно искористени, притисокот врз домашната понуда ќе предизвика појава на инфлаторни движења во економијата.

Големата инфлација конечно ќе ја принуди националната влада да ја девалвира домашната валута, со што ќе се подобрат односите на размената и ќе се овозможи зголемување на извозот, а намалување на увозот на земјата.

Девалвацијата на националната валута ќе предизвика ефекти и врз националниот доход и врз апсорпцијата. Девалвацијата ќе предизвика директен ефект во поглед на зголемувањето на националниот доход со тоа што ќе овозможи подобро искористувањето на капацитетите и ќе ги подобри односите на размена на домашните стоки на странскиот пазар. Меѓутоа, ова не мора да се случи во мала економија која не може да влијае врз цените на светскиот пазар, туку мора да ги следи цените што ги наметнуваат најсилните конкуренти (лидерите).

Во поглед на апсорпцијата, девалвацијата може да предизвика четири различни ефекти, и тоа:

1. При нефлексибилна понуда на пари на домашниот пазар девалвацијата може да ги натера економските субјекти да го зголемат износот на готови пари што ги чуваат кај себе, со цел да задржат одредено ниво на реална куповна моќ.

2. Порастот на цените на домашниот пазар како резултат на девалвацијата не мора да оди едновремено со порастот на наемнините, туку напротив, многу често може да се појави временски јаз. Во таков случај доаѓа до редистрибуција на доходот во полза на профитот, а на штета на наемнините.

3. Девалвацијата може да создаде т.н. парична илузија, при што, дури и во случај кога зголемувањето на доходот е еднакво на зголемувањето на цените, потрошувачите ја намалуваат потрошувачката на стоки.

4. Спротивно на ова ефектот на инфлационите очекувања, односно претпоставувањето на натамошен раст на цените во блиска иднина, ќе ја зголеми апсорпцијата. Апсорпциониот пристап води кон заклучок дека политиката на приспособување на билансот на плаќањата треба да се води преку приспособување на обемот на апсорпцијата во националната економија. Така, за да се приспособи дефицитот во билансот на плаќањата, неопходно е да се намали апсорпцијата, а тоа може да се стори на два начина: со употреба на рестриктивни инструменти што ќе ја ограничат апсорпцијата како дефлација и воведување на мерки на ограничувања; и со пренасочување на потрошувачката од увозните на домашните стоки, за што треба да се користат редистрибутивните инструменти како девалвација, депресијација, увозни + ограничувања и други промени.

### *13.5.3. Монетарна теорија на приспособување на билансот на плаќањата*

Монетарната теорија во центарот на своето внимание го поставува компензаторниот биланс на плаќањата. Монетаристите сметаат дека приспособувањето на билансот на плаќањата треба да се врши со помош на паричната маса и дека ова не зависи ниту од доходот ниту од цените во националната економија.

За да ги докаже своите премиси, монетарната теорија тргува од повеќе претпоставки, и тоа:

1. Побарувачката на пари во националната економија е стабилна, а брзината на оптекот на парите е константна;

2. Приспособувањето на саканото и расположливото количество пари се врши моментално;

3. Монетарните власти не вршат стерилизација на паричната маса;

4. Мобилноста на капиталот во меѓународни размери е целосна, а домашните хартии од вредност се целосни супститути на странските хартии од вредост.

5. Националната економија не може битно да влијае врз движењата на меѓународниот финансиски пазар.

Нерамнотежата во билансот на плаќањата монетаристите ја толкуваат како непоклопување на паричните и стоковните фондови во земјата. Монетаристичката теорија не нашла своја емпириска поткрепа во досегашната практика. Сепак, почитувањето на некои нејзини заклучоци има исклучителна важност при

дефинирањето на економската политика на една земја. Меѓу нив посебно се издвојуваат следниве:[57]

1. При постоење на дефицит во билансот на плаќањата монетарните власти на националната економија не смеат да водат експанзивна монетарно-кредитна политика, затоа што така уште повеќе ќе го продлаблочат дефицитот и ќе дојде до депресијација на курсот на националната валута.

2. Девалвацијата нема да ги даде очекуваните резултати доколку монетарните власти вршат стерилизација на паричната маса. Исто така, девалвацијата не дава резултати во малите економии, кои не можат значително да влијаат врз цените на меѓународниот пазар, односно кои мораат да ги следат цените што ги определуваат најголемите конкуренти (светските лидери).

3. Во услови на инфлаторни движења во меѓународната економија не е можно да се одржуваат стабилни домашни цени и стабилен курс на националната валута. Некоја од овие две големини ќе мора да доживее промени.

### *13.6. Финансирање или приспособување на нерамнотежата во билансот на Плаќањата*

Финансирањето на салдото во билансот на плаќањата во случај на дефицит се врши по пат на ползување на девизните резерви на земјата или по пат на нови краткорочни задолжувања во странство. Методите што се применуваат за приспособување на билансот на плаќањата чие салдо на долг рок бележи дефицит се дефлација, девалвација и девизна контрола.

Девалвацијата не може да обезбеди приспособување на билансот на плаќањата при постоење на увозно-извозна нееластичност. Во ваков случај приспособувањето мора да се врши по пат на девизна контрола во комбинација со строг надворешнотрговски режим. Девизната контрола и мерките на надворешнотрговската политика можат да бидат крајно непопуларни затоа што нивната основна задача е да извршат редистрибуција на доходот. Во практиката редоследот на применетите мерки за санирање на појавата на дефицит во билансот на плаќање е обично следниот:

*Прв чекор*: Дефицитот се финансира од расположливите девизни резерви на земјата

*Втор чекор:* Доколку се покаже дека може да дојде до сериозно намалување на обемот на девизните резерви, а се уште постои дефицит во билансот на плаќањата, натамошното финансирање на дефицитот продолжува со т.н. девизни резерви од втора линија, односно средствата што можат да се влечат од Меѓународниот монетарен фонд врз основа на уплатената квота.

*Трет чекор*: Ако искористувањето на девизните резерви од прва и од втора линија се покаже како недоволно за надминување на неповолните состојби во билансот на плаќањата, станува извесно дека станува збор за посериозни нарушувања во националната економија. Со цел да дојде до порамнување на постоечкиот дефицит, се објавува девалвација на националната валута.

*Четврти чекор:* Тогаш кога и девалвацијата не може да ги обезбеди саканите резултати, земјата прибегнува кон примена на мерки на девизна контрола.

[57] http://ekonomski.wordpress.com

**Користена литература**


1. "A Fair Globalization, Creating Opportunities for all" WORLD COMMISSION ON THE SOCIAL DIMENSION OF GLOBALIZATION Washington DC, 2007
2. Abdul Razak Baginda, Peter Schier "Terorism & Sustainable Development" Malaysian Strategic Research Centre, 2005
3. **"**Advanced International Trade Theory and Evidence**"** Robert C. Feenstra University of California, 2004
4. Aimé Césaire, Joan Pinkham, Robin D.G. Kelley "Discourse on Colonialism" New York, 2002
5. Amin S. , "Odbrana od mondijalizacija" , Pariz, 1998
6. Angus Maddison, "The World Economy: A Millennial Perspective**",** OECD Development Centre, Washington, DC, 2007
7. Ankie Hoogvelt, **"**Globalization and the Postcolonial World: The New Political Economy of Development **",**London, 2006
8. AnnaLee Saxenian **,"**The New Argonauts: Regional Advantage in a GlobalEconomy**",** Harvard University Press, 2006
9. Arghiri E. , "Nejednaka Razmena" , Komunist, Beograd, 1974
10. Атали Ж., "Хоризонтите на утрешнината" , Мисла, Скопје,1993
11. Атанасоски С., "Политичка економија на светскиот поредок", Економски факултет- Прилеп, 2002
12. Атанасоски С., Т.Тодоров, " Анатомоија на светскиот поредок", Економски факултет- Прилеп, 2002
13. Војновиќ М.: "Американски капитализам" , НИО Пословна политика, Београд, 1984
14. Biljana Sekulovska –Gaber, "Problems and perspectivesof the Open Regionalism in South –Estern Europe", 2004
15. Blagoevic O., I Sekulovi M., "Ekonomske doktrine", Privredni pregled, Beograd, 1990
16. Bono, Jeffrey Sachs "End Of Poverty", Whitcoulls New Zealand, 2002
17. Brown Kane, "The globalization of World Politics", Oxford University Press, 2000
18. Brian McDonald, "The World Trading System The Uruguay Round and Beyond", New York, 2002
19. Branko Ceric, " Teorija i politika privrednog razvoja", Beograd, 1998
20. Bhagwati Jagdish, "The International Economik Order", Massachutes-London, 2002
21. Bhagirath Lal Das, Bhagirath Lal Das, "The Current Negotiations in the Wto: Options, Opportunities and Risks for Developing Countries", 2006
22. Bernard Hoekman, Will Martin, "Developing Countries and the WTO: A Pro-Active Agenda ", Columbia University press, 2005
23. Butani D. H.,"The economy story of Modern Indija", New Delhi, 1998
24. Cox A., "The political ekonomy of Post-War Economic Growth", Universirty of Hull, U.K. 1992
25. Cox A., "The political ekonomy of marcets and trade", Cambridge, 1991
26. Constantine Michalopoulos, "Developing Countries in the WTO", 2001
27. Committee for Economic Development, "Transnational corporations and developing countries: New policies for a changing world economy" Washington, DC, 2006

28. Caf Dowlah “Backwaters of Global Prosperity: How Forces of Globalization and GATT/Wto Trade Regimes Contribute to the Marginalization of the World's Poorest Natio“, London, 2004
29. “Competitive Advantage: Creating and Sustaining Superior Performance” Michael E. Porter .Y.: Free Press, 1998
30. Dasguptha Parta, “The population problem”, The Royal Society,London, 2004
31. Douglas D. Jr. Southgate, Douglas H. Graham, and Luther G. Tweeten “The World Food Economy“, Malden, MA : Blackwell, 2006
32. Donald M. Snow, “Distant Thunder: Third World Conflict and the New International Order“, New York, 2005
33. Dimitrijevi} V. I Stojanovi} R., “Me|unarodni odnosi”, Beograd, 1996
34. Dawid N. Weil, “Economic Growth”, Boston, Brown University, 2004
35. David. L. McKee,Don E. Garner “International Economy and Third World Development”, London, 2006
36. Douglas Kincaid “Comparative National Development: Society and Economy in the New Global Order“ London and New York, 2006
37. Douglas Kincaid “Comparative National Development: Society and Economy in the New Global Order“ University of North Carolina Press, 2007
38. Еммануел А.: “Нееднака размена”, Београд, 1975
39. Ekonomides, Spiros and Piter Wilson, “The Economic factor ofInternational Relations”, Breif Introduction, Washington DC, 2001
40. Fon Hajek F., “Put I ropstvo” , Novi Sad, 1997
41. Felix Moses Edoho “Globalization and the New World Order: Promises, Problems, and Prospects for Africa in the Twenty-First Century“, Population council NY, 2006
42. F. Bjulens, “Globalization and the Nation State” Edward Elgar, UK, 2004
43. Gerald K. Helleiner, “New Global Economy and the Developing Countries-Essays in International Economics and Development”, Routledge, UK, 1995
44. Hurrel, Andrew “Regionalisam in Theoretical Perspective” in Regionalism in World Politics: Regional Organization And International Order, by Louise Fawceet and Andrew Hurrel, Oxford University Press, 1995
45. Hertel T.: “Global trade analysis”, Cambridge UK, 1997
46. Hantington S.: “Sudar na civilizaciite” , Foreign Affoirs, 1993
47. Galbrajt J.K., “Nova industriska dr`ava”, Stvarnost, Zagreb, 1966
48. Galbraith J.K., “Anatomija na mo}ta”, Kultura, Skopje, 1995
49. Giovanni Anania, “Agricultural Policy Reform And The Wto: Where Are We Heading?“, New York, 2005
50. Gilpin R., “The political ekonomy of international relations”, Princeton University Press New Jersey, 2001
51. Gill S. , Law D., “The global political ekonomy” , Univerzity press, Baltimor, 2006
52. Gerrit Faber, “Developing Countries And The Doha Development Agenda Of The WTO“, 2006
53. Gerald K. Helleiner, “The International Monetary and Financial System: Developing-Country Perspectives “, Toronto Canada, 2005
54. Gerald Epstein, Jessica G. Nembhard, Julie Graham, “Creating a New World Economy: Forces of Change and Plans for Action“, London, 2007
55. Giulio Queruni, “Ekonomski razvitak i nerazvijenost”, Stvarnost, Zagreb 2001
56. Globalisation and the Nation – State. Frans Buelens Belgium, 1999
57. J. M. Albala-Bertrand “ **s**Political Economy of Large Natural Disasters: With Special Reference to Developing Countries “, Oxford University Press, USA, 2007
58. Jay .R. Mandle, “Globalization and the poor”, New York, 2003
59. James R Markusen, “ International Trade: Theory and Evidence “, University of Colorado Boulder, 2002
60. Jagdish Bhagwati “Lectures on International Trade”, Columbia University, 2005
61. Jim Phillips, “Global Informatic Society “, New York, 2004

62. Jovanovic Miroslav *International Economic Integration ,* London & New York, 2000
63. Jones. B.”World Bank Financing of Education: Lending, Learning and Development“, University of North Carolina Press, 2007
64. John Martinussen “ Transnational Corporations in a Developing Country” Copenhagen Area, Denmark, 2000
65. Jean-Paul Sartr, Azzedine Haddour New, “ Colonialism and Neocolonialism “ York & London, 2003
66. Kelley. A.,Williamson, J., “ Population Growth, Industrial Revolutions, and the Urban Transition”, *Population and Development Review,* Harvard Institute of Economic Research,1997
67. Krugman P., “International economics”, New York, 2003
68. Krugman P.: “Development, Geographu and Economic Theory”, MIT, Press, New York, 1996
69. Levinson C., “Capital, Inflacija I multinacionalne kompanije”, BIGZ, Beograd, 1974
70. Lutz, Wolfgang; Scherbov, Sergei; Sanderson, Warren C. *World Population Growth in the 21st Century: New Challenges for Human Capital Formation and Sustainable Development i nstitute for Applied Systems Analysis*, Laxenburg, Austria.
71. Martin Richardson, “Globalisation and international trade liberalisation. Continuity and Change”, University of Otago New Zeland, 2000
72. Малески Д.: “Меѓународна политика”, Скопје, 2000
73. Malcolm Waters, Globalization, Routledge, London, New York,1995
74. Macartan Humphreys, Jeffrey D. Sachs, and Joseph E. Stiglitz, “Escaping the Resource Curse“, Columbia University press, 2007
75. Michel Chossudovsky, “The Globalization of Poverty “Ottawa, Canada, 2007
76. Merlinda Ingco “Agriculture, Trade, and the Wto: Creating a Trading Environment for Development “Washington, DC, 2002
77. Maurice Levi “International Finance “, Manchester, UK, 2005
78. Masahisa Fujita “The Spatial Economy: Cities, Regions, and International Trade”, Kyoto, 2004
79. Marito Garcia, Alan Pence, and Judith L. Evans, “Africa's Future, Africa's Challenge: Early Childhood Care and Development in Sub-Saharan Africa“, 2007
80. Manochehr Dorraj, “The Changing Political Economy of the Third World**“** Boulder, CO, 2005
81. Nelson Mark, “International Macroeconomics and Finance”, University of Notre Dame Indiana, 2001
82. Ngaire Woods “The Globalizers: The IMF, the World Bank, and Their Borrowers“ Ithaca, NY: Cornell University Press, 2007
83. “Open Doors: Foreign Participation in Financial Systems in Developing Countries” by World Bank Group, International Monetary Fund, Brookings Institution, and Robert E. Litan . Washington DC, 2006
84. P. Dicken Global Shift, “The Internalization of Economic Activity” University of Warwick UK, 2003
85. P. Menon, “Global dialogue: The new international economic order“ New York, MIT, 2006
86. Paul Krugman,”Rethinking International Trade“,MIT, New York, 2003
87. Patrick Bond “Against Global Apartheid: South Africa Meets the World Bank, IMF and International Finance“ University of Cape Town Press, 2006
88. Paloni “IMF, World Bank and Development“ Routledge,2006
89. Peter Burnell, Vicky Randall, “Politics in the Developing World” Oxford University Press, 2005
90. Peter B. Kenen, Francesco Papadia, Fabrizio Saccomanni, “The International Monetary System”, Princeton University New Jersey, 2005

91. Perkins H. Dwight and Roamer Michael: Reforming Economic Systems in Developing Countries. Harvard Institute for International Development 2001
92. Perkins H. Dwight and Roamer Michael: Reforming Economic Systems In Developing Countries, Harvard University,1998
93. Петрески.Г, "Економски Раст и Развој-теории, модели, меѓународни искуства", Скопје, 2002
94. "Poverty and the Environment: Understanding Linkages at the Household Level" World Bank Group, 2007
95. Porter M.: "The Competitive Advantage of Nations", Free Press, New York, 1990
96. Predrag Jovanovic Gavrilovic " Megunarodno poslovno finansiranje", Beograd,1996.
97. Radoman Bozovic" Akumulacija privredni razvoj " ,EF- Beograd,1995
98. Ray Kiely, "The New Political Economy Of Development: Globalization, Imperialism, Hegemony", Houndsmills and New York, 2007
99. Robert Hsu "China Fireworks: How to Make Dramatic Wealth from the Fastest-Growing Economy in the World" (2008), Oxford University Press.
100. Robert O. Keohane "After Hegemony: Cooperation and Discord in the World Political Economy" (2005) Princeton, New Jersey.
101. Ronald Findlay and Kevin H. O'Rourke "Power and Plenty, " Trade, War, and the World Economy in the Second Millennium" Dublin, 2007.
102. Роческа С., "Светска регионализација", Економски факултет-Прилеп, 1995
103. Роческа С., "Меѓународна трговија", Економски факултет-Прилеп , 2002
104. Roy Crum, Eugene F. Brigham, and Joel F. Houston "Fundamentals of International Finance " (2004) South-Western Pub UK
105. Ruud Buitelaar, Pitou Van Dijck "*Latin America's New Insertion in the World Economy: Towards Systemic Competitiveness in Small Economies*", Chung Yuan Cristian University, 2006
106. Singh Tarlok, "India`s Development Ehperience", New York,1997
107. Svetli~i} M.: "Zlatne niti transnacionalnih preduze}a", Ekonomika, Beograd, 1986
108. Samjuelson P., Nordhaus W.: "Ekonomija " (Prevod) XIV izdanie, Zagreb, 1992
109. Schott, Jefrey *Launching New Global Trade Talks : An Acton Agenda.* Institute for International Economics , Washington DC, 2002
110. Singer H. Hatti and R. Tandon "Economic Theory and New World Order" Ashish,India, 2005
111. Sharan V.: "International economic Order and Less Developed Countries", Cambridge, 1987
112. Soniya Carvalho, "Engaging with Fragile States: An Ieg Review of World Bank Support to Low-Income Countries Under Stress", 2007
113. Stiglitz, J. E., "*Public policy for a knowledge economy"* , London: Center for Economic Policy Research, 2004
114. Swesy P.: "Teorija kapitalistickog razvoja", Naprijed, Zagreb, 1995
115. Tara Bedi, Aline Coudouel, Marcus Cox "Beyond the Numbers: Understanding the Institutions for Monitoring Poverty Reduction Strategies" 2006
116. Thomas G. Weiss, "The United Nations and Changing World Politics: Fifth Edition ", New York, 2006
117. Тодоров Т., "Наш поредок" , Просветно дело, Скопје, 1998
118. Тодоров Т., "Нов поредок" , Мегатренд, Скопје, Економски факултет прилеп, Скопје, 1993
119. Tony Killick "The Adaptive Economy: Adjustment Policies in Small, Low-Income Countries" Washington 2005
120. Transformation of Latin America, Economic Development Edited, Federiko Foders, University of Colgne, Germany, 2000
121. ^omski N., "Svetski poredak, stari i novi", Beograd, 1996
122. W. Rostow "The Stages of Economic Growth" Oxford, UK,1991

123. Walden F. Bello “Deglobalization: Ideas for a New World Economy“ Palgrave Macmillan, 2005
124. Wallerstein I., “Suvremeni svetski sistem” , CEKADE, Zagreb, 1986
125. Wallerstein I., “Historical capitalism”, NLB, London,1983
126. Wallerstein , I. *World-Systems Analysis: An Introduction*. Durham, North Carolina: Duke University, 2004
127. Winters Alan,”The Regionalism and the Next Round”, Institute for International Economics, Washington, DC., (1998)
128. Узунов Н.: “Современи економски системи” , Култура, Скопје,2002
129. Ulrich Beck, “Power in the Global Age: A New Global Political Economy“, 2006
130. Yasheng Huang “Foreign Direct Investment During the Reform Era”, Sloan School of Management, Massachusetts Institute of Technology, 2006
131. World Bank, “Poverty”, World Development Report, Washington, DC: Oxford University Press for the World Bank, 1990;
132. UNCTAD, ”UNCTAD Handbook of Statistics”, New York, 2000
133. UNCTAD, “Developing Countries in International Trade 2012: Trade and Development Index”,2012
134. World Bank, “ World development report”, 2000
135. World Bank, “Workers in an Integrating World”, World Development Report, Washington, DC: Oxford University Press for the World Bank.2012
136. World Bank, “Poverty”, World Development Report, Washington, DC: Oxford University Press for the World Bank, 1990
137. Rama and Martin Ravallion, “Labor Market Regulation and Inequality: a Crosscountry Analysis”, work in progress, Washington, DC: The World Bank,2011
138. “Openness and Wage Inequality in Developing Countries: The Latin American Challenge to East Asian Conventional Wisdom”, World Bank Economic Review,2012
139. UNCTAD, “Developing Countries in International Trade 2007: Trade and Development Index”,2012
140. UNCTAD, ”UNCTAD Handbook of Statistics”, New York, 2010
141. P. Willen, I. Hendel and J. I Shapiro, “ Educational opportunity and income inequality”, NBER Working paper series 10879, 2012
142. Robertson, “Trade Liberalization and Wage Inequality: Lessons from the Mexican Experience,” World Economy 23, 2010
143. Willen, I. Hendel and J. I Shapiro, “ Educational opportunity and income inequality”, NBER Working paper series 10879, 2012
144. R. Feenstra and G. Hanson, “Foreign Investment, outsourcing and relative wages”, MIT Press, Cambridge,1996, str. 89-127
145. UNCTAD, “ Trade liberalization and economic reform in developing structural change or de-industrialization?, 2012
146. Terutomo Ozawa, “ The Rise of Asia: The "Flying-Geese" Theory of Tandem Growth and Regional Agglomeration (New Horizons in International Business) “,Edward Elgar Pub, 2009
147. Weltwiri-Schaftlishest Archiv “A Theory of Unbalanced Growth in the World Economy” , Hamburg 2010;
148. UNCTAD. “Handbook of International Trade and Development Statistics”, New York, 2011
149. UNCTAD, “Morld Investment Report: Transnational Corporations and the Internationalization of R&D”, New York, 2010
150. W.W. Rostow, “ Stages of economic growth “, New York: Cambridge Univerity Press,2013
151. UNCTAD, “Morld Investment Report: Transnational Corporations and the Internationalization of R&D”, New York,2012
152. World Bank national accounts data, and OECD National Accounts data files

**Интернет страници:**


www.worldbank.org/economicpolicy/globalization/

www.globalization.com

www.globalpolicy.org/globaliz/

www.heritage.org/Research/Features/agenda_millenium.cfm

www.wto.org

www.imf.org

www.inwent.org/internet/ueber_inwent/bereiche/6/index.en.shtml

www.iif.com

biz.yahoo.com/ifc

www.globalpolicy.org/socecon/tncs

www.intracen.org

www.nber.org/boockstock/regionalizationtoc.html

www.worldbank.org/research/growth

www.unctad.org